# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Педесет и четвртата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 25 март
2004 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја отворам Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, посветена на пратеничките прашања.

Пратениците Славица Грковска, Хисни Шаќири, Нелко Стојаноски, Зоран Шапуриќ, Трифун Косовски, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Љупчо Балковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Ќедев, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети и Тито Петковски, ме известија дека од опрвдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народна банка на Република Македонија и Јавниот правобранител на Република Македонија.

Јас не гледам некое големо присуство од страна на Владата.

Дозволете од оној формален дел да прочитам кои пратенички прашања се одговорени писмено, па после кога ќе дојде до одговарање, ќе видиме како стои состојбата со присуството на Владата.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците: Силвана Бонева, Љубисав Иванов-Ѕинго, Жарко Караџоски, Петар Апостолов, Спиро Мавровски, Никола Апостоловски, Илија Србиновски и Коце Трајановски.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Илија Србиновски, Цветанка Гашовска, Марија Којзеклиска, Замир Дика, Зоран Шапуриќ, Весна Борозан, Блаже Стојановски, Благоја Гешовски, Зиди Џелили и Спиро Мавровски.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Владо Паунков, Славица Грковска, Ѓорѓе

Паљошковски, Владо Илиевски, Зоран Шапуриќ, Соња Лепиткова, Зоран Томиќ, Силвана Бонева, Зиди Џелили, Исмет Рамадани, Цветанка Гашоска, Џевдет Насуфи и Зоран Шапуриќ.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Емилија Костадинова, Славица Грковска, Коце Трајановски, Ѓорѓе Паљошковски, Иван Анастасовски, Цветанка Гашовсака, Љубисав Иванов - Ѕинго, Драго Шајноски, Џезаир Шаќири и Замир Дика.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Цветанка Гашовска, Љубисав Иванов-Ѕинго и Славица Станковска.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Абдулаќим Адеми, Цветле Јаневска, Спиро Мавровски и Зоран Шапуриќ.

Министерот за здравство достави одговори на пратениките прашања поставени од пратениците Исмет Рамадани и Јордан Михјаловски.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Цветанка Гашовска и Зоран Шапуриќ.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Цветанка Гашовска, Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Министерот за одбрана достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Спиро Мавровски.

Министерот за труд и социална политика достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Весна Борозан и Јусуф Арифи.

Министерот за локална самоуправа достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Замир Дика.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Назми Беќири и Спиро Мавровски.

Министерот за внатрешни работи достави одговор од доверлив карактер на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Жарко Караџоски.

Бидејќи веќе поминавме на одговорите, министерот за внатрешни работи не е тука ќе го почекаме.

(Реакција од пратеници поради неприсуство на членови на Владата).

Имаме. Министерот за финансии е тука, заменик министерот за одбрана и министерот за екологија.

Повелете господине Караџоски, баравте збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, мислам да не седиме вака без врска да ја почекаме Владата ако треба дајте пауза од 10-15 минути бидејќи навистина неможеме да работиме. А и согласно на тоа што се почнува во 10.00 часот, треба да се почитува времето. Да не седиме вака и да изгледаме пред граѓаните како несериозни, дајте пауза барем 10-15 минути нека се соберат претставниците на Владата па да почнеме да работиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вака да се договориме. Јас ќе поминам..

( Претставници на Владата влегуваат во салата).

Еве, сега е присутна повеќе од половина од Владата, има кој да одговара во име на Владата, тука е потпретседателот на Владата и затоа ќе поминеме на прашањата што се однесуваа директно до Владата на Република Македонија.

Го молам пратеникот Никола Апостоловски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

На првото прашање за вложување на 20 милиони евра, сум задоволен и благодарам на Владата за исцрпните податоци што ми беа доставени.

Што се однесува до второто прашање за доделување на станови во фамозната таканаречене функционерска зграда, навистина благодарам на Владата за исцрпните податоци во одговорот.

Но, од одговорот сум делумно задоволен од причини што ако се изврши делумен увид во доставените прегледи може да се заклучи дека се злоупотребени повеќе од 3.673 метри квадратни станбена површина, сопственост на граѓаните на Република Македонија, поделена по просечна цена од 750 до 850 евра во централното подрачје на градот Скопје. Тој криминал од три милиони евра е направен во периодот од 25.09. до 01.10.2002 година од страна на најнародната, најнационалната влада и партија ВМРО-ДПМНЕ, веднаш по поразот на парламентарните избори. Најверојатно се воделе од народната поговорка "земи се што животот ти дава иако не те следува".

Очигледно дека при доделувањето на овие станови не важеле никакви критериуми, како што се број на членови на семејство, функција, место на живеење,

висина на плата и други приходи, големина на станот што се издава и тн. Ќе наведам некои примери како се крчмел државниот имот по критериумите на ВМРО-ДПМНЕ или, подобро кажано, ќе наведам некои несекојдневни примери, како се доделувани станови што се сопственост на граѓаните без постоење на никакви критериуми.

Ако се земе на пример..

(Негодување од страна на поедини пратеници).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има право на три минути.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Десет минути имам право.

(Негодување од поедини пратеници)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали имате дополнително прашање?

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Да, да, само сакам да образложам и да го формулирам дополнителното прашање господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути имате право.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам. Ќе се држам до времето.

Ако се земе критериумот “членови на семејствата”, по овој критериум станови со иста површина од 90 метри квадратни добиле лица со повеќе членови на семејството како што е на пример колегата Слободан Даневски, но и лица како колегата Ѓорѓи Трендафилов и Валентина Тодоровска, поранешен заменик правобранител кои се самци. Или, ако се земе критериумот “функција” стан добиле 8 бивши пратеници, 3 сегашни пратеници, 2 министри, 5 заменици министри, 6 судии во Апелациониот суд, Врховниот суд, Републичкиот судски совет...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, завршија вашите три минути.

(Реакција од пратениците, а пратеникот Слободан Даневски  бара реплика бидејќи бил спомнат).

Не. Прочитајте го членот 37, на дополнителното прашање имате 3 минути.

Бидејќи нема дополнително прашање задоволни сте од одговорот.

Одиме понатаму.

Ја молам пратеничката Силавана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнителни прашања?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Пртертседателе, јас не знам за кој одговор, бидејќи имав многу прашања поставени, и од претходната седница кога не се одржа и од оваа сега, за кое прашање конкретно се работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тие што сте ги добиле. Дали сте задоволни од тие одговори?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Од сите? Да почнам по ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почнете од сите бидејќи сте ги добиле. Тие што сте ги добиле до сега.

Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Беше поставено прашање за хаваријата што се случи, а можеше да биде уште пострашна на Браната Маркова Река и бидејќи помина многу време од тогаш Владата има дадено одговор што е направено до моментот кога беше поставено пратеничкото прашање.

Јас би ги замолила претставниците на Владата да кажат до денеска што е направено, колку од браната е изградено и дали конечно е завршена браната на Маркова Река? Тоа е за едно од прашањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е дополнително прашање до Владата.

Ве молам прво да одговориме на дополнителното прашање.

Има збор министерот за труд и социјална политика и потпретседател на Владата господинот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Писмен одговор ќе добие пратеничката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор.

На наредното прашање?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Друго прашање имав поставено уште на 28.07.2003 година. Им благодарам на претставниците на Владата што после речиси цела година ме удостоија со одговор. Прашањето беше за изградба на училиштето во село Моноспитово, дали децата од ова село ќе можат да ја започнат новата учебна година, тогаш, во нормални услови.

Ја молам Владата конечно да даде одговор дали во овие денови ќе започне со изградба училиштето во село Моноспитово и кога ќе биде точно тоа?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е дополнително прашање.

Повелете господине Герамитчиоски, заменик на министерот за образование и наука.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Токму сега во овие моменти министерот замина таму на терен и ќе се сретне со претставниците на родителите од селото Моноспитово кој ќе им објасни за временските рокови и конкретните потези што Министерството ќе ги спроведе во наредниот период за реализација на проектот што беше замислен и во неколку наврати им беше ветувано на родителите дека ќе биде саниран постојниот објект.

Мислам дека треба да се почека денешниот ден за конкретно договарање на министерот Положани кој замина во селото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Дали има право на дополнително прашање?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа беше одговор на вашето дополнително прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Имам уште одговори на поставени прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева, изјаснете се во врска со третиот одговор на Вашето прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Следното прашање на кое што добив одговор се однесува статусот на објектите што ги користат работничките универзитети од Македонија. Барав одговор од Владата, бидејќи имаат огромни проблеми во врска со користење на објектите,

некои од овие работнички универзитети каков ќе биде нивниот статус. Одговорено ми е дека објектите што се доделени на користење на работничките универзитети треба да се приватизираат и дека при приватизацијата ќе се има предвид дека досегашните корисници на објектите треба да имаат предност при купување на овие објекти.

Јас би сугерирала на претставниците на Владата, пред донесување на законот за јавни установи да не се започнува со ваков процес на приватизација и со донесување на закон за образованиен на возрасни и друго образование, за да може да се утврди вистинскиот статус на овие институции, а дури потоа да се премине на приватизација. При тоа посебно треба да се води сметка за спецификите што ги имаат овие институции, за огромните лични средства, средства од самофинансирање што ги има вложено за адаптација на просториите, за изградба, доградба и тоа да се земе предвид, а не ан блок, како за сите, така и за овие институции да се донесе некоја мерка за приватизација и некој мал удел на вработените во оваа приватизација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овде немате дополнително прашање.

СИЛАВНА БОНЕВА:

Не, немам дополнително прашање.

Има уште еден одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Доставен од Владата на Република Македонија?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да, да.

Не до Владата, до Министерството за образование и наука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овде станува збор само за одговори дадени од Владата на Република Македонија. Тој одговор е од Министерството за образование и наука.

Далин имате други одговори на ваши прашања доставени до Владата на Република Македонија?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Прашањата беа прецизни, одговорите шуќмурести, меѓутоа, јас самиот се потрудив и дојдов до прави одговори и состојби, па немам дополнителни прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Иванов.

Го молам пратеникот Србиновски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање?

Дали е тука господинот Србиновски?

Не е тука.

Одиме понатаму.

Го молам пратеникот Петар Апостолов, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија  или сака да постави дополнително пршање?

Има збор пратеникот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам почитуван претседателе,

Од одговорот сум делумно задоволен. Повеќе сум задоволен од посткриптниот одговор. Сметам дека Владата, Одлуката за доделување акции на вработените во АД Македонски телекомуникации ќе ја спроведат. Затоа немам дополнително прашање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Жарко Караџоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Одговорот се должеше на претпријатијата “11 Октомври” “Евро Композит” АД Прилеп, Владата одговори најчесто кој е таму директор, дали е тоа во рамките со

законот, а многу малку тоа што е суштинско прашање, а тоа е која е перспективата на тоа претпријатие, со оглед што е 100% државен капитал.

Во одговорот прочитав една бројка дека Владата веќе обезбедила некој асортиман на производи во износ од 41.160.000 денари, значи за оваа година, меѓутоа ништо не објаснува и не кажува дали тоа и што тоа значи за претпријатието, затоа што ако земеме предвид дека таму сеуште не се исплаќаат придонеси, платите се исплаќаат преку разни сметки за да се избегнат овие обврски, што значи дека далеку е од добра состојбата во тоа претпријатие. Не случајно го поставив прашањето Владата да одговори затоа и писмен одговор побарав, малку подетално и поопширно во смисла на тоа има ли програма, што планира и тн. во делот на развојот на тоа претпријатие. Меѓутоа, дадена е само една бројка што е накаков асортиман. Бројка, како бројка не значи ништо.

Тоа би било моето дополнително прашање, има ли расположение кај Владата во овој момент да каже нешто поконкретно, нешто подетално во смисла на тоа што планира, какви се тие планови, што ќе значи тоа за самото претпријатие.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На дополнителното прашање?

Вклучете го господинот Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Да, на дополнителното прашање пратеникот ќе добие дополнителен писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас не знам, бидејќи имаше повеќе поставени прашања до Владата на Република Македонија, две прашања беа поставени сега на маса и сега ги гледам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам дека тоа го расчистивме, сите одговори што се добиени писмено, вие одете едно по едно и изјаснувајте се, само до Владата на Република Македонија, а не до министерот, бидејќи подоцна ќе дојдеме и до Министерствата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ова се прашања до Владата на Република Македонија, чии одговори ги добив сега во моментов. Одговорите беа оставени утринава. Не би сакал сега да се изјаснам во моментов, бидејќи се уште ги немам прочитано одговорите од Владата на Република Македонија, за да можам да кажам дали сум задоволен или не сум. А, кажувавме дека барем најмалку една недела порано да ги доставуваат, како што ги поставуваме прашањата, така да се спремиме и да одговориме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе поминеме на следните, вие прочитајте ги, па ќе се вратиме на тие одговори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Владата на Република Македонија има доставено одговор на прашање на господинот Спиро Мавровски, кој во собраниската архива е заведен на 25 февруари, значи точно пред еден месец и е доставен во врска со увозот на јужно овошје. И, еве го прашањето од Владата на Република Македонија е навреме доставен, јас ќе го одговорам во име на Владата на Република Македонија и ако господинот Спиро Мавровски има дополнителен одговор, тоа можеме сега да го одговориме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Станува збор за некои прашања од Владата на Република Македонија кои што се доставени вчера или денеска и сега им се поделени на масата. Ако сака по тоа пратеничко прашање да се изјасни господинот Мавровски нека се изјасни, а ако го заборавил, тогаш поминуваме на другите прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има доставено одговори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Знаеме и ние дека има доставено одговори.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, јас кажав дека имам доставено 4 или 5 прашања. Затоа, сега да кажеме прашање по прашање или после тоа сите 4 прашања како што се овие двете беа денеска доставени. Ова што го кажувате е во ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, кажете на тие што ви беа доставени на време и сте ги прочитале.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прашањето беше доставено, а со одговорот воопшто не сум задоволен, затоа што и денеска, еве веќе доаѓа април, прашањето беше точно за јаболката и Преспа.

Едноставено, Владата на Република Македонија со ова што ми го доставува дека целата одговорност на префрла токму врз овоштарите и врз господата од Преспа дека едноставно не биле спремни да се прилагодат на пазараната економија во Република Македонија, која што ја спроведува Министерството за економија и да може да ги продадат своите јаболка.

Инаку, она што беше кажано во она што господинот министер ми го достави мене како одговор или одговор од Влада, каде што е потпишан господинот Бранко Црвенковски, во истата стои дека процентот на зголемување на увозот на јужното овошје е некој минимален и најповеќе се зголемени односно е зголемен увозот на банани. Но, во секој случај одговорноста се префрла врз производителите на јаболка, кои не нашле начин и не нашле пазар да можат да ги пласираат овие јаболка и затоа што во Преспа сите јаболка останаа и повеќе не можат да се искористат ни за овошен сок. А, цената која успеа Владата на Република Македонија да ја постигне оваа година, со тоа што не дозволи увоз и извоз, увоз на јужно овошје, а од друга страна не го дозволи извозот на оние јаболка и не им овозможи на производителите да го направат тоа, најдобро ќе го кажат граѓаните на Преспа, кои останаа со нивните јаболка по визбите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дополнително прашање немате?

За другите прашања прочитајте ги, па ќе се навратиме на нив.

Го молам пратеникот Коце Трајановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Го немам одговорот, ќе го оставам за следната седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овде имам евиденција дека ви е доставен на 4.03.2004 година, но бидејќи го немате, не знам дали ќе биде на следната седница, а тоа е веќе одлука на претседателот.

Сега ќе се вратиме на прашањата кои што се до Министерството за внатрешни работи, бидејќи министерот е тука.

Министерот за внатрешни работи достави одговор од доверлив карактер на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Жарко караџоски. Бидејќи,

одговорот на министерот за внатрешни работи на прашањето поставен од пратеникот Жарко Караџоски содржи податоци од доверлив карактер, го молам пратеникот Жарко Караџоски, доколку сака да постави дополнително прашање, тоа да го стори без изнесување на податоците од доверлив карактер. Доколку при поставувањето на дополнителното прашање пратеникот има намера да изнесе податоци од доверлив карактер, претходно Собранието треба да одлучи без присуство на јавноста. Согласно Уставот на Република Македонија за исклучување на јавноста, Собранието на Република Македонија одлучува без претрес со двотретинско мнозинство на гласови по предлог на претседателот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или најмалку 20 пратеници. Значи, овој дел ни е познат на сите.

Го молам министерот за внатрешни работи ова да го има предвид при давањето на одговорот на дополнителното прашање. А, истовремено го молам пратеникот Жарко Караџоски да се произнесе од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, немам потреба од комплицирање на работите. Задоволен сум од одговорот и согласно тоа не поставувам дополнително прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Назми Бекири да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Бекири не е тука.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Прво, би го запрашал господинот министер дали стои зад ваквиот одговор и дали евентуално нема некои технички грешки во одговорот. Ако е се како што треба, само ако е ова неговиот одговор, тогаш би го запрашал неколку работи. Во однос на прашањата, едно е прашањето, но должи повеќе одговори.

Прашањето се однесува на оние пензионери, кои добиле право на Уставен суд да може да се изврши исплата на заостанатите 48,3% прогресивно сметано од 1994 година до 1999 година.

Јас прашував зошто и покрај тоа што е тоа одлука на Уставниот суд, Министерството заедно со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии, тоа се уште не го завршило. Господинот министер во неговиот одговор кажува дека Министерството нема индолентен однос, туку напротив, постојано во рамките на своите ингеренции прави напори на овој план, со оглед дека се работи за поранешни припадници на ова Министерство, а уште повеќе поради улогата што ја има Министерството во поглед на спроведување и почитувањето на законитости и заложбите на функционирањето на парвната држава. Но, од друга страна кажувате деа Министерството за труд и социјална политика последен пат го актуелизираше ова прашање со доставување на информација до Владата на Република Македонија на 4.03.2002 година. Во смисла на тоа што вие тогаш не бевте министер, при што Информацијата беше доставена за мислење до Министерството за внатрешни работи. Министерството за внатрешни работи со акт број 16/1 12381 од 28.03.2002 година ја поддржа Информацијата и предложи на Владата на Република Македонија да ја разгледа и да ја усвои. И, ако тоа не се случи, а по тоа ќе се преговара во Меѓународниот монетарен фонд и ако тука не се најдат средства и доколку не се постигне согласност, ова Министерство да изнајде соодветни модалитети за реализација на оваа исплата во рамките на Буџетот.

Господине министер, вие сте министер во оваа Влада 18 месеци. Вие во вашиот одговор ми давате информација дека толку сте се ангажирале, што дури и 2002 година сте го направиле последен пат ова и сега затоа ве прашувам дали проблемот е во овие датуми, или точно е вашиот одговор сега што го давате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате дополнителни прашања? (Нема)

Повелете, министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Одговорот што му го дадовме на пратеникот Спиро Мавровски е од доменот на Министерството за внатрешни работи и токму датумите кои што тој ги посочи во овој одговор, покажуваат пак колку Владата на Република Македонија што тој ја спомнува дека јас не бев министер и сигурно не бев министер во 2002 година, ниту

во финансии, ниту во внатрешни работи, беше со министер со Владата на СДСМ. Тогаш беа министри од Владата на ВМРО-ДПМНЕ и исто не извршија никаква исплата на средствата на пензионираните работници од Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, бидејќи прашањето беше само до Министерството за внатрешни работи, ова е од Министерството за внатрешни работи што одговоривме на поставеното прашање од господинот Спиро Мавровски. Меѓутоа, фактот е и следниот дека во Министерството за финансии, меѓу време, би сакал да му ги кажам и податоците за тоа дека ова веќе се исплаќа и дека Министерството за финансии тоа го спроведува. Целокупниот износ на средства, според оваа пресметка, за усогласување на пензиите изнесува околу 1 милијарда и 200 милиони денари за 3.453 корисници. Износот се исплаќа во 72 месечни рати и исплатата е отпочната од мај 2003 година. Според тоа, тој е месецот и податокот што на господинот Мавровски му фали, за да види дека од оваа Влада таа одлука на Врховниот суд се спроведува, додека токму напротив претходната Влада и претходните Министерства не ги спроведуваа. Досега се исплатени 11 рати од овој вкупен износ и средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за оваа година и ќе се обезбедуваат за наредните години, како што е динамиката за исплаќање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Немате право господине Мавровски и тука завршуваме. По Деловникот немате право. Ве молам господине Мавровски, поставете уште еднаш пратеничко прашање писмено. Господине Мавровски ќе дојдете на ред усмено да го поставите тоа прашање и ќе дојдете на ред и ќе се пријавите во вториот дел.

Го молам пратеникот Илија Србиновски.

Дали е Србиновски присутен тука? (Не е присутен)

Ја молам пратеничката Цветанка Гашовска дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеничкат Цветанка Гашовска.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Благодарам, немам дополнително прашање, бидејќи сум комплетно задоволна од одговорот во делот што се однесува од неговиот ресор и за дадените насоки каде да се бараат дополнителните одговори на прашањето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничката Марија Којзеклиска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе.

Јас ќе поставам дополнително прашање до министерот за финансии. Ме интересира до каде е постапката по 2.241 жалба поднесени до Комисијата за одлучување во управна постапка во втор степен по барањето за денационализацијата, затоа што во самиот одговор стоеше таа бројка, па ме интересира до каде е постапката. Истовремено, ме интересира бројот на досега решените предмети, дали може министерот за финансии да ги класифицира според содржината односно видот на одлуката која е донесена во решението.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе одлучи министерот ако сака да даде одговор на ова дополнително прашање, мислам усмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Во овој случај сега доаѓа до видоизменето друго прашање поставено од госпоѓата Марија Којзеклиска, затоа што од одговорот што е доставен од Министерството за финансии сега се бараат дополнителни податоци и тие податоци повторно ќе ги доставиме писмено, бидејќи напамет со бројки, видови, тоа што бара почитуваната пратеничка е невозможно да се знаат.

Што се однесува до дополнителното подпрашање во врска со тоа до каде е постапката за жалбите на второстепена постапка поднесени до Владата на Република Македонија, тоа се од прилика 2.241 во моментот кога било одговорено, а тоа е 9 февруари. Меѓувреме, можеби е нешто сменето, Министерството за финансии не е надлежно, ниту ова Министерство може да соопштува, затоа што целата смисла на второстепена постапка е по одлуките на Министерството за финансии, да има право на жалба до друг орган. Тој орган не е во надлежност, ниту под контрола на Министерството за финансии.

Меѓутоа, она што е битно е дека бројот на луѓето кои добиваат одлуки во процесот на денационализацијата од Министерството за финансии, голем дел од нив изразуваат незадоволство или за висината или за постапката и одат на

второстепена. Тука, со оглед дека има 13 комисии во Министерството, а само една второстепена, доаѓа до запирање на брзината на процесот, меѓутоа, тоа не е ништо што е во надлежност на Министерството за финансии.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ? (Не е присутен)

Ве молам, поставете пратеничко прашање писмено врз основа на одговорот, така е процедурата и така е во Деловникот.

Господинот Шапуриќ не е тука.

Го молам пратеникот Замир Дика да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнителни прашања.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам претседателе.

Делумно сум задоволен од одговорот во врска со одговорот на министерот за финансии, а разговарав и со министерот за локална самоуправа, кој рече дека ќе има една измена во одговорот на министерот за финансии во врска со тоа како ќе се влеваат парите за градежни организации, бидејќи Министерството за локална самоуправа врз основа на договорот со претседателите на општините било решено да бидат платени, а министерот вели дека тоа ќе биде преку Министерството за финансии и општината.

Доколку министерот ни каже некој збор повеќе, односно ни одговори некој збор повеќе во врска со ова, би бил задоволен.

Многу ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прво, благодарам, прашањето што е поставено од господинот Замир Дика е кратко и јасно и се потрудивме да дадеме краток и јасен одговор.

Прашањето е дали во Буџетот за 2004 година се предвидени средства за изградба на објектот во општина Дебар, за која знаеме дека беше зафатена од пожар. Одговорот е да, предвидени се.

Вториот одговор, второто прашање е колкави се тие средства, одговорот е 15 милиони денари. Со каква динамика ќе се реализираат и кога ќе се исплатат средства на жиро сметка на Општинскиот совет, тоа ќе се утврди откако ќе имаме

проект, откако ќе биде доставен преку надлежното Министерството и ние ќе ги исплаќаме средствата во динамиката, која ќе обезбедува изградбата на објектот согласно со проектот и согласно со Министерството за локална самоуправа, кое е надлежно за тоа. Што значи дека како одат работите, така ќе ги исплаќаме, меѓутоа, ако во одговорот се бара имплицитно да се каже кога ќе се исплатат средства на жиро сметка на општинскиот совет, одговорот е дека нема да се исплатат на жиро сметка на општинскиот совет, туку ќе се исплаќаат по извршување од страна на изведувачите по фактури за извршените градежни работи и во координација со Министерството за локална самоуправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ја молам пратеничката Весна Борозан да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Прашањето беше поставено од група пензионери од општина Карпош, а се однесуваше на намерите на Владата да продолжи со исплаќање на разликата од 8% и после периодот на 2005 година, кога завршува ваквата обврска.

Јас сум задоволна во одговорот во смисла дека одговорот е многу прецизно и педантно доставен, меѓутоа, за жал, самиот одговор не дава многу надеж за пензионерите дека ќе продолжат да ја добиваат својата разлика, а останува и понатаму да ги потсетуваме Владата и Министерството за финансии на пензионерите и нивните потреби.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Благоја Гешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Јас би рекол дека од Министерството за финансии добив известување дека на одговорот на моето прашање се работи и дека ќе го добијам дополнително, а тогаш кога ќе ни биде доставен одговорот ќе се произнесам дали сум задоволен или не од одговорот. Бидејќи во тоа известување стои дека само делумно моето прашање е во надлежност на Министерството за финансии, во мене се создава една дилема дали треба прашањето да го проследам дополнително до Владата на Република

Македонија или тоа ќе го стори Министерството за финансии кога ќе го комплетира одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во одговорот до господинот Гешоски е доставено тоа шо има надлежност Министерството за финансии, а ако внимателно се прочита, во последните два пасоса од одговорот ќе се види дека Министерството за финансии веќе презеде активности со кои ќе дојде до одговор и на дополнителните прашања кои не се во наша надлежност. Ние само го доставивме одговорот за да го исполниме рокот согласно Деловникот.

Меѓутоа, од сега натаму роковите не зависат од нас, се работи за субјекти кои се јавни претпријатија и други државни институции, па откако тие ќе ги достават одговорите до нас, ќе доставиме дополнителен одговор на ова пратеничко прашање.

Значи, ние ќе доставиме, не треба дополнително да се доставува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Не е тука пратеникот Блаже Стоаноски, Зиди Џелили не е тука.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Изгледа ние имаме некаков проблем, прашањата треба да бидат поставувани врз основа на одговорите на министрите. Ако министерот во одговорот кој го дава до пратениците искажува едни факти, а тука на самата седница искажува нешто друго, значи во овој одговор ги лажете пратениците, ја лажете македонската јавност, директно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, ве молам внимавајте се зборовите.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не може поинаку да се свати ако после моето прашање министерот дава сосема друг одговор, а во самиот одговор кој го имаат сите пратеници пишува апсолутно друго. Сега би го запрашал министерот за финансии, прашањето е многу јасно.

Во врска со спроведувањето на фискализацијата во Република Македонија се поставува прашањето на каков начин ќе се одвива фискализацијата кога сеуште се практикува плаќање и исплаќање на одредени структури со бонови и вредносни писма. Вие во одговорот ми кажувате како ја спроведувате фискализацијата, а за оние бонови што функционираат низ Република Македонија и овие вредносни писма со кои вработените се тераат да купуваат од одредени продавници каде им се наплатуваат 20 - 30% повеќе, вие немате никаква информација вашите извештаи што сте се потрудиле да ги доставите и добро е тоа што сте ги доставиле, за фискализацијата во Република Македонија. Но ако ги погледнеме овие податоци што сте ги испратиле, ако видиме дека Свети Николе има три пати повеќе фискални апарати кои работат, за разлика од Тетово, тогаш имаме проблем, а во однос на она што значи казни и наплата тоа не го правите.

Значи, прашањето беше директно дали до вас до сега има информација дека во Република Македонија и понатаму фнкционираат бонови и се исплаќаат плати со вредносни писма, со што се оштетуваат и граѓаните и Министерството за финансии и Буџетот на Република Македонија. Тоа беше конкретното прашање господине министре.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас само би замолил со помалку тензии и нервоза да расправаме за пратеничките прашања, затоа што тоа не води кон одговор.

Во одговорот што е доставен пишува вака: фискализирани апарати со решенија во Тетово 1046, во Свети Николе 219. Јас лично не сум задоволен од степенот на фискализацијата, меѓутоа, од оваа табела излегува дека во Тетово има пет пати повеќе отколку во Свети Николе, а не дека во Свети Николе има три пати повеќе отколку во Тетово.

Ако на таков начин разговараме со податоците, кои службено со потпис и печат сме ги дистрибуирале до пратениците и врз основа на податоците илјада на свеста се кажува овде дека двеста е три пати поголемо од илјада, апсолутно ја губам волјата да продолжиме аргументирано да расправаме за проблемот кој се поставува во пратеничкото прашање, затоа што имам впечаток дека се поставува пратеничкото прашање само за дополнително да се изнесуваат, врз основа на писмено доставени одговори, нешта што не се напишани во нив. Затоа, во таа

смисла сето губи смисла зошто би ги одговарале пратеничките прашања кои едноставно се читаат политички, а не по азбука.

Пратеничкото прашање е на каков начин ќе се одвива фискализацијата и се наведува во врска со бонови и вредносни писма. Законот не прави разлика, тој е апсолутно применлив и бара фискализација на сите видови исплата, па дури исплата и на оние кои во кеш плаќаат, и за нив е потребна фискализација, дури и ако имате пари. Од тој агол, со оглед дека законот не прави разлика, ние во одговорот го даваме редоследот и начинот на кој се спроведува фискализацијата и начинот на кој ќе се одвива фискализацијата во Република Македонија, а таа може да се одвива само врз основа на законските одредби кои се наведени во одговорот. Ние не можеме да спроведуваме поинаква фискализација од таа што е со законот утврдена. Тоа можеме да го направиме само ако го промениме законот, меѓутоа, во овој момент ние како Министерство не можеме да имплементираме нешто што не е законска одредба.

Инаку, дополнително нешто што имплицитно може да произлезе од прашањето, Министерството за финансии во овој момент ја проучува состојбата во врска со фискализацијата во Република Македонија, иако нашите проучувања на материјата и ако нашите согледувања упатат на тоа, набрзо односно во рок од неколку месеци, за да не направиме никаква грешка во чекори затоа што е многу чувствителна материјата, ќе излеземе со измени на законот за готовинските плаќања, во кој ќе ја овластиме Управата за јавни приходи со поригорозни мерки да може да се бори против оние кои не ги фискализираат своите услуги согласно законот. Тоа значи да имаме овластувања многу поригорозни од сегашните пропишувања на мандатни казни и доставување решенија до судот кои не се реализираат. Министерството за финансии преку Управата за јавни приходи има околу 12 илјади предмети до судот кои не се решени. Ако судот не го решава тоа што го доставуваме до него, ние сме блокирани понатаму тоа да го вршиме. Затоа, ќе предложиме набрзо мерки со кои Управата за јавни приходи и инспекторите на Управата за јавни приходи ќе имаат многу поголеми овластувања, да можат на лице место да преземаат мерки со кои оние кои не се фискализирани не само што ќе имаат пријави, казни и друго, туку ќе бидат спречени да ја вршат дејноста за која се регистрирани, за која се обврзани да имаат фискална каса, нешто слично што го имаат и други инспекциски служби во Македонија. Во таа ситуација сакаме да ги доведеме оние субјекти кои не се фискализирани или како што кажува пратеникот Мавровски, бонови или вредносни писма кои исто така треба да се вклучат во

целиот пакет, оние кои работат нелегално нема да можат да профитираат на сметка на државата и на сметка на оние кои имаат фискални каси, меѓутоа, цените на производите и услугите кои ги даваат се малку повисоки, затоа што овие без фискални каси не го прикажуваат данокот и врз основа на тоа можат да ги намалат цените и да бидат поконкурентни и попрофитабилни од оние кои се фискализирани. Од тие причини, ние размислуваме и Собранието ќе има закон со кој ќе бидат оневозможени воопшто да ја вршат дејноста за која се регистрирани, или ако има две самопослуги една до друга, едната фискализирана, другата не, оваа втората не плаќа даноци, врз основа на тоа има поконкурентни цени отколку фискализираната самопослуга, тогаш мерката ќе биде затворање и невозможност да врши дејност оној првиот за да може оние кои се легални на пазарот легално да можат да се натпреваруваат. Во таа насока ќе имаме преземање мерки, меѓутоа, тоа ќе биде дополнително согласно проучувањата и консултациите што ги правиме со експерти во Министерството за финансии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Владо Паунков да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Задоволен сум од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ја молам пратеничката Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Госпоѓо потпретседател, јас немам поставено прашање до министерот за образование и наука, мора да е тоа некое старо и го немам добиено одговорот во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, ќе се потсетиме за време на паузата, тоа ќе го оставиме на страна.

Ја молам пратеничката Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Моето пратеничко прашање, поставено во декември 2003 година, се однесуваше на тоа што повеќе директори и подрачни претставници, откако беа разрешени од нивната функција откако дојде новата Влада, луѓето до денес сеуште немаат добиено работни задачи, земаат плата. Моето прашање се однесуваше на тоа, кога постојано се зборува за домаќинско работење на оваа Влада, тогаш зошто се прави сосема спротивното и наместо на овие луѓе да им се обезбеди доволен фонд на часови , се примаат нови вработени за истите предмети кои тие можат да ги држат и со тоа двојно се оптоварува Буџетот на Република Македонија. За пример ги имам посочено само населените места од општина Струмица, училиштето во Водоча, Вељуса, Дабиле, Муртино.

Ме радува во одговорот, сознанието на министерот дека тој собрал сили да признае дека во образованието во Република Македонија е присутна оваа појава што ја опишав, меѓутоа, не сум задоволна од одговорот во делот каде што се кажува дека Министерството за образование и наука со направените пропусти во претходниот период, пред се примајќи наставен кадар на неопределено работно време, со полно работно време, сега му недостасуваат наставни часови, наидува на тешкотии за реализација на паралелките. Значи, виновно е претходното Министерство за образование бидејќи вработило луѓе кои сега се без часови. Меѓутоа, дали вистината е тоа, дали дуплираните работни места на пример во Кичево и Гази Баба, каде сега имаме состојба на дупли подрачни претставници надвор од систематизацијата, значи дупло трошење на буџетски пари, дали тоа е домаќинско работење. Да го земам за пример училиштето “Ацо Шопов” во Скопје каде е разрешена директорка, а примени се за исти наставни предмети нови наставници, потоа, во училиштето “Васил Главинов” исто така разрешен е директорот, тој е неангажиран, а се примаат нови луѓе. Во училиштето во Кучевиште е разрешен директорот, а примен е нов вработен само за десет ученици. Навистина ќе без задоволна ако министерот признаеше дека нема моќ да ги реши ваквите состојби поради партиската рашомонијада во образованието, а со тоа сигурно нема да бидат задоволни семејствата на наставниците кои страдаат поради ова постапување. И колку за информација, почитувани господа од Министерството, само со Струмица во основното и средното образование се примени над 20 нови наставници и помошен персонал, сите партиски припадници, а има голем дел на наставници и директори на кои сеуште не им се даваат часови.

Би сакала Министерството за образование и наука како што кажува во последната реченица од одговорот дека и во иднина ќе го поддржува и спроведува домаќинското работење на оваа Влада, значи да не биде поддршката на таков начин, да не биде домаќинското работење на ваков начин, на едни луѓе да не им се даваат часови и да седат во училиштата, а други луѓе да се примаат на нивно место и да се чека само денот кога ќе се каже дека тие се технолошки вишок и треба да си отидат од работа дома.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи немате дополнително прашање, госпоѓо Бонева.

Во меѓувреме госпоѓа Цветанка Гашоска го најде одговорот, ние проверивме дека е добиен.

Госпоѓо Гашоска, повелете.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Должам едно извинување и пред вас и пред заминикот министер за образование и наука и ќе кажам дека прашањето беше околу статусот на Хидробиолошкиот завод во Охрид. Од одговорот сум задоволна и истиот веќе го добија вработените и се задоволни, затоа што нивната институција ќе функционира како некогаш.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Владо Илиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Прашањето го поставив уште во јули минатата година со цел да се актуелизира проблемот и работите да се завршат до почетокот на учебната 2003/04 година. Меѓутоа, од добиениот одговор што го добивам скоро после една година не сум задоволен.

За жал, и во тој одговор го немам добиено одговорот што посакував да го добијам со поставувањето на прашањето. Имено, се работи за објектот на новото училиште “Кузман Јосифовски Питу” во Кичево, кој требаше да биде готов во 2003 година, а учениците новата 2003/04 гоидна да ја отпочнат во новата зграда. После овој одговор не знам дали учениците ќе ја отпочнат и наредната 2004/05 учебна година во новото училиште.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека во стариот објект каде што сега учат учениците ја обавуваат наставата нема ни минимум услови за одржување настава.

Неколку години со ред не се доделувани финансиски средства за тековно одржување со објаснување дека се гради нов објект и нема потреба од инвестирање во стариот, што дополнително ја влоши и онака нестабилната состојба на објектот. Верувајте, проблемите се толку натрупани што учениците не ќе можат да ја започнат новата 2004/05 учебна година ако новиот објект не биде завршен.

Затоа, апелирам што поитно да отпочнат работите на објектот со цел за негово завршување. Неколку пати сум повикуван од директорот на ова училиште, како и од членовите на советот на родители, каде што родителите апелираат и ја алармираат состојбата дека се загрижени за нивните деца.

Моето дополнително прашање би гласело:

Колкави финансиски средства се обезбедени за овој објект и кога работите ќе отпочнат, односно завршат. Во случај овој проблем да не почне под итно да се решава, навистина состојбата ќе стане критична.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам заменик министерот за образование г-динот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Во одговорот кој беше проследен до почитуваниот пратеник, добро стои во една реченица кои се причините, кои се проблемите на кои наиде Министерството за образование и наука да не го реализира овој наследен проект од претходната гарнитура на Министерството.

Имено, станува збор за истиот изведувач “Евронационал” Охрид, со кој Министерството за образование и наука имаше огромен број проблеми за паралелно повеќе објекти за кои на оваа Собраниска говорница веќе сме давале одговори на пратенички прашања, како што се Никола Штејн од Тетово, Зеф Љуш Марку од Скопје, итн. Значи, со тој изведувач е заклучено по анализите дека се дадени огромен број на предвремено исплатени ситуации односно авансирано се финансирал изведувачот без да одговори на ситуациите за кои требало да бидат завршени во одреден временски период.

Бидејќи сме во спор со изведувачот, бидејќи проблемот е од правна природа, и други институции и органи се вклучени во истражувањето на овој случај, принудени сме овој проект да го ставиме во мирување иако пратеникот е потполно во право, трпи јавноста во Кичево, родителите, а најповеќе децата, бидејќи објектот требаше одамна да биде завршен. Но, бидејќи навистина изведувачот досега не одговорил на задачите кои во потпишаниот договор стоеле, бевме принудени на ваква мерка.

Точната бројка колку чини овој проект, односно колку средства треба да се издвојат не можам напамет да одговорам, бидејќи станува збор за повеќе проекти, доколку пратеникот инсистира може и написмено дополнително да му одговориме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или би поставил дополнително прашање.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Во врска со дадениот одговор од страна на Министерството за образование и наука лично сум задоволен, исто така сум задоволен од ангажирањето на ресорното министерство, меѓутоа видно и од одговорот, сметам дека лично треба Министерството за транспорт и врски во согласност со Министерството за образование и наука да ја забрзаат постапката и процедурата околу изградбата на новиот училишен објект Братство Миѓени во Тетово.

Во таа насока би апелирал, а согласно и Законот што го изгласавме на 22 март о.г., тоа е околу договорот за заем за проектот за модернизација на образованието, лично сметам дека сега се навистина стекнати сите предвидени можности со Законот како и услови околу итно отпочнување на изградбата на овој училиштен објект кој е од многу битно значење за жителите во Тетово.

Во таа насока, повторувам немам дополнително прашање само еден апел за нашата досегашна успешна соработка со Министерството за образование и наука да продолжи и годинава да ги видиме учениците од училиштето Братство Миѓени во еден нов училишен објект.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Исмет Рамадани да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или би поставил дополнително прашање.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Од одговорот кој го добив сум задоволен и нема што да додадам во сето тоа што го имам како одговор од соодветното министерство, односно од Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во меѓувреме само би ги замолила пратениците доколку се во Собранието, а не се во моментот во салата да влезат затоа што имаат прашања. Тоа се Зуди

Џелили, Ѓорѓе Палошкоски, Соња Лепиткова, Славица Грковска е отсутна и Блаже Стојановски. Само како едно потсетување, па би ги замолиле претставниците од нивните полтички партии да помогнат да ги повикаат за да можат да се произнесат.

Одиме понатаму со прашањата.

Џевдет Насуфи не е тука.

Ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам, потпретседателке,

Се заблагодарувам на Министерството за транспорт и врски за брзиот одговор на моите пратенички прашања. Првото поставено на 16 јануари 2004 година, а второто 5 февруари 2004 година. Одговорите беа брзо добиени но поради одлагањето на седницата, сега ги разгледуваме одговорите.

По првото прашање поставено на 16 јануари 2004 година сметам дека одговорот е повеќе куртоазен отколку суштински и не дава гаранција за брзо разрешување на проблемот поради кој го поставив прашањето.

Имено, кажано е дека е дадено задолжение до ЈП "Македонија пат" - Сектор за проектирање да ги снимат критичните потези на магистралнот пат М-5, делница Велес-Штип и да дадат предлог решенија за можни пасивни заштитни мерки од појавата на снежни наноси на магистралнот пат М-5, делница Велес-Штип.

Сметам дека критичните места се познати, тој пат не е од вчера, па да треба да се снимаат и лоцираат повторно критичните места. Исто така сметам дека тоа не изискува големи финансиски средства за да не може да се разреши што побрзо.

Ќе бев задоволна од одговорот ако во истиот стоеше дека во Програмата на Фондот за регионални и магистрални патишта за 2004 година, тој проблем е зацртан и ќе се разреши, а не како што стои дека ќе се разреши во некое идно време, а кое знак прашалник.

Благодарам, тоа е за првото прашање.

За второто исто така, како што реков се заблагодарувам за брзината на добивањето на одговорот, но иако од брзината на добивањето одговор сум задоволна, од самиот одговор не можам да бидам задоволна, а нормално и граѓаните од тие краишта кои се заинтересирани за изградба на регионалниот пат Р-525 Пехчево-Бугарска граница.

До сега за секое прашање што го поставив за решавање на дел од некоја сообраќајница во Источниот регион добивам негативен одговор иако состојбата со патната мрежа во тој дел од Републиката е повеќе од катастрофална.

Се прашувам, до која година жителите од тие краишта треба да чекаат да бидат поврзани со модерни сообраќајници. Постојано за тој дел од државата одговорот е ист, дека нема финансиски средства, и дека тие сообраќајници ќе се градат во некоја наренда година, но која не се кажува за да се има ориентација кога да се очекува разрешување на проблемот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали заменик министерот Кошутиќ има коментар? (Нема)

Одиме понатаму.

Ја молам пратеничката Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Да, задоволна сум од одговорот, ресорното Министерство веќе дејствува така како што е срочен одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам, госпоѓо потпретседател,

За разлика од мојата колешка Емилија, мојот одговор овој месец прави еден јубилеј година дена како чекам да ми се одговори на ова прашање од Министерството за транспорт и врски. Меѓутоа, тогаш се однесуваше, за жал, за 2002 година, за настани кои се случија во месец ноември, ова беше упатено директно до тогашниот министер за транспорт и врски, немав прилика, тој беше реконструиран, сега можам само да кажам благодарност до новиот министер што навистина како приоритет го има одговорено прашањето, тука е заменикот и јас во еден неформален разговор со државниот секретар го замолив да ја ажурира администрацијата во Министерството за да го добијам барем одговорот. Тоа е како што вели нашиот народ возот замина, веќе не е битно што е одговорено во одговорот, тоа е мој апел, имам уште неколку прашања кои се низ министерствата, не можам да добијам одговори. Тоа е мојот апел.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пратеникот Коце Трајановски, моментално не е тука.

Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Задоволен сум од одговорот на министерот, но не сум задоволен од односот на министерот кон проблемот со криминалот што се случи во неговото Министерство. Затоа го прашувам министерот дали со смените на раководните лица и кривичните пријави што ги поднесе проблемот на криминалот во Министерството е ставен под контрола и дали министерот чувствува барем вина за случајот кога веќе од морални причини тој досега не поднесе оставка. Дали не мисли дека еден ваков чин на оставка од морални причини не ќе придонесе за развивање на демократијата во нашето општество и ќе биде пример за одговорност на министерот за целокупното работење во своето Министерство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Заменик министерот г-динот Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Прашањето беше упатено до министерот меѓутоа, да ја искористам приликата во името на министерството и на министерот да кажам дека се преземаат сите активности кои се потребни за сузбивање на корупцијата која беше присутна во изминатите години во Министерството за транспорт и врски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО

Да, делумно сум задоволен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пратеникот Замир Дика во моментот не е тука, го молам да влезе заради прашањето.

Пратеникот Џезаир Шаќири исто така, ги молам пратениците Зоран Шапуриќ и Соња Лепиткова а се произнесат дали се задоволни од одговорот добиен од министерот за образование и наука или би поставиле дополнително прашање.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Да, задоволни сме од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ја молам пратеничката Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Задоволна сум од одговорот дотолку повеќе што министерот остава простор за постапување по заклучоците на Еколошкото друштво “Грашница”.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Му благодарам на министерот што вложил напори да ми даде одговор на прашањето дали во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство постои проект или студија за развој на земјоделието во Македонија и тоа во примарната и секундарната дејност.

Од одговорот сватив дека во тоа Министерство за сега не постојат такви проекти и студии, а целта на моето прашање беше да ја поттикнам таа иницијатива да се пристапи кон изработка на целосни проекти за развој на оваа огромна и значајна дејност и моето дополнително прашање би било дали Министерството и министерот размислуваат да пристапат кон изработка на еден комплетен проект за развој на земјоделието и тоа на примарното производство и агроиндустрискиот комплекс во Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за земјоделие, г.Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Јас само ќе дополнам нешто од одговорот што го дадов, го информирам пратеникот дека во голем број случаи како кој министер ќе дојде во Министерството правел стратегија и такви стратегии има три. Ако прашањето е дали постоеле стратегии - да постоеле, ако прашањето се однесува зошто несе постапува по тие стратегии, тогаш дополнителниот одговор е следниот. Во тек е подготовка на стратегија за приближување на македонскиот земјоделски сектор со заедничката Европска земјоделска политика носител на проектот е Министерството, а учествуваат Земјоделскиот факултет во Скопје, на чело со деканот проф.д-р Ѓорѓи Мартиновски, професори на љубљанскиот Универзитет што учествувале во стратегијата што е изработена во Словенија врз основа на која Словенија е примена

во ЕУ, и други домашни и странски експерти чија цел е да ја дефинира политиката на развојот на македонското земјоделство во согласност со заедничката европска политика, да ги воспостави институциите и определи времена рамка до кога тоа треба да се стори компатибилни со европските во рамките на согласноста на институциите на системот со Европските и да ги подготви и понуди на ова Собрание прописите од таа област кои во областа на земјоделството се особено обемни за што само од 10 илјади и 100 страници на текстови на дирктивите и упатствата на ЕУ, околу 6 илјади или 60% праѓаат на земјоделскиот сектор односно земјоделието.

Значи, се подготвува таква стратегија, можам да го информирам пратеникот во текот на вчерашниот ден и во иднина почнува и интензивно продолжува изработката на македонската национална стратегија за приближување односно влез во ЕУ, која се прави на ниво на Влада и оваа стратегија што ја спомнав е подстратегија во рамките на општата односно националната стратегија што се подготвува.

Бидете сигурни дека ги правиме оние чекори кои во рамките на 4-те услови за зпроведување на реформите, а тоа е постоење на политичка волја, институции на системот компатибилни со европските правни норми и поддршка на јавноста, праивме се да дефинираме и политика на приближување да ги решиме проблемите односно да се обидеме да ги решиме онака како што Европа го бара од нас, да ги донесеме прописите и институциите.

Повторувам, стратегијата се работи, стратегијата е наша, во неа другите учествуваат само како помошници и целта на стратегијата е да ја преставиме како наша стратегија затоа што сметаме дека мотивираноста на сите вклучувајќи ја и власта и опозицијата во една стратегија што е стратегија на домашните стручњаци на домашните експерти и се разбира резултат на домашната политичка одлука и домашен политички консензус околу изработката на таа стратегија подобро и поефикасно ќе биде спроведена и патот, се надевам, дека ќе го скрати.

Тоа е накратко она што го давам како одговор на дополнителното прашање и тоа е вистинскиот проект кој мора да го сработиме, бидејќи тоа претставува, да не биде малку карикирано, нашата вистинска домашна задача која мораме да ја сработиме бидејќи без тоа нема влез во Европа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре,

Ја молам пратеничката Славица Станковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за земјоделство шумарство и водостопанство.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам г-ѓа потпретседателке,

Од одговорот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, може да се види дека причина поради која е реализиран дел од годишната програма за 2003 година кој се однесува на пчеларството се новите сознанија за законската регулатива на земји кои претендираат да аплицираат за членство во ЕУ.

Поради тоа што веќе не постои дилема дали да се аплицира или не, очекувам во најкраток можен рок во процедура да се најде еден ваков закон кој ќе кореспондира со Законот за ЕУ, а доколку тоа не, ќе ја прифатам иницијативата на Здружението на пчеларите од Куманово и се надевам со поддршка на Министерството на Собранието ќе му предложиме законска регулатива која ќе биде во согласност со Европското законодавство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пратеникот Исмет Рамадани не е во моментов тука, го молам да дојде.

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата,

Ги ценам напорите на Министерството за здравство кое со потпишување на договор со Италијанската амбасада, Италијанска кооперација конечно во Крива Паланка изгради и опреми Центар за дијализа со што се скратуваат маките и голготата на 20 пациенти кои патуваа по 150 км. два пати неделно во Центарот за хемодијализа во Куманово.

Меѓутоа, за да овој Центар биде функционален потребен е тим од три лекари, 6 медицински сестри и 1 инженер кој ќе ја одржува опремата. Во овој момент е најдено соломонско решение и од внатрешни резереви е извлечен само еден доктор и две сестри кои се наоѓаат на едукација во Скопје, а во одговорот стои дека другиот дел од екипата ќе доаѓа од Куманово. Знам, а и министерот за здравство знае дека е по функционално и порационално тимот да биде локален, тука се кажува дека ќе се работи на тоа да биде комплетиран, јас му верувам на министерот, меѓутоа, нека

очекува дека постојано ќе го потсетувам се додека не биде екипиран тимот што ќе значи дека имаме функционален центар за хемодијализа.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Ние сме свесни како Министерство дека со започнувањето и создавањето услови за вршење на дијализа за овие 20 пациенти од регионот, не само создавање на просторни услови и со техника сме ја завршиле целата работа. Тука битен момент е создавање човечки капацитети, од кадарот таму за да се комплетира целата оваа дејност. За почеток нема да значи ова дека решението што ние го предлагаме и го најдовме моментално ќе биде дефинитивно. Ние одиме во насока на едукација на кадарот од самиот медицински центар Крива Паланка, од кадарот што таму е најден, од внатрешните капацитети кои ќе бидат едуцирани во Клиниката за нефрологија во Скопје, а другиот потребен тим, стручен тим кој ќе биде на помош од Медицинскиот центар Куманово, каде досега се вршеше дијализа на овие пациенти, така да во иднина со едукација на кадарот од Крива Паланка и со потребниот кадар од Куманово за почеток веќе можеме да кажеме дека ќе го ставиме во функција овој центар.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Ја молам пратеничката Цветанка Гашовска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за правда.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Да, задоволна сум од одговорот, а задоволни се и поротниците бидејќи веќе го прочитаа одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ја пратеничката Цветанка Гашовска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за животна средина и просторно планирање.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Да, апсолутно сум задоволна бидејќи одговорот е многу опширен и сеопфатен. Се надевам дека Охридското Езеро ќе биде во иднина максимално заштитено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана, или би поставил дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Од одговорот на министерот за одбрана делумно сум задоволен. Прашањето беше до Министерството за одбрана каде се забележани голем број на нови вработувања. Јас мислев дека ќе даде одговор на тоа колку се вработени во Министерството за одбрана, но се прашувам понатаму “сето ова се случува во период кога се заговара реформа и рационализација на државната администрација. Ваквиот процес е во спротивност со член 144 став 1 од Колективниот договор за уредување на односите односно доуредувањето на правата, обврските и одговорностите кои произлегуваат од работниот однос во Министерството за одбрана што е назначено во “Службен веник” на Република Македонија број 78/2002 во кој пишува “ Во случај на економски, технолошки, структурални и слични промени кои би предизвикале намалување на бројот на рабониците Министерството го ограничува бројот на новите вработувања”.

Прашањето беше како ќе го оправдате примањето на новите работници во Министерството за одбрана и на кој начин, делот каде што не сум задоволен и министерот одговори, можеби има дополнителен одговор лицето е вработено во Министерството за одбрана согласно Спогодбата за преземање работник за засновање работен однос на определеон време без објавување на јавен оглас склучен помеѓу Владата на Република Македонија , Служба за општи и заеднички работи и Министерството за одбрана од 10 и 11 март 2003 година, за што е добиена согласност од Министерството за финансии за обезбедување на средства, како и согласност за вработување од Агенцијата за државни службеници.

Ако пред еден ден тука министрите говореа дека се треба да биде транспарентно и дека се работело секогаш со распишување на конкрус и јавни огласи во овој случај зошто е сето ова прекршено. Тоа беше прашањето, а министерот не ми го даде одговорот, само кажа дека ова лице е вработено под овие услови во Министерството за одбрана.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи нема дополнително прашање.

Има збор министерот за одбрана Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Прво, пратеникот Мавровски потврди дека нема голем број на нови вработувања. Веројатно имал проблем да разликува вработување во Министерството за одбрана со овие кои се во Генерал штабот. Во Генерал штабот има континуирано прием на нови професионални војници, подофицери и офицери,

како дел од професионализацијата на Армијата на Република Македонија , но и како дел на операционализација на Уставното начело за соодветна и правична застапеност на другите заедници во Армијата на Република Македонија .

Конкретниот случај кој го користи за да говори за забележување на голем број нововработени ние го потврдуваме. Го потврдуваме како практика која постои во органите на Државната управа каде што за оние кои што се вработени во Државната администрација преземањето не оди со огласување на работните места, практика која егзистира во изминатиот период, не само во осамостојувањето на Република Македонија туку и претходно. Ако пратеникот има и дополнителни прашања ние сме подготвени во духот на транспарентноста на сите други прашања и дополнително писмено да му одговориме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пратеничката Весна Борозан во моментот не  е тука.

Го молам пратеникот Јусуф Арифи, не е тука.

Г-динот Замир Дика исто така не е тука.

Дали г-динот Мавровски би сакал да се произнесе за две прашање кои што подоцна ги има добиено како одговор од Владата на Република Македонија .

СПИРО МАВРОВСКИ:

Бидејќи одговорот од министерот Поповски, кој во моментот не го гледам, мислам дека останавме должни за она што тој како дополнително прашање сакаше да одговори и кажа дел од она што беше доставено, јас ќе го потсетам ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам г. Мавровски овие се од Владата две прашања.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во ред, но претходно вие преминавте на други прашања, а г. министерот одговори на едно дополнително прашање, значи Министерството за финансии ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, ама според Деловникот нема можности за реплики над реплики..

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не е реплика, дополнително прашање за кое што министерот даде одговор, а мислам дека останавме должни да расчистиме една работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема можност за дијалог. Јас би ве молела со друго прашање дополнително да се обратите. Вие се обративте тој одговори, Деловнички нема можности г. Мавровски.

Ако може да се произнесете за одговорите од Владата на Република Македонија, доколку сакате.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во ред прашањата беа од уставен карактер. Јас сум задоволен од одговорот и мислам дека понатаму ќе поставам дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, благодарам г. Мавровски.

Ние со тоа завршивме со оние прашања за кои што пратениците се присутни. Останаа одреден број за кои што пратениците или во моментов не се тука, или се отсутни. Има уште четири прашања поставени до министерот за економија, меѓутоа министерот за економија г. Јакимовски во моментот е на настан на кој што мора лично да биде присутен, тој најави дека многу скоро ќе дојде така што јас би замолила за разбирање во текот на седницата денеска тој е спремен да се произнесе, да одговори дополнително на ваши евентуални прашања.

Значи, јас би молела за разбирање.

Според редоследот сега одиме редоследот - Поставување на пратенички прашања.

Момент, г-ѓа Станкоска била излезена надвор, сега ќе провериме.

Г-ѓа Станковска  нема прашање до правда во моментов.

Одиме со поставување на пратенички прашања.

Прв поставува прашања претставникот на ВМРО-ДПМНЕ г. Марјан Ѓорчев.

Имате право да поставите три пратенички прашања.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувани дами и г-да пратеници, почитувани г-да министри,

Првото прашање е до претседателот на Собранието и се однесува до целата Влада, поточно за министерот за транспорт и врски. Се работи за Македонската национална телевизија.

Ситуацијата во Македонската национална телевизија е еден комплетен хаос и нефункционалност што значи дека Македонија како држава еден од основните стожери на презентација на државноста преку етерот и можностите Македонската национална стратегија да биде презентирана преку национален канал ја испушта пополека . Националното богатство во вид на архиви на Република Македонија , архивски материјали, снимки кои што претставуваат национално богатство на Република Македонија од посебен вид исто така доаѓа во прашање како тоа ќе биде заштитено. Таму се изменуваат простори, таму пропаѓа од ден на ден комплетната

гарнитура на она што претставуваше создавање со години, со децении. Нованираскиот кадар се одлева. Едноставно тука треба да се одговори дали Македонија има намера да има национална телевизија од типот на ББС, од типот на ССН од типот на Грчката Ерата, или од било кои соседни држави, или пак има намера да го руинира овој многу битен и симболичен елемент на искажување на државноста на Република Македонија .

Значи барам да ми се одговори, претседателот на Собранието да иницира од Владата да изготви информација во која ќе укаже по кој пат и како ќе се разрешат проблемите во Македонската национална телевизија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи прашањето беше упатено до Министерството за транспорт и врски, Дали заменик министерот Кошутиќ може да одговори.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Ако може да ги поставам и другите две прашања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, јас мислев дека сте завршиле.

Повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Второто прашање е до министерот за економија, а се работи за рудничкие комплекси САСА, ЗЛЕТОВО  и ТОРАНИЦА.

Дали Владата размислува и има во вид дека многу земји во Европа, како Англија, Германија, Полска, Рудниците за железо во Полска,  рудниците за јаглен во Англија претставуваат национално богатство, државна сопственост се и може да се направи државно корпоративно уредување од типот на ангажирање на големи конзорциуми, како што се ДИЛ, КРУП, БРИТИС СТИЛ, кои што можат заедно со државата Република Македонија да го организираат тој државен конзорциум, каде што државата ќе остане сопственик на рудниците и со гаранции од девизните резерви на Народната банка на Македонија ќе гарантира тој што ќе управува со рудничките комплекси да стопанисува како добар домаќин и во интерес и на Република Македонија и во интерес на тоа што претставува борба за профит на тие странски национални компании. Тој модел е практикуван секаде во Европа, против тоа нема ништо ни Светската банка, ни ММФ, затоа што приватизацијата на националното богатство од типот на оловно-цинковиот комплекс во секој случај е тој кој што зафаќа  1/5 од територијата на Република Македонија како рудно богатство

би значела и несогледливи последици за генерациите кои доаѓаат во Република Македонија после нас.

Одтука прашањето е дали Владата ги проучила овие модели да направи државен конзорциум каде што сопственоста ќе остане државна , а управувањето да се даде на некои од големите познати зветски куќи. Имаше преговори на времето, 1999 година со БИЛ, компанија од тој тип која што има реноме ширум светот при експлоатацијата на олово-цинковите руди.

Третото прашање исто така е до Министерството за економија.

Барам министерот за економија да ме информира колку пченица количински е увезена во декември 2003 година, до денешен ден , март 2004 година и по која цена се продава на пазарот. Зошто Бирото за стокови резерви тука не интервенира, зошто се продава пченицата по цена која што е за три денари повисока од цената по која што е откупена, или не е откупена домашната пченица и какви последици тоа ќе има за овогодишната реколта на пченица, 2004 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото лпрашање беше упатено до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот г. Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Со самото тоа што пратеникот кажа дека се работи за Македонска национална телевизија сувишно е да се зборува за нејзиното значење. Тоа е прво.

Второ, бидејќи побара писмена информација, пратеникот ќе добие писмена информација каде што ќе биде направен комплетен преглед кои се последиците и причините поради кои е дојдено до оваа состојба на Македонската радио телевизија и кои се плановите на оваа Влада да се надминат потешкотиите затекнати во МТВ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до министерот за економија, тој во моментов е отсутен , меѓутоа министерот за финансии г. Никола Поповски е подготвен да одговори.

Г-дине Поповски повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако г. Ѓорчев нема против прашањето е до Владата во целина, ако нема против би одговорил јас на тоа прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Ѓорчев може ли?

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Моето прашање е упатено до министерот за економија, а не до министерот за финансии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тогаш министерот за економија секако ќе ви одговори меѓутоа да ја исползуваме волјата на министерот за финансии.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Не, тој е министер за финансии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Инаку, има право и друг министер доколку има допирни точки и има што да соопшти. Обично тоа е само едно плус, меѓутоа доколку не сакате во ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Стоковите резерви се во надлежност на Министерството за финансии. Прашањето ќе се врати од министерот за економија како ненадлежен, меѓутоа јас не одговарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре. Подоцна ќе видиме разврската како ќе оди.

Следниот пратеник што ќе постави прашање е пратеничката Роза Топузовска-Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВСКА-КАРЕВСКА:

Благодарам г-ѓо потпретседателке, почитувани претставници на Владата,

Со оглед на тоа дека извесен период немавме можност да поставуваме пратенички прашања сметам дека ова прашање бара побрзо да се интервенира во рамкие на дозволеното и на можностите.

Имено, во рамките на доделената концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерална суровина гранит во корист на приватното претпријатие “Македонски камен” од Прилеп од страна на Министерството за економија “Сл. Весник” број 67 од 2002 год, односно од 21 август 2002 година, значи за време на претходната Влада е доделена концесија во чии рамки се наоѓа локалитетот СУДУН кој е лоциран во атарот на селото Допјачани, одалечен 1,2 км југоисточно од самото село.

Во археолошката карта стои дека оваа населба претставува значаен археолошки локалитет од времето на Римското владеење, може да се види и од археолошката карта на Македонија ТОМ- 2 страница 292, а да биде трагедијата уште поголема во рамки на опфатот на доделената концесија во истиот атар во село

Горно село се наоѓа и комплексот на гробници вкопани во карпа од македонски тип, кои се единствени од ваков вид на просторот на Република Македонија заведени во Археолошката карта ТОМ -2 страница 293.

За жал фирмата концесионер веќе преземе дејствија со кои директно ги нападна посочените локалитети на највандалски начин и со самото подготвување на теренот за експлоатација на гранит односно со пробивањето на пристапните патишта до локалитетите со помош на тешка механизација се нанесоал тешки, неповратни и непоправливи деструкции на локалитетите а и природниот амбиент.

Во носењето на одлука за давање на концесија на постојниот концесионер ценам дека не е земен фактот што локалитетите се ставени во археолошката градба на Македонија што е од исклучително значење за науката и за презентирање на нашата култура во нашата земја, па и надвор и дека претставува директно нарушување и губење на нашето национално културно богатство.

Моето прашање е дали надлежните министерства, мислам на Министерството за култура и Министерството за економија според законските прописи ќе преземат мерки овие дејствија да се запрат и да се отповика решението за доделување на концесија на вакви базични вредности. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува до Министерството за образование и наука, имено последниот месец голем број на млади луѓе студенти се обратија до мојата канцеларија за контакт со граѓаните и реагираа на тоа дека исплатата на студентските кредити и стипендиите се одвива нередовно. Имено, во одредени случаи исплатата се врши за неколку месеци однапред, додека пак многу често таа доцни и со тоа доаѓа до драстично нарушување и на онака скромниот студентски стандард.

Моето прашање е што презема соодветното министерство и какви мерки ќе преземе за оваа ситуација да се надмине и студентите да можат на време да ги добиваат своите студентски кредити и стипендии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, ќе можете ли да повторите до кого беше упатено првото прашање?

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Првото прашање беше упатено до Министерството за култура и Министерството за економија и до Владата во целост. Мислам станува збор за нарушување на националното богатство.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Вообичаено при барање одобрение за концесија за користење во случајов рудник, се бара мислење и од Министерството за култура и Министерството за култура упатува свои стручни екипи на терен кои врз основа на наодот потоа даваат мислење и тоа мислење оди на Влада заедно со барањето. Така што верувам дека и во овој случај е земен во предвид наодот на стручната комисија. Доколку се смета дека тоа мислење е некомплетно, или не е земено предвид, може да се бара дополнително истражување. Во секој случај за подобар одговор, јас земам обврска да упатиме писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот?

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Јас сметам дека е неопходно да се даде дополнителен одговор и мислам дека во наведениот случај значи, август месец 2002 година не се земени во предвид овие наоди кои што јас сега ги споменав и аргументирано ги образложив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање беше упатено до Министерството за образование и наука.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Се однесуваше за нередовната исплата на студентските кредити и стипендии.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Факт е дека при исплатата на студентските кредити и стипендии наидуваме на одредени потешкотии. Се обидуваме да ги надминеме со интервенција и причините се најчесто од субјективна природа, но многу често и заради недостиг на прилив на средства по основ на одредени ставки кои што Министерството за образование и наука треба да ги обезбеди на одреден период. Овој недостаток кој што евидентно е присутен ќе настојуваме во иднина да биде отстранет, се разбира со подобра организација во самото Министерство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот?

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Да, задоволна сум и се надевам дека што е можно побрзо ќе биде ова реализирано.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот Илјаз Халими ќе постави три пратенички прашања.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Благодарам господине претседател, имам две прашања до министерот за транспорт и врски и едно прашање до министерот за внатрешни работи.

Прво, до министерот за транспорт и врски. Во септември 2003 година поставив прашање до министерот за транспорт и врски, прашањето беше следново. Ќе го повторам пак. Во мај 2002 година е донесен Закон за осигурување за безбедност во сообраќајот кој што предвидува сообраќајните знаци за известување и дополнителните табели да бидат напишани на македонски јазик и кирилско писмо додека во регионите на единиците на локалната самоуправа во кои што најмалку 20% од граѓаните говорат службен јазик поинаков од македонски јазик и на тој службен јазик и неговото писмо. Бидејќи Законот е многу јасен, зошто веќе година ипол оваа Влада односно Министерството за транспорт и врски не ја има реализирано оваа обврска. Ова беше прашањето. Јас добив одговор на писмено од тогашниот министер Милаим Ајдини каде се вели дека не се предвидени средства во Буџетот за реализација на оваа законска обврска. Бидејќи и во Буџетот за 2004 година не беа предвидени средства, јас интервенирав со амандман во кој што барам да се поделат посебни средства за оваа дестинација. Одговорот на министерот за финансии беше, амандманот не се прифаќа, се одбива, затоа што во суштина тој не менува ништо. Сега јас не знам дека министерот за финансии со тоа одбивање на што мислел. Ако мислел дека средствата ги дели на Фондот за патишта, магистралните и регионалните патишта и потоа Фондот ги усогласува нив со Македонија Пат како јавно претпријатие кое што е обврзано да го реализира овој закон, да го применува, тогаш ќе беше во ред. Затоа јас го поставувам прашањето уште еднаш до министерот за транспорт и врски дека во Програмата на Македонија Пат дали се предвидени средства за оваа намена, бидејќи министерот дава согласност за таа Програма. Ова е првото прашање.

Второто прашање е во однос на некои вработени во Јавното претпријатие за стопанисување со локали, станбени и просторни, кои што се отпуштени од работа. Се работи за четворица албанци од Скопје. Овие лица иако биле во редовен работен однос во име на т.н. технолошки вишок се отпуштени од работа. Тие ни рекоа дека се сретнале со министерот Буџаку, меѓутоа тој освен што им ветил дека ќе ги врати на нивните работни места, не презел ништо конкретно, оставајќи ги и понатаму на милост на судбината. Во меувреме како што разбираме од извори блиски до претпријатието за кое што говорев, на нивните работни места се вратени 33 македонци кои што истовремено беа прогласени како технолошки вишок. Значи,

селективниот пристап на оваа Влада кој е насочен само против албанците покажува дека оваа Влада нема волја на никој начин да го реализира и имплементира Охридскиот договор. Затоа уште еднаш поставувам прашање до министерот Буџаку и до Владата, дали мисли да ги врати на работа овие албанци и сите други кои што се отпуштени од работа, затоа што врз основа на Уставот треба да внимаваат на соодветното застапување.

Прашање до министерот за внатрешни работи. Од 30 курсисти, полициски курсисти се зборува за генерацијата од 5 мај 2003 година, само двајца од нив се вработени и тоа еден во Гостивар и еден во Тетово. Остануваат на улица 28 полицајци кои што успешно го завршиле курсот. Според оваа листа на улица остануваат 9 полицајци од Скопје, 9 од Тетово, 4 од Гостивар, 2 од Кичево, 1 од Дебар, 2 од Куманово и 1 од Прилеп. Ова говори за негрижата, или непочитување на Охридскиот договор од страна на оваа Влада и на Министерството за внатрешни работи, бидејќи се дадени толку средства за да го завршат курсот. Се подразбира претходно требало да се планираат и нивни работни места, затоа што ова е во интерес на дополнување на бројот на полицајци, се подразбира соодветно со општиот број на населението во Македонија и на албанците и на другите што живеат во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до Министерството за транспорт и врски.

Има збор господинот Дејан Кошутиќ, заменик министер.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

На првото прашање, бидејќи господинот пратеник постави прашање кое содржи технички податоци, ќе му се одговори писмено каде што ќе му се достави во прилог извадок од Програмата на Македонија Пат каде што може да се види дали е планирано, ако е планирано, колку е планирано и какви се плановите на Македонија Пат и на институциите во делокругот на Министерството за транспорт и врски од тој делокруг на безбедноста на сообраќајот.

На второто прашање за жал повторно треба да одговорам во име на министерот Буџаку, пред се тоа што можам да го кажам како негов заменик е тоа дека министерот нема пракса да дава лажни ветувања, или слично. Значи, министерот евентуално можел на тие лица да им даде ветување дека ќе изврши увид, односно проверка во Јавното претпријатие дали е запазена при намалувањето на бројот на вработените, дали е запазена распределба според националната припадност. Од друга страна како за наименување на раководители, така и при

програмите кои се однесуваат на намалувањето на бројот на вработените при јавни претпријатија и останати институции се води сметка  и за обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорите?

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Што се однесува на одговорот на првото прашање, во ред, ќе видиме на писмено како ќе изгледа тоа. А што се однесува на второто прашање, мислам дека овие лица сигурно не лажат и на искрен начин се изразија пред нас, се разбира како пратеници ние сме и обврзани да ги заштитиме нивните интереси и да бидат транспарентни и дека тој им ветил дека ќе ги врати на работа. Јас мислам дека не само министерот Буџаку како Албанец, туку и било кој друг од било која националност кој што претставува една институција има обврска да го реализира Уставот и законот. И ако се говори за правилно застапување и соодветно, тогаш ова треба да се почитува. Инаку немаме реализација на Охридскиот договор и почитување на Охридскиот договор. И никако не се согласувам дека еден Албанец излегува од работа затоа што секаде контото е минус во споредба со тоа што треба да се постигне на овој начин да се оди перманентно во насока на подобрување на застапување на албанците во институциите и во јавните претпријатија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање беше упатено до Министерството за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Очигледно дека господинот Халими  или нема доволно информации за последниот курс и за овие 28 лица кои што ги спомна, или пак намерно сака да презентира пред македонската јавност и пред електоратот во оваа фаза погрешни податоци. Имено, точно е дека 28 лица од последниот курс кој што го посетуваа, не се вработени. Меѓутоа, исто така е точно дека тој курс имаше поголем број пријавени кандидати и поголем број кандидати кои што ги прифативме да ја посетуваат обуката во Полициската академија поаѓајќи од негативното искуство што го имавме во претходниот курс пред тоа. Имено, во таа бројка требаше да бидат примени 350 полицајци албанци и беа примени за обука точно 350 кандидати. Меѓутоа, на крајот на курсот 15-тина кандидати не ја положија обуката и не можеа да бидат примени. И токму затоа од 350 предвидени , беа примени 335, значи помалку 15. Токму затоа сметајќи дека и во новиот курс може да има кандидати кои на крајот на краиштата нема да го положат курсот и да не се соочиме со тоа дека ќе имаме повторно

помалку примени од таа бројка што е предвидена, во последниот курс ако беа потребни 300 кандидати да се примат, беа повикани 330 кандидати идни полицајци албанци кои што требаше да го посетуваат курсот во случај дека ако некој не го положи испитот на крај, тогаш сепак бројката од предвидени 300 полицајци да се обезбеди. И тоа беше на секоја врата, на секоја училница во Полициската академија напишано и од самите предавачи на Полициската академија беше напишано и објаснето на посетителите на курсот дека ќе бидат примени 300 најдобри, а не сите кои што ја посетуваат обуката, значи толку колку што беше предвидено да се примат. И таа бројка е реализирана. Меѓутоа, за волја на вистината ниту овие 28 сега нема да останат непримени. Тие беа предвидени исто кога завршија и кога ги добија дипломите дека го завршија курсот им беше кажано дека при наредното пополнување ќе бидат како приоритет во листата вклучени за вработување во Министерството за внатрешни работи. За 2004 година средствата во Буџетот се обезбедени. Не од 1 април, туку од понеделник трети, или петти април ќе почне и новиот курс во полициската академија и со таа согласност за новиот курс Министерството за финансии одобрува средства за прием и на овие 28 лица. Тоа е точната бројка и податоците за овие лица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот Халими е задоволен од одговорот?

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Министерот самиот призна дека овие 28 курсисти албанци од генерација пет, се на улица. Јас жалам зошто манипулира со јавноста како да јас не сум добро информиран. Значи јас сум добро информиран и добро сум поставил прашање. Тие калкулации што ги прават тие, е нешто друго. Меѓутоа, значајно е тоа дека тие го завршиле курсот и нив треба да им се обезбеди работно место, или кога ќе се отвори курсот да не се примаат полицајци на кои што не можат да им се обезбедат работни места. И со прием на овие 28, меѓутоа и на друга тура на курсисти кои што ќе го завршат курсот, мислам дека повторно сме назад со оглед на тоа, во однос на тоа застапување кое што треба да биде правичо и соодветно во Министерството за внатрешни работи.

И уште една друга причина, кога се знае дека во меѓувреме околу 750, или 800 учесници припадници на силите Лавови веќе се вклучени и автоматски бројот на застапување на албанците повторно е смален до нивото кое што било од пред две, три години.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Очигледно пратеникот намерно не сака да ги разбере бројките. Сега би го запрашал конкретно, кога се работи за негова фирма, кога ќе треба да прими 5 лица, а на обука повика 15 од кои треба 5-те да ги прими. Дали понатаму ќе ги прими и тие 10 затоа што ги положиле испитите, или ќе прими тоа што му е потребно и тоа што е одобрено. Знам неговиот избор кој ќе биде. Тоа е изборот и обврската што ја спроведе МВР.

Меѓутоа факт е дека и тие 28 кои положиле и тие ќе бидат примени. Според тоа се друго е само пласирање на лажни тези.

Понатаму околу 600-те лавови, а не 800 или 900 и т.н., сите тие бројки се земени предвид. И со курсот што ќе почне сега од 5 април и со 335-те нови полицајци кои, кога ќе го завршат курсот, ќе бидат примени, меѓутоа после курсот, МВР ќе ја изврши и последната обврска од Рамковниот договор каде што се вели дека до крајот на 2004 година полициските служби треба генерално да го изразуваат составот на населението во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки министерот за економија е присутен, да ги завршиме тие писмени прашања што ги остави потпретседателката.

Ја молам пратеничката Цветле Јаневска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од минситерот за економија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеничката Цветле Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Задоволна сум од одговорот, но во времето на чекање за добивање на истиот, за среќа, практичното делување е појако од администрацијата и со заедничкото дејствување на Министерството за економија, Агенцијата за приватизација и пратеникот, успеавме да го сочуваме комплексот МК МАИЛ од Струга.

Дополнително прашање немам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Абдулаки Адеми да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеикот Абдулаки Адеми.

АБДУЛАКИ АДЕМИ:

Моето прашање се однесува на приватизацијата на биш Југохром, за новите вработувања, почитувањето на Договорот склучен меѓу Владата и Силмак и акциите на вработените и т.н.

Врз основа на одговорот што го добив од минситерот, вов рска соприватизацијата на бивш Југохром и манипулацијата со вработените. Значи немало транспарентност при приватизацијата. Имено ниту еден од вработените што имале акции во бивш Југохорм не знаеле што ќе се случи со нивните акции бидјеки никој не им објаснил што ќе се случи. Од одговорот произлегува дека акционерите во бивш Југохром не треба да очекуваат ништо спектакларно и врз основа на акциите што ги имаат нема да добијат ништо, имајки ги предвид долговите што ги имаше бивш Југохорм.

Врз основа на Договорот за продажба меѓу Владата односно Министерството за економија и компанијата Силмак , во член 10 точка 6 , се предвидува компанијата во наредните 5 години да инвестира 10 милиони евра. Секоја година компанијата Силмак е приморана да поднесува извештај за реализација на обврските во врска со инвестициите, Врз основа на член 10, до крајто на 2000 година требаше да има 1000 вработени, а сега има околу 700 вработени.

Врз основа пак на член 11 точка 1, Владата се обврзува, на компанијата Силмак да и понуди статус на слободна економска зона. До денес слободна економска зона не е формирана.

Дополнителното прашање ми е, колку се почитуваат одредбите од Договорот потпишан меѓу Министерството за економија и компанијата Силмак и кога ќе се формри аслободна економска зона.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за економија Стевче Јакимовски.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Во конкретниов случај неисполнување на дел од договорот не е само од команиајта Силмак. Има и одредени проблеми што се произлезени од форално-правен карактер, особено околу расчистување соимотната состојба на Силмак, околу Земјиштето. Значи прашања што ги третира катастарот и кои со процесот на денационализација, знаеме и самите дека одредени одлуки кои требаше да бидат донесени се пролонгираат согласно законските прописи, што ги носи Законот за денационализација. Како и да е тие постапки се при крај со расчистувањето на овие работи во Катастарот. Мислам дека нашиот дел од договорот до максимум ќе биде

испочитуван, што ќе ни даде за право да инсистираме и на почитување и на дел на договорот на партнерот Силмак.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последното писмено прашање до минситерот за економија е од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за економија, или сака да постави дополнително прашање.

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во ова прашање беа поставени повеќе прашања во врска со ЕСМ.

Со самиот одговор не ги добивме правите одговори па би сакал да поставам дополнителни прашања затоа што и во самиот одговор едноставно се предизвикани.

Прво, колкава ќе биде официјалната наплата во ЕСМ, после завршната сметка, како што имате во вашиот одговор. Значи тоа би било првото дополнително прашање.

Колку средства ќе влезат од долгот што Русија го има кон Република Македонија .

Би сакал тоа , бидјеки најавата беше на седница на Влада на 03.12.2003 година, а денес е 25.03.2004 година, а сеуште во одговорот не стои што е договорено, колку е договорено и по кои цени е договорено. Само се дава некој план. Јас би сакал ако може тоа да го добиеме.

По однос на третото прашање, се кажува дека е испитано и класифицирано поголем дел од јаглеповите наоѓалишта во рудникот Брод-Неготино. Би сакал да знам во составот на кои бушотини и колку се направени после ноември 2002 година и кога се ископани бунарските системи во Брод-Неготино.

Во точка 4 дали ТЕ Негоитно, бидејки беше помпазно најавувано дека за време на Олимписките игри ќе биде отстапена на нашиот сосед , да работи, би сакал да ми одговорите дали тоа е завршено или воопшто отпаѓа од ига вклучувањето на ТЕ Неготино и колку и кога во последните 15 години ТЕ Неготино има работено.

По однос на шестото прашање, колку хаварии и исклучување на термоелектраните и хидроелектранит еимало во 2003 година. Би сакал да ми се одговори, бидјеки се кажува дека хаварии немало, колкави се штетите од техничките испади и колкава е штетата од приливите во хидроцентралите  Шпиље, Глобочица и Тиквеш.

И последнотодополнително прашање, дали и кога се завршени активностите околу ревитализациите на хидроелектричните централи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По Деловникот имате право на едно прашање, ако не сте задоволни. Според тоа министре вие одберете едно на кое ќе одговорите, од овие шест додатни прашања.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Од толку одговорени прашања, обично на испит кога одев и ништо да не знаев, барем едно две ќе одговорев. Овде од шест прашања одговорени, од ниеден одговор да не бидете задоволни, веројатно е тенденциозно.

За прашањата кои беа од технички аспект, на пример колку хаварии и исклучувања, имам точно напишано каде и во која термо ихидроелектрана имало исклучувања и точно кои биле дефектите.

На прашањето дали ТЕ Неготино ќе биде активирана за Олимписките игри, сеуште немаме никаков конкретен договор со грчки партнери. Доколку има таква работа, секако и вие и јавноста ќе биде запознаена.

Што се однесува до рускиот долг, исто така ви беше јасно напишано за кои средства и колку пари од прилика се планирани и за што е договорено. Од она што јас можам да ве информирам е дека за деловите односно за опремата предвидени за рудникот, немаме постигнато договор и нема тоа да се зарвора со рускито долг од причини што цените на опремата се трипати поскапи од вообичаените или од оние што може да се најдат. Од тие причини ние одлучивме тој дел од договорот да го промениме односно да не го наплаќаме, да го затвараме со опрема потребна за рудникто Брод - Неготино и за потребите на ЕСМ.

За другите рпашања ќе се потрудам дополнително да ви одговорам во писмена форма. Мислам дека некоректно е од вака исцрпно одговорени прашања да се бараат дополнителни одговори. Но сепак ние ќе ве почитуваме како пратеник и дополнително ќе одговориме и за оние технички детали што вие ги барате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на усмените прашања.

Сега има збор, три прашања да постави пратеникот Кире Гештаквоски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани минситри, претставници на Владата, почитувнаи пратеници. Ќе поставам три прашања.

Првото мое прашање ќе го поставам до Минситерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Во изминатата година ипол како пратеник веќе трет пат поставувам скоро исто прашање, околу најтешкиот проблем што ги мачи сите граѓани на Преспа, пласманот на

јаболката. Дополнително имам поставено уште три прашања помеѓу две седници на Собранието. Значи 6 пати се обидувам со молба до Вадата да преземе некои мерки за ублажување на овој проблем. Згора на тоа повеќе пати се обратив и до Министерството за економија и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со молба да се преземе нешто околу организираниот откуп на јаболка и добивање на некои олеснвуања во склучувањето на промената на договорите за слободна трговија односно укинување или намалување на царината со тие земји.

Оваа година е една од најтешките години за производителите на јаболка во Преспа. И покрај преполовеното производство од претходната година поради мрзнењето на овошките во месец април во 2003 година, предизвикано од енормно ниските температури кои ја зафатија Република Македонија , а несреќата била тие да се најниски во Преспа и Битолско и тоа во најосетливата фаза од цутењето на јаболките. Сепак оваа година е една и од најтешките за пласман на јаболката. Значи две зла ги снајде производителите на јаболка во Преспа. Ем преполовено производство, ем никаков пласман. До моментот не се продадени ни четвртина од тоа преполовено производство, а веќе се наоѓаме на крајот од месец март односно во последната четвртина за продажба на јаболката. Ако овој месец не се случи нешто спектакуларно , на ова поле престои голема опасност да се исфрлат големи количини на првокласно јаболко во реките и ѓубриштата во Преспа. Од друга страна цената и на така малку откупената јаболка е премногу ниска однсоно под исплатливоста за производство на јаболка. Заради сето ова, конкретно ги поставувам следните потпрашања и барам конкретни одговори.

Бидејки сме сведоци последнава година на буквално преплавени пазари низ Република Македонија со енормни количини на јужно овошје, со пониски цени, дали е можно Владата на Република Македонија брзо да донесе некои одлуки со кои ќе бидат оптоварени увозниците на јужно овошје со дополнителни давачки,како овие производи би станале понеконкурентни на нашиот пазар, а со тоа во исто време да се заштити домашното производство на јаболка. Се разбира одлуките да бидат во согласност со СТО и договорите со земјите со кои имаме склучено договор за слободна трговија каде е дозволено да се вршат вакви заштити кога ќе се нарушат пазарните текови во земјата.

Дали е можно да се намалат давачките што нашата држава гинаплаќа, а кои се доста големи и се движат околу 12 илјади денари за секое едно влезено возило од соседнит еземји кои сакаат да вршат откуп на јаболка и тоа за сите возила иста цена, без разлика на нивната носивост.

Дали и на кој начин ќе се обештетат индивидуалните производители на јаболка од нанесените штети од мразот.

Дали имаше конкретни резултати од разговорите со делегацијата на Руската федерација од 02.до 09 февруари оваа година, во врска со откупот на јаболката и во преговорите со Република Турција, бидејки ни беше ветено дека на преговорите ќе се разговара и околу овој проблем.

Дали се планира и дали е можно да се отвори агроберза за јаболка во Ресен и Преспа, по принципот на агроберзата за рано-градинарски култури во Источна Македонија.

Второто мое прашање исто така го поставувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата одржана на 30.10.2003 година, на моето прашање околу противградобијната заштита на Преспанскиот регион, добив доста оптимистички одговор дека после пауза од 6 години повторно ќе профункционира овој систем. Имено од оваа сезона, 2004 година за Преспанскиот регион се планира исталирање на новите делови на радарскито центар Тополчани што ја покрива територијата на Претор и негова модернизација, во соработка со екипи на експерти од Хирдометереолошкиот завод на Србија и Црна Гора.

Исто така, заради подобрување на телекомуникациските врски беше планирано и оспособување на релејот Галичица, обезбедување на непрекината работа на помошниот релеј Асамати, како и активирање на оптимален број против градобијни станици, задолжително во Претор, Ресен, Царев Двор, Перово, Козјак, Сливница, Наколец и Штрбово, а по можност и дополнително, заради оперативно извршување на одбраната на град во 2004 година. Конкретно моето прашање гласи:

Бидејки сме на прагот на новата сезона , до каде е со овие ветени работи дали може да се исталираат и дополнителни противградобијни станици на потегот од Ресен до село Лева Река и од село Покрвеник до Стење, бидејки останатиот дле од Преспа е добро покриен.

Третото мое прашање ќе го поставам до Министерството за економија.

Прашањето се однесува за агонијата од долгите стечајни постапки на стопанските субјекти. Конкретно се работи за некогашниот стопански текстилен гигант Преспатекст од Ресен.

Пред 6 до 7 години од овој гигант се формираа 5-6 нови стопански субјекти од кои во моментот сите, освен конфекцијата се наоѓаат во стечај. Стечајната постапка трае 4 до 5 години, секојдневно се отпуштаат работници и се обезвреднвуа општествениот капитал, машините се распродаваат, а халите пропаѓаат.

Бидејки во Република Македонија најголемиот проблем е проблемто со невработеноста, конкретно прашувам, дали Министерството и Владата на Република Македонија преземаат некои мерки за да се стави крај на стечајната агонија на овој , како што реков некогашен текстилен гигант, како би се создале услови за негово рестартирање и нови вработувања. Ова дотолку повеќе што има заинтересирани пвоеќе странски инвеститори, претежно од Република Турција кои единствено бараат завршување на стечајната постапка и чист делбен биланс.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Гештаковски.

Првото прашање беше упатено до Минситерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете минситре.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

И денес имаме писмен одговор на едно вакво слично прашање, меѓутоа очигледно прашањата во серија се повторуваат и се однесвуаат апослутно на иста работа. Или моите одговори не се прецизни, или прашањата се повторуваат заради други причини. Меѓутоа, Ќе се потрудам да одговорам на ова што ме праша.

Прво Република Македонија како и секоја држава што држи до пазарна економија, не учествува во формирањето на цените. Република Македонија носи правни норми со кои осмислува, спроведува и заштитува правила на пазарот врз основа на кои се регулираат односите меѓу оние што купуваат и оние штопродаваат, правејки ги условите на пазарот еднакви за сите. Република Македонија , како и секоја држава тоа гоправи на два начини. Еден начин преку донесување на правни норми внатре во државата со кои се регулира пазарот на секој земјоделски производ односно неговото производство, примарна преработка или откуп и второ преку склучување на соодветни договори за слободна трговија односно договори како што е оној со ЕУ, Спогодбата  стабилизација и асоцијацијаи времената Спогодба за нејзиното спроведување односно договорот со СТО.

Во договорите што се склучуваат за слободна трговија со земјите, такви Македонија има 13, точно се прецизирани производите кои уживаат одредени бенифиции и определени квоти на царинскиот односно бесцаринскиот увоз, поготово бесцаринскиот.

Такви договори Република Македонија има и во нив е се регулирано. Кој што сака може да ги погледне и да најде начин, односно можност од тие договори што може да пласира и како тоа да го направи.

Во договорот за слободна трговија, односно во договорот со Европската Унија за стабилизација и асоцијација Спгодбата, точно се определени условите и начинот

на македонските производи и од извоз, а со дополнителната вистинска спогодба склучена помеѓу Република Македонија и земјите од Европската Унија, точно е определен начинот на либерализацијата, во кое што повторно ќе повторам, бидејќи еднаш тоа го кажав, сите или скоро сите земјоделски производи во Република Македонија, вклучувајќи ја и јаболката добиваат третман на особено чувствителни прозиводи и уживаат право на извоз во Европската Унија во количини кои што се неограничени. Значи обезбедивме излез на македонски производи, вклучувајќи ги овие, кои што можат во европскиот пазар да бидат пласирани. Прашањето на организацијата на квалитетот на калибирањето на стандардите е работа која треба да ја решат производителите и извозниците. За тоа има норми кои што треба да се почиуваат. Или да скратам, Република Македонија нема можност како држава да учествува во формирањето на цената на јаболката, или на било кој друг земјоделски производ, освен преку определување на заштитни цени на определени земјоделски производи. Република Македонија прави правила на игра на пазарот во кој што сите ги доведоа во рамноправна положба, овозможувајќи претприемништво со иницијативата и професионалноста на пазарот да дојдат до полн израз и Република Македонија склучува договори со меѓународни организации и Светска трговска организација и Европската Унија и договори за слободна трговија кои што се билатерални и кои што ги обезбедува условите и го олеснува извозот. Со тие договори, покрај тоа што се овозможува извоз, се обезбедува и заштита на македонски или други производи, преку одредена процедура. Во конкретниот случај, не сме процениле, бидејќи нема доволно податоци, врз основа на кои треба да ја почнеме процедурата околу заштитата на определени земјоделски производи, освен за еден случај за кој што во овој момент неможам да зборувам. Да повторам, преку мерките на земјоделската политика, преку обезбедување на средства со можности од буџетот за сите земјоделски производи за кои што ќе се одлучиме, Република Македонија ќе учествува, како што учествувала во иднина да ги финансира земјоделските производи. Притоа, треба да лечиме еден горлив проблем, дали ќе финансираме комерцијално, или социјално. Под едното и под другото има разлика. Ако финансираме социјално ќе ги финансираме производите кои што немаат добар помин на странскиот пазар, а подкоммерцијално финансирање на оние производи кои што одлично имаат излез на странскиот пазар, каде што треба да ги направиме поефтини за поголем извоз, во програмите кои што ги носиме секоја година, како што ќе биде со ова ќе ги определиме износите и мерките на земјоделската политика, односно помошта во тој дел.

По однос на вториот дел од прашањето дали поради настанатите штети измрзнувањето на јаболката Република Македонија  или Владата смета дека треба да ги обештети производителите на јаболко, ќе го кажам слендото. Елементарните непогоди, мразот, градот и другите околности од минатата година не ги погодија само пресспанската јаболка, туку скоро сите, или сите македонски земјоделски производи, така да штетите беа на поголемиот дел од територијата утврдувани на начин и во постапка предвидена со закон. Ако се обезбедат средства и доколку тоа Буџетот го дозволува, за 2004 година, можам да кажам дека такви средства нема, стои фактот дека ќе ги обештетиме сите рамномерно во износот или висината на штетата што ја претрпеле. Меѓутоа, доколку такви средства нема, од програмата не може да се обештети надомест на штета за една категорија на земјоделски производи, а на другите ќе им се даде по принципот на правичност и на рамноправност и на социјална правда, не можете да ги спасите ако пристапите кон обештетување на едни за сметка на други или на едните повеќе, а на другите помалку. Тоа можам да го кажам во овој момент како стои.

Што се однесува до системот за градобијната заштита , јас одговорив на прашањето што го постави пратеникот и сега ќе повторам: обезбедени се солидни материјални, технички средства, преку кои што се прави подобрување на системот за градобијната заштита и на тоа веќе одговорив и преземени се мерки и потрошени се и се дотрошени средствата кои што беа определени за таа намена. Колку и дали во тој дел е постигнато совршенство, односно она што пратеникот сака да биде задоволително ниво, за кои што го постави прашањето, останува во писмена форма за една од наредните сендици, доколку тоа инсистира да му го дадеме преку прибирање на податоци од хидрометеоролошкиот завод, односно управа, кој што е засебен правен субјект според закон, да ги прибереме податоците, да го утврдиме трошењето на средствата и да ја провериме подготвеноста техничката и друга на системот за градобијна заштита и за тој дел ќе добие писмено известување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Колку што разбрав на поставено прашање ќе добие пратеникот дополнителен писмен одговор.

Дали сте задоволни од одговорот на првото прашање.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Воглавно сум задоволен, само јас имајќи ја предвид оваа тешка година, сакав да прашам дали иво тие договори  што ги склучуваме за слободна трговија, кога ќе

бидат нарушени пазарните текови, како што е очигледно со пласманот на јаболка оваа година, дали нешто вонредно може да се направи во тие услови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е како дополнително прашање.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Можам да одговорам. Прво немаме право, ако имаме склучено договор за слободна трговија во кој што сме ги утврдиле условите со одредена земја да воспоставуваме дополнителни царински давачки спротивни на договорот.

Второ, ако сме потпишале договор со Светската трговска организација, точно се определени царинските заштити, што ги уживаат македонските и други производи и тие неможеме да ги менуваме. Така да во делот на прашањето за тоа дали и колку можеме да го спречиме увозот на овошје, односно јужно овошје од другите земји и колку и дали можеме преку подигање на цената на увозните давачки, за тоа не ќе можеме да сториме многу, освен ако сакаме да го прекршиме договорот и да се изложиме на посебна арбитража, односно на посебни институции во рамките на Светската трговска организација, а тоа би било прилично непријатно да пристапите во договор со Светската трговска организација 2002 година, да ги прифатите сите услови и потоа само за една година да почнете процедура со кршење на прописите на Светската трговска организација. Институциите таму сигурно нема да имаат поволно мислење за нас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање беше упатено до Министерството за економија.

Има збор господинот Стефчо Јакимовски, министер за економија.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Прашањето се однесуваше за “Преспатекс”, јас дел ќе одговорам усмено а дел поконкретно за “Преспатекс” ќе доставам писмена информација. Точно е само дека од повеќе друштва што постојат во “Преспатекс”, само едно е во состојба на кондиција да работи, да ги обавува своите работни задачи и да стопанисува, меѓутоа останува проблемот со долговите на целокупното друштво, околу и за што во писмена форма конкретна информација до почитуваниот пратеник, меѓутоа, делот што се однесува на стечајните постапки, точно е дека таа е долготрајна стечајна постапка, повеќе од 4 години. Искрено и ние како Министерство за економија имаме сериозни забелешки на водењето на стечајните постапки од страна на стечајните управници и заедно со стечајните судии, морам да кажам дека има и такви кои што завршуваат навистина во краток рок и многу успешно овие стечајни постапки. Но

има некои кои што дури се сомневам дека и намерно ги одолговлекуваат стечајните постапки, при што Министерството за економија и Владата е немоќна од причини што тоа е надлежност на судот, на стечајниот судија и на стечајниот совет.

Морам да кажам дека имаме и такви ситуации кога се бараат од нас и мислења одредени и ние да ги доставуваме тие мислења до истите, меѓутоа не се почитуваат. Сето тоа што со одолговлекувањето на стечајните постапки имаме многукратни негативни ефекти.

Прво, јасно е дека вработените не одат на работа. Второ, не се создава производ, трето, значи тие претпријатија понатаму се разграбуваат, што значи дека агонијата наместо да се скрати, таа се продолжува. И кога вработените, односно синдикатите се против одење во стечај се токму од овие причини. Наместо со стечајните постапки ние брзо и ефикасно да ги разрешиме проблемите, да стартуваме потоа како што се вели од нула и да може повторно ако не сите, барем дел од вработените да се вратат повторно на работа и да почне повторно производствениот процес, со стечајната постапка се создава една невидена агонија, која што во долг временски период и се ограбува фирмата и се создава една шпекулативна атмосфера, која што влијае апатично, особено кај вработените и тоа е главната причина зошто тие наместо во ситуација во која што се наоѓаат нивните претпријатија да бараат стечајна постапка за разрешување на проблемите, тие пружат отпор. Јас заедно со мојот колега од Министерството за правда, сме веќе договорени да се изработи нов закон за стечај во кој што ќе инсистираме стечајната постапка да се извршува по многу побрза и скратена процедура и да се зголеми одговорноста на оние што ја водат. Инаку, засега нашата моќ како Министерство за економија е готово никаква во овие стечајни постапки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи одговорот иако беше понуден да биде писмен, беше многу исцрпен и усмено.

Дали сте задоволни од одговорот?

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Од одговорот сум задоволен, но дополнително барам да ми се достави и во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Апелирам до пратениците, а исто така и до претставниците на Владата да бидеме концизни и кратки, за да можат што повеќе прашања да бидат поставени. И

во одговорите исто така да бидеме концизни и кратки и да се држиме само до темата на прашањата.

Сега е на ред да постави прашање пратеникот Слободан Данвски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Моето прво пратеничко прашање ќе биде до Владата. Се работи за веќе познатиот случај. Помина една година градот Свети Николе не го реши она што значи елементарно снабдување со вода. Јас ова пратеничко прашање би го поставил до господ, ако може да ја реши оваа ситуација. Но еве помина година време, ништо не се решава. Не сакам да елаборирам, се е познато. Во моментот има вода за пиење со една цистерна. Она кажување од ресорните министерства ќе, ќе, останува дека неможе да биде ништо. Не сакам да зборувам колку пари се потрошени, дали се наменски или ненаменски, тоа има институции кои треба да го проверат, но општ факт е дека година дена градот Свети Николе нема чиста вода за пиење. Доаѓа друга година, влегуваме во летен период и нема да се подобри. Мора да се најде оптимално решение за градот Свети Николе. Мора да се најде алтернативно решение. Сите кажувања, веќе им досадив и на граѓаните и на македонската јавност, но да помине министерот за екологија, или незнам кој, да види каква е состојбата во градот Свети Николе.

Второто пратеничко прашање е до Министерството за транспорт и врски и урбанизам и градежништво. Се изврши масовно рушење на некаде стотина објекти.

Моето барање до ресорното Министерство, да изготви писмена информација, затоа што таму се рушени објекти кои имаат уредна техничка документација и кои ги имаат поминато сите постапки и процедури, почнувајќи од генералниот односно деталниот урбанистички план. Вршени се притисоци со закани на сила, со политички методи, со одмазди. Направени се големи материјални штети. Уништени се објекти и останати се некаде 50-тина семејства на улица, не само со тоа што се затворени и срушени објектите. Не можат да функционираат педесетина семејства кои бараат егсистенција во тие објекти.

Третото мое прашање е до Владата на Република Македонија. Барам од Владата на Република Македонија, почнувајќи заклучно од 1990 година да изготви информација за сите службени станови, почнувајќи од пратеници, министри, претседатели, заменици министри, државни секретари, началници, новинари, заслужни граѓани, актери, глумци, сите што имаат добиено станови, по кој основ, која цена, за колку. Затоа што имаме еден дежурен, пијан пратеник кој нон стоп зборува

глупости. Да му се расчисти еднаш на дежурниот пијан пратеник. Да му се забрани да пие нон-стоп и да зборува глупости. Да му се даде балон за дување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше до Владата на Република Македонија во врска со снабдувањето со вода на Свети Николе. Претпоставувам дека министерот за екологија би можел на тоа да одговори.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Ќе бидам сосема краток бидејќи прашањето е упатено до Владата и на ова прашање сме дале бесконечен број одговори. Целосна надлежност за решавање на водоснабдувањето, на било кое населено место е на локално ниво, односно на општината. Се она што општината го има побарано од страна на надлежните државни органи, дали е тоа Министерството за животна средина и просторно планирање, дали е тоа Министерството за транспорт и врски, го имаме обезбедено и очекуваме дека проблемот со водоснабдување во општина Свети Николе ќе биде решен.

За сите оние алтернативни решенија за кои што зборува почитуваниот пратеник, треба да се донесе одлука на општинско ниво, да си изберат свои најповолни решенија, а централните државни органи се тие кои што понатаму треба врз основа на избраното техничко решение за водоснабдување да одговорат позитивно. Мислам дека државните органи одговорија позитивно на барање на општината Свети Николе и очекуваме дека тој проблем од страна на локалната власт ќе биде решен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, дали сте задоволни од одговорот?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во континуитет цела година го слушам истиот одговор. Моментално градот Свети Николе нема чиста вода за пиење. И никој неможе да потпише дека водата е исправна, затоа што технолошки неможе да се дотера водата со таа технологија што ја предвидува министерот, што објаснува дека ќе се реши. Нема да се реши и нема никој да потпише затоа што ќе носи одговорност. Се работи за вода за пиење. Затоа што технолошки петта категорија на вода во светот неможе да се направи. Тоа многу чини. Огромни средства. Во дадениот момент не може да се реши случајот. Ќе чекаме ќе поминат и два месеца, ќе го потсетам министерството.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи другите две прашања беа по ваше барање писмено да ви се одговори, вие ќе добиете писмен одговор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседател.

Јас ќе го искористам правото за три прашања. На почетокот да кажам дека првото е до Министерството за внатрешни работи, второто е, верувам до Владата на Република Македонија и се однесува на еден дел на Парламентот како законодавен дом, а третото прашање е до министерот за транспорт и врски.

Првото прашање е во врска со еден случај што се случил на 13 август 2001 година, врз основа на кој случај на 27 мај 2002 година лицата: Назми Алиу сега починат, Енвер Алиу, Зибер Даути и Неџбедин Алиу, сите од Сарај, преку овластено лице се обратиле до Основното обвинителство - Скопје, поднеле кривична пријава против непознати лица учесници од Министерството за внатрешни работи за кривични дела засновани на членовите 123, 140 и 142 од Кривичниот законик на Република Македонија.

Како што реков, кривичната пријава е за случајот што се случил на 13 август 2001 година, на влезот на Државната болница, каде што се случило малтретирање на лицата за кои што говорев, како последица од што едниот претрпел оштетувања, Назми Алиу и тој,  следниот ден на 14 август 2001 година починува.

Имајќи предвид дека со овој случај јавноста е запозната преку средствата за информирање и дека вршител на овие дејства, што ги спомнав, се припадници на Министерството за внатрешни работи, моето прашање е во врска со следново: - Што презело Министерството за внатрешни работи за идентификација на припадниците на Министерството за внатрешни работи, припадници во малтретирање на горе споменатите лица и посебно барам објаснување како е можно Министерството за внатрешни работи да не може да ги идентификува ангажираните лица, кога се знае дека за секој ден ангажирање се води посебна евиденција. На крајот на краиштата, одговорност имаат лицата кои се раководни и кои во тоа време раководеле со Министерството за внатрешни работи и со посебните сектори, за што во рамките на нивните ингеренции, што ги имаат тие припадници, резултираат и со нивна одговорност. Затоа, мислам дека Министерството за внатрешни работи ако вршителите, конкретнит вршители не ги наоѓа, за овие дела што ги направиле, со ова дејство, индиректна одговорност носат тогашните раководители.

Второто прашање, нагласив и на почетокот, еден дел е во врска со нас, како законодавен дом и со Владата на Република Македонија, односно потрошувачите на Буџетот. Би нагласил дека дел од ова прашање имам апсолвирано околу дебата за Законот за реализација на Буџетот за 2004 година.

Моето прашање е следна:

- Зошто Владата на Република Македонија или потрошувачите на Буџетот не ја почитуваат законската регулатива на Законот за реализација на Буџетот за 2004 и за 2003 година. Конкретно се работи за членот 12 алинеја 3 од овој закон, цитирам: "На вработените рабоводни, кои се именувани и државни службеници, раководни, кај корисниците на Буџетот кои живеат во една општина, ако не добијат надоместокот за одвоен живот, значи им следат трошоци за живот во висина што е реална, за средствата од јавниот превоз што е најефтин и воозможуваат доаѓање, односно одење на време на работните места".

Објаснувањата што се даваат од Министерството за финансии:

"Имајќи предвид дека гореспоменатите лица, (се мисли на државните лица и именуваните) не се наименувани од Владата на Република Македонија, ним не им припаѓаат овие права".

Имајќи ги предвид определбите на Уставниот суд на Република Македонија за ова прашање и тоа што предвидено со Законот, еден дел од одговорот за ова прашање барам и од Министерството за одбрана, знаејќи дека ние во Законот за измена и дополнување на законот за служење во Армијата на Република Македонија сме го инкорпорирале ова прашање во посебниот закон за армија, меѓутоа не се почитува на сите нивоа. Затоа барам објаснување зошто не се почитува законот?

Додека од Параламентот, како од законодавен дом барам одговорност и одговор, зошто ние како Парламент не ја вршиме нашата прва функција, а тоа е контролирачка функција врз реализација на законските одредби што овде сами ги усвојуваме.

Третото прашање се однесува со Министерството за транспорт и врски, односно може и до Владата на Република Македонија. Тоа е во врска со патниот правец Маврово - Дебар, а во таа насока патот Извор - Бошков Мост.

Дали Владата на Република Македонија планира, односно Министерството за транспорт и врски да тој пат Извор - Бошков Мост го отвори повторно и го стави во функција, со што ќе овозможи пократка врска и поефективна врска помеѓу Кичево и Дебар за потребите на граѓаните, за слободна трговија и за проширување на патот Маврово - Дебар.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Талат.

Имаме уште 10 минути до паузата, па да бидеме кратки во одговорите.

Првото прашање беше до министерот за внатрешни работи.

Повелете господине Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Случајов ќе мораме да го провериме, претседателе, па писмено ќе одговориме на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На прашањето ќе добиете писмен одговор,

Второто прашање беше поставено до Владата на Република Македонија, до Собранието на Република Македонија, до Министерството за финансии.

Јас, во име на Собранието можам само да одговорам дека, ако е тоа точно, нема посебни закони за Влада, посебни за Собранието. Законите важат за сите. Но, еве нека одговори министерот за финансии со врска со тоа што беше кажано, што беше наведено од страна на пратеникот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работи за прашањето за превозот, нели?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За надоместоците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пратеникот Џафери децидно го цитираше законот што е на сила и Владата на Република Македонија  го спроведува законот. Меѓутоа, во самиот одговор односно во самото прашање еднаш се спомна, претпоставувам ненамерно, за избраните и именувани лица, а еднаш стана збор за државни службеници. Значи, одредбата во законот е децидна и таа важи за избрани и именувани лица. За државните службеници важат други одредби од законот.

Владата на Република Македонија, за оваа категорија на лица го спроведува законот и, ако има некој поединечен случај каде не се спроведува, го замолувам господинот Џафери во комуникација со некое од министерствата или со Министерството за финансии да ни посочи и да се спроведе.

Додека за луѓето кои работат во Армијата на Република Македонија е уредено со друг закон, тоа е Законот за служба во АРМ и претпоставувам дека министерот за одбрана после мене ќе даде дополнителен одговор, затоа што овие одредби за тие

лица не се однесуваат. Таму е посебно. Го молам господинот Бучковски да го дополни тој дел од прашањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Случаите што ги посочи пратеникот Талат Џафери верувам дека постојат. Но тие, ако се онака како што тој ги спомна се значи исклучок од генералното правило. Ние, согласно Законот за служба во Армијата организираме превоз. Значи, имаме организиран превоз за припадниците на Армијата на Република Македонија, независно дали се дел на униформираниот дел или се цивилни лица во служба на Армијата. Затоа му должам писмен одговор ако посочи конкретно за случаите каде што оваа одредба не се спроведува. Ние и до сега сме тргнувале од начелото на законитост, како еден од основните принципи и мора да се почитуваат измените што се во Законот за служба во Армијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Талат, дали сте задоволен од одговорот?

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас само сакам да нагласам дека прашањето не го мислам на генерален начин, на општ начин, значи не за сите, туку за тоа што е специјален или посебен закон или правило. И, јас нагласив, не дека е нагласено во одбраната, меѓутоа го нагласив како пример, е во однос на местата каде што не е организиран транспорт, како што рече министерот дека е организиран трнспорт, туку затоа што го цитирав Законот за примена на Законот за буџет. Јас мислам дека јасно сум го цитирал "вработените што се именувани, раководните именувани вработени како и државните службеници  кои се раководни лица”. Ова е првата реченица од членот 12 алинеја 3. Ако сум направил грешка, треба да го видиме текстот на законот, ако има грешка, нема проблем. Меѓутоа, се работи за оваа категорија на лица што имаат посебни права како раководни државни службеници. Да не цитирам кои се сите по ред.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мислам дека сме блиску до проблемот што господинот Талат Џафери го лоцира. Треба само да ни посочи дали има поединечни случаеви. Нема потреба во вид на пратеничко прашање. Дали има такви поединечни случаи, а ако се работи за раководни и именувани лица, тогаш законот е јасен и тоа ќе го почитуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Третото прашање беше поставено до Министерството за транспорт и врски, со врска со пворзувањето на Бошков Мост и Извор, за патот.

Повелете господине Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Писмен одговор ќе дадеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор. Тоа е деловничко право.

Значи, тука ќе завршиме со поставување на пратенички прашања на претпладневната сесија. Сега ќе одиме на пауза а продолжуваме во 14,оо часот.

Следни говорници се госпоѓа Марија Којзеклиска, потоа господинот Џезаир Шаќири, затоа што се пријави како независен, па потоа Благој Голомеов, Жарко Караџоски и т.н.

(Паузата за претпладневата сесија започна во 12,58 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате право на три прашања од вкупно десет минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодама претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри на Владата на Република Македонија

Се надевам дека овој пат министрите ќе направат преседан и ќе бидат задоволни од прашањата што ќе им ги поставам, за разлика од колегите пратеници кои често се тие задоволни, но да почнам.

Првото прашање ми е до министерот за образование и наука, господинот Азис Положани. На една од претходните седници каде што на Собранието на дневен ред беше интерпелацијата на министерот за образование и наука Азис Положани, еден од пратениците на опозицијата даде забелешка за незаконито поставување на в.д.

директор во училиштето, Државното средно угостителско училиште Лазар Танев во Скопје. Во истиот тој ден министерот го потпиша и решението за именување на директор во училиштетото на соодветната личност, иако таа личност ниту ден работно искуство во воспитно образовна работа, која подлежи на законот за средно образование. Ова го заклучи училишниот одбор на училиштето, Државниот просветен инспекторат Бирото за развој на образование на Република Македонија, со што не даде мислење за кандидатот. Избраниот директор на училиштето поседува приватна фирма со име Друштво за трговија, посредување и услуги 2-б, во која покрај другото дава и интелектуални услуги односно одржува курсеви по англиски јазик.

Значи, прашањето до министерот гласи, зошто министерот за образование донесе решение за именување на директор во Државното средно угостителско туристичко училиште Лазар Танев во Скопје, кое не го исполнува посебниот услов од Законот за средно образование, најмалку 5 години работно искуство во воспитно образовна работа и дали министерот има намера да го укине решението и во законска процедура да назначи друг директор кој ги исполнува законските услови. Тоа е во однос на првото прашање.

Второто прашање е до министерот за правда. Министерот за правда, знам дека е во Клубот на пратеници, се надевам дека ќе слушне. На ден 23.01.2002 година по претресот на камионот сопственост на лицето Мијалче Богданов од страна на одделението за безбедност во Воден, Република Грција, најдени се 1080 грама хероин. Лицето Мијалче Богданов врз основа на пронајдените докази било притворено во судскиот затвор во Солун, а подоцна и осудено на казна затвор во траење од 8 години за сторено кривично дело за изнесување, поседување и пренос на наркотици. Судската постапка не била спроведена согласно меѓународно прифатените стандарди за судење на странски државјани со што на лицето Мијалче Богданов не му е обезбедена соодветна правна заштита, ни правно постапување согласно тие стандарди. Поради нарушената здравствена состојба на лицето Мијалче Богданов побарано е и негово префрлање во Република Македонија заради лечење и бранење од слобода.

Барам од министерот за правда да ми одговори до каде е постапката со предметот на Мијалче Богданов притворен и осуден во Република Грција каде што ја одлежува и казната затвор.

Третото прашање се однесува до Владата на Република Македонија. На 25.02.2003 година значи точно пред еден месец 2004 година се извинувам, беше

промовирана новата директорка на Полициската академија госпоѓа Слаѓана Тасева. Од она што го знаеме од функциите кои ги извршува госпоѓа Слаѓана Тасева очигледно дека се работи за супер жена, во исто време извршува неколку работи. Затоа барам од Владата на Република Македонија да ми одговори врз основа на кои критериуми и врз основа на кој закон е утврден основот дека не постои конфликт на интереси при назначување на госпоѓа Слаѓана Тасева и за директор на Полициската академија, истовремено е член на Анти корупциската комисија и е член на најтесното раководство на невладината организација Транспарент.Тоа се моите прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи на третото прашање имаме претставник на Владата, ќе почнеме од третото прашање.

Повелете господине Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Благодарам.

Јас не би ги коментирал квалификациите дали навистина госпоѓа Тасева е супер жена. Меѓутоа, Владата не ја именува за директор на Полициската академија, тоа е во надлежност на министерот за внатрешни работи и Владата не ја именува за член на Анти корупциската комисија, всушност тоа е во надлежност на Собранието. Така да, прашањата колку што разбирам јас не се до адреса на Владата, затоа што органите што вршат именување се други. Во случајот Ви ги посочив министерот за внатрешни работи и Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е дополнително прашање.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Тоа е истото прашање до министерот за внатрешни работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не знам дали министерот за внатрешни работи гледа на телевизор.

Го молам министерот за образование и наука и заменикот ако е тука, министерот за внатрешни работи и министерот за правда, да влезат во салата. Имаме телевизори на секое ќоше, меѓутоа, сепак треба да се дадат одговори овдека.

Повторете го прашањето госпоѓо Којзеклиска само во 15 секунди, ве молам.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Само прашањето.

Зошто министерот за образование и наука Асиз Положани донесе решение за именување на директор на Државното средно угостителско туристичко училиште Лазар Танев во Скопје за лице кое не го исполнува посебниот услов од Законот за средно образование најмалку 5 години работно искуство во воспитно образовна работа и дали има намера да го укине законското решение и во законска процедура ќе назначи друг директор, кој ги исполнува законските предвидени услови. Кратко и јасно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не беше кратко, но беше јасно.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Со дополнителна проверка, која што кандидатот за директор, тогашен вршител на должност директор, а понатаму кандидат за директор во конкурсот, беше презентирана документација во која што се докажува дека вршела дејности, кои што се во регистарот соодветно класифицирани во регистарот на Министерството за образование и наука од областа на образование. Значи, учење на странски јазици. Дополнителната проверка од страна на инспекцијата утврди дека таков класифициран код, кој што е, се согласувам дека е преопширен и во него не може да се класифицираат и други дејности, кои што се од поширок интерес за образованието, а доведоа до дилема дали кандидатот ги исполнува и условите или не ги исполнува условите. Значи, конечната одлука која што министерот ја донесе беше врз основа на уверување дека, сепак, таа дејност која што се вршела во приватното школо е дејност класифицирана во Министерството за образование и наука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За разлика од Владата не сум задоволна, мислам она што го барав од Владата да биде задоволна од прашањата, јас не сум задоволна од одговорот. Ова како што го разбрав значи истата личност станала директорка на соодветното училиште, меѓутоа, сакам да прашам воспитно - образовната дејност значи дејност која е верифицирана во Министерството за образование и наука, работи по наставни програми и планови донесени од Бирото за развој на образованието, подлежи на контрола на Министерството за образование и наука, а учениците во тие установи се здобиваат со одредено знаење и степен на образование преку сведителства и

дипломи. Во приватната фирма и покрај инспекцискиот надзор кој е извршен, се издаваат потврди за завршен курс.

Дали според Министерството за образование и наука издавањето на потврди за завршен курс и изучување на странски јазици, се смета за воспитно образовна работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е дополнително прашање, претпоставувам.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Да, оваа материја не е законски регулирана, бидејќи немаме закон за неформално образование, тој е во процедура и се изготвува и пред овој Парламент ќе биде поднесен и верувам дека со тие законски решенија конечно ќе биде регулирана оваа област, која што законски не е покриена. Се дотогаш важи квалификацијата спрема дејностите, која што во номенклатурата во Министерството за образование и наука постои веќе подолг временски период. Значи, според таа квалификација дејноста која ја вршеле во приватната установа е од воспитно образовна природа. Постојат законски колизии во кој што, се сложувам, дека согласно сегашните законски решенија Просветниот инспекторат и не може да изврши увид во приватните училишта за странски јазици, ниту пак тие бараат согласност за отворање на училишта, бидејќи не постои законска регулатива во тој дел. Воочена е таа аномалија и се настојува да се отстрани преку изготвување на законско решение, за кое што верувам дека овој Парламент ќе го усвои во иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали министерот за внатрешни работи сака да одговори на дополнителното прашање по третото прашање во врска со госпоѓа Слаѓана Тасева. Бидејќи, го преформулира, го преупати прашањето до министерот за внатрешни работи, затоа што потпретседателот на Владата го препрати до вас.

ХАРИ КОСТОВ:

Се извинувам што не го чув изворно прашањето, туку само ми беше пренесено за тоа кои беа основните поенти околу назначувањето на госпоѓа Слаѓана Тасева за директор на Полициската академија. Затоа, однапред ќе се извинам ако не одговорам до крај на прашањето како што беше поставено, меѓутоа, ако има дополнително прашање, тогаш може и да ги допрецизираме работите.

Поставувањето на директор на Полициската академија се врши со решение на министерот за внатрешни работи. Притоа, имавме предвид дека госпоѓата Тасева целиот работен век досега го има поминато во МВР, најголемиот дел, освен

последните неколку години, дека во исто време е доктор на науки и дека основната функција на Полициската академија треба да биде токму образовниот процес за оспособување на идни полицајци, инспектори, односно за оспособување на луѓе, кои ќе бидат во согласност со потребите на Министерството за внатрешни работи. Исот така, оценувавме дека е личност која има и добри релации со меѓународните институции, кои што токму треба и во наредниот период со соодветна помош и од образовниот процес и од аспект на осовременување на Полициската академија дека може да придонесе со својот ангажман. Исто така, госпоѓата Тасева нема работен однос во било која од другите институции, дури и членството во Анти корупциската комисија овде е врз основа на решението од Собранието, врз основа на кои им се определеува соодветен надомест, меѓутоа не и работен однос.

Според наше мислење не постои никаков конфликт на интереси за нејзиното назначување за директор на Полициската академија, а токму напротив се раководевме само од оние стручни квалитети, кои што на почетокот ги спомнав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И второто прашање е упатено до Министеството за правда.

Госпоѓо Којзеклиска, вие вашето дополнително прашање го истрошивте, со тоа што не бевте прецизни до кого го упатувате. Дополнителното прашање беше до министерот. Прецизноста е многу битна работа.

Бидејќи, од Министерството за правда нема претставник одговорот на прашањето ќе го добие по писмен пат.

Дали ќе може Владата да одговори?

Жалам, но ќе добиете писмен одговор за второто прашање.

Преминуваме на следниот пратеник.

Повелете господине Џезаир Шакири, имате три прашања во рок од десет минути.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Благодарам господине претседател.

Се извинувам што претходно не бев овде кога требаше претходно да одговорам на писмените одговори на министерот за транспорт и врски, кој ги поднесов на минатата седница и сакав да го каже моето размислување во врска со овој одговор дека не сум задоволен од овој одговор.

На крајот на изјавата министерот за транспорт и врски вели дека износот кој го наведов на последната седница од 804 илјади германски марки е износ за патот од

село Бродец до Тануша, нема сознанија за овој износ. Јас го имав документот на проектот за Буџетот за 2003 година каде постои овој износ на средства во германски марки и во денари. Овде станува збор за 24 милиони денари, кои се наменети за овој пат, така што министерот за транспорт и врски го наведува и износот на пари, колку е во договор со Бетон во врска со овој пат, овде се наведуваат само 11 милиони, додека фирмата што го гради овој пат Комерц од Куманово има договор со Бетон, кој нема работено во оваа насока, но ги има земено само 8 милиони и 700 и нешто илјади денари. Значи, ова е во однос со минус од 3 милиони денари кои се губат во етерот, а да не зборуваме за 24 милиони кои во проектот во Буџетот на Владата. Мое размислување е дека со овие пари, кои се во Буџетот, може да се изгради искрено патот и за Тануш, Малина и Брест. Но, како што гледаме договор по договор овие пари почнаа да се намалуваат и овие средства од Буџетот се внесуваат во употреба. За жал, ова не е последен случај.

Првото прашање ќе го упатам до министерот за внатрешни работи, а ова ќе биде и мое последно прашање.

Вчера на граничниот премин Ќафасан, од страна на Македонија, каде лицето Шефќет Красниќи, д-р проф. по Исламски науки и член на Претседателството на Исламската заедница на Македонија, е приведено од безбедносните сили околу 3 часа со психички малтретирања иако бил со неговиот 80-годишен татко, мајка му и сестра му, без никакви причини. Единствената причина била зошто имал една виза кога бил една година во Хаџ, Саудиска Арабија. И јас сум бил таму на аџилак и имам виза. Тоа лице по 3,5 часа психички малтретирања е ослободено. Тој сакал да дојде на гости кај мене, бидејќи многу години е пријател на моето семејство.

Сакам да го прашам министерот за внатрешни работи кои се другите причини или законски основи за да го малтретираат патникот, случајните патници или гостите во нашата држава, цели 3,5 часа но без никаков доказ. Ве молам да внимаваме на ваквите работи. МВР е должно да ги следи сите лица, се додека најде доказ, а не да посвети 3,5 часа на распрашување на една личност која е позната на Косово, предава во високото теолошко училиште во Приштина. Треба да ги имаме предвид овие работи, а министерот треба да ги дисциплинира вработените во МВР.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Шаќири, вие имавте едно прашање до министерот за внатрешни работи.

Повелете, г-дине министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас морам да кажам дека за ваков настан во текот на вчерашниот ден не сум информиран и не постои во ниту еден од денешните билтени на МВР. Напротив, воопшто не можам да верувам околу приказните за физички малтретирања на лица и тоа сигурно не е направено. Меѓу другото, имаше можност да се чуе од изјавата на претставниците на Проксима дека за овој период додека се овде, повеќе од 3,5 месеци, досега не е регистриран случај на злоупотреба на човековите права.

Според тоа, си земам за обврска дека и за овој случај, ако таков постои во текот на вчерашниот ден, за наредната седница пратеникот ќе добие одговор во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот, г-дине Шаќири.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Може би е грешка во преводот јас реков дека биле психички а не физички малтретирања, и би сакал министерот да не информира на наредните седници дали овој случај се случил. Ова не сме го измислиле ние, но да не информира во врска со тоа, а во иднина да не се служуваат вакви работи.

Знам дека министерот нема сознанија за овој случај што се случил вчера, кога 3,5 часа психички е малтретирано ова лице, така што ќе бидам задоволен ако на наредната седница добијам одговор на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи на ова прашање ќе добиете одговор во писмена форма.

Следниот пратеник кој ќе поставува прашања е г-динот Благој Голомеев.

Повелете г-дине Голомеев имате 10 минути за три прашања.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕЕВ:

Благодарам, г-дине претседателе.

Јас имам три прашања.

Првото прашање го упатувам до министерот за правда.

И покрај скорешните измени на Законот за стечајна постапка, што ги донесовме, сметам дека во оваа сфера имаме една прилично хаотична ситуација Стечајните постапки се изведуваат бескрајно долго и неефикасно и наместо да бидат инструмент за брзо преструкутирање на фирмите односно за брза промена на сопственичките односи со цел за побрза ревитализација на производните процеси и на враќање барем на дел од вработените кои се квалификувани во тие фирми, стечајните постапки се претвораат во инструмент за доуништување односно

доруинирање комплетно на овие фирми. Затоа, мислам дека треба да се преземат некои чекори во смисла на подигнување на ефикасноста на водењето на стечајните постапки.

Го прашувам министерот: Што мисли Министерството за правда да преземе во однос на санкционирањето и одговорностите на сите инволвирани во огромниот криминален број на стечајни постапки на кои сме сведоци во Република Македонија, без разлика дали тоа се однесува на стечајните судии, стечајните управници, или други инволвирани лица. Едноставно прашањето е во насока на подигнување на ефикасноста на стечајните постапки.

Второто прашање би сакал да го поставам до министерот за економија и се однесува на тоа што може и што планира Министерството да преземе во поглед на заживувањето на безцаринските зони како еден од основните инструменти за привлекување на пообемни и поквалитетни инестиции во Република Македонија. Колку ми е познато во Република Македонија се предвидени неколку такви бесцарински зони. Едната треба да биде лоцирана во Штип, во рамките на поранешниот комбинат “Македонка”, каде постои извонредна инфраструктура за такво нешто и доколку оние безцарински зони се ефектуираат ќе бидат во функција на градење пред се производни капацитети, па сметам дека она што е примарна заложба на Владата, ззаживување и ревитализација на македонската економија, во таа насока ќе имаме посериозни шанси.

Исто така, би сакал да запрашам дали Министерството смета дека е потребно по законски пат да ги стимулира додатно инвестирањата кои би биле пласирани во внатрешноста на Република Македонија , имајќи предвид дека 95% од економските активности се во Скопје, па според тоа и интересот на странските инвеститори главное насочен кон главниот град односно центарот на Република Македонија, и треба да се преземат одредени активности со дополнителни стимулации да се стимулираат евентуалните инвеститори да инвестираат повеќе во внатрешноста во Република Македонија , бидејќи равномерниот развој на Републиката е од есенцијално значење за опстојувањето на оваа држава.

Третото прашање го упатувам до Министерството за транспорт и врски. Иако неколку пати и на оваа седница посветена на пратенички прашања беше актуелизирана состојбата во патната мрежа во Република Македонија, посебно во источниот дел на Република Македонија , морам да потенцирам дека таа навистина е очајна и по видувањето на многу преставници на меѓународни финансиски институции, европски и светски, кои имале прилика да дојдат во тој дел, јасно е дека

со години отсуствуваат позначајните инвестирања во патната мрежа како основен предуслов за развој на економските активности во тој дел на Република Македонија.Не можам да с ватам зошто на пример патниот правец Штип-Велес или до автопатот, без оглед дали тоа ќе биде до Велес или на клучката Миладиновци, за што имавме иницијатива пред нова година и се донесоа заклучоци на Собранието, меѓутоа, тие како да остануваат мртва буква на хартија. Зошто тој патен правец, сакам да потенцирам, кој е исклучиво фреквентен и по сите европски и светски параметри може да биде предмет на концесионерство, односно да биде интересен за странски вложувања, зошто не се размислува на тој начин да се поврзе цела Источна Македонија со овој патен правец со центарот на Република Македонија и со главниот град, ако веќе како држава сме сиромашни и не можеме сами да инвестираме поголем износ на средства. Тој патен правец кој има фреквенција два пати поголема од фрекфенцијата на патниот правец Велес-Скопје, убеден сум дека може да биде интересен за концесионерско вложување.

Што се однесува до другите патни правци - Штип-Струмица, Штип-Делчево, мислам дека и тука треба да се направи одредена програма и овие патни правци да почнат да се ревитализираат што побрзо. Инаку е неприфатливо еден патен правец како што е Штип-Струмица со години да се гради и може да се каже на многу мали делници, наместо да се направи една стратегија и за еден пристоен временски период тој да биде саниран и да биде доведен на ниво за некоја примена која ќе одговара на потребите и на времето во кое живееме.

Тоа се моите прашања и би сакал да ги слушнам размислувањата на почитуваните министри.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до Министерството за правда.

Повелете г-дине министре.

ХИЏЕТ МЕМЕТИ:

Во однос на ефикасноста на судските стечајни постапки, Собранието минатата недела ги усвои новите измени на Законот застечај во кој ние како Влада сметаме, а верувам и пратениците и во Собранието навистина се направени квалитетни решенија со кои таквите постапки ќе дадат брзи резултати во стечајните постапки во пракса. Останува во тоа да се увериме, а јас сум уверен дека нема да останат ефектите од измените што ги направивме пред неколку дена.

Во однос на делот на прашањето дека има индикации и информации дека во таквите постапки има злоупотреби и изигрувања на законските прописи, било да е

тоа од стечајните управници или другите учесници во таквите постапки, мислам дека ние имаме систем, ако има такви информации поткрепени со докази препоражувам да се доставуваат до надлежните институции, ако се смета дека има елементи од кривични дела до МВР и Јавното обвинителство. Ако има такви пропусти во постапките каде што на пример судиите се во прашање или стечајните управници, сметам дека тие информации треба да стигнат до надлежните органи, како што е Републичкиот судски совет или Министерството за правда, ако се работи за стечајните управници, затоа што лиценците се даваат во Министерството за правда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот г-дине Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Јас реков дека со последните измени во Законто за стечај се очекува да има подобрување, иако останувам на мислењето со нов закон со строго организирани правила на игра ќе беше подобро решение. Едноставно на овој начин јас се обидувам да извршиме одреден притисок на сите инволвирани жинители во овие процеси, малку поодговорно и посовесно да се однесуваат во оваа битна сфера и битна материја.

Во секој случај благодарам на одговорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немаше дополнителни прашања.

Второто прашање беше упатено до министерот за економија.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Во писмена форма ќе одговориме на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање беше упатено до Министерството за транспорт и врски. Повелете г-дине Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Бидејќи генерално скоро на сите седници на кои се поставуваат пратенички прашња се поставува исто прашање ќе овозможиме преку Фондот за патишта да се состави писмена информација каде ќе бидат наведени плановите и ќе се каже што се планира околу патната инфраструктура во Источна Македонија, за да завршиме еднаш со тие прашања, за да добиеме вистинска слика кои се можностите и кои се плановите за патна инфраструктура во Источна Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Добро, јас го прифаќам ваквиот одговор, меѓутоа ќе инсистирам навистина да се земат предвид сите можни решенија за подобрување на патната инфраструктура во Источна Македонија, значи да се преземат сите инструменти, како и можноста за концесии, за распишување конкурси, за евентуално концесионерско вложување, бидејќи сепак мислам дека има услови за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник за поставување прашања е г-динот Жарко Караџоски. Повелете, можете да поставите три прашања за време од 10 минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Моето прво прашање е до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија преку премиерот, на една од седниците на Собранието на Република Македонија најави дека 2004 година ќе биде година на економски бум или економски процут, како што милува да каже премиерот, година во која се очекуваат и тоа уште на самиот почеток 200 милиони евра инвестиции.

Почитувани минисри, деновите минуваат, почитуваниот премиер во услови кога падот на индустриското производство изнесува цели 46%, средувајќи ја економската состојба во Република Македонија и остварувајќи ја и партиската но и Владината програма, се кандидира за претседател на Република Македонија. Дали тоа значи дека дефинитивно во Република Македонија нема да стасаат инвестициите кои ги најави премиерот, дали тоа значи дека неможејќи да се справи со економските и други проблеми во Република Македонија, премиерот заендо со Владата бега од одговорноста, нудејќи се сега за кандиат за претседател на Република Македонија. И дали тоа значи дека истиот, поточно заедно со Владата го признаваат поразот и нивната неспособност да се справат со проблемите кои ги има Република Македонија, па од нив се бара излез.

Тоа е првото прашање.

Второто прашање е исто така до Владата на Република Македонија.

Шест министри вклучени во изборниот штаб на г-динот Бранко Црвенковски ќе користат државни ресурси за претседателската кампања на премиерот. Тие ќе ги трошат парите на македонските даночни обврзници, а ќе ги запоставаат државните функции. Наместо да се занимаваат со реформите, министерствата ќе ги претворат во партиски штабови. Владо Бучковски аместо сопартиски активности треба да се

занимава со реформите во одбраната, а вице премиерката Радмила Шеќеринска со процесите на интеграцијата, наместо да му биде портпарол на човекот што води најнеуспешна Влада. Министерката Илинка Митрева во ситуација кога треба да се бори за уставното име ќе го претвори Министерството за надворешни работи во партиски штаб. Наместо да се справува со сиромаштијата, министерот Јован Манасиевски ќе се вклучи во кампањата на тој што вети дека ќе вработи по еден човек од секое семејство.

Државната антикорупциска корупција им препорачува на министрите кои се вклучени во изборните штабови да ги стават во мирување своите функции за да се обезбеди легитимитет на изборниот процес во целина, иако антикорупцискиот закон изрично не ги регулира прашањата за судир на интереси во вакви случаи, начелно инсистира на независност на јавните функции.

Со оглед на тоа дека во изборниот штаб ќе може да се користи процедуралното право со обраќање до ДИК, до правосудството, се заклужи дека може да дојде до нарушување на независноста во двојно својство, вели Јован Трпеновски, претседател на Државната антикорупциска комисија.

Целокупната енергија наместо во Владата да се сврти, се свртува кон кампањата за својот претседателски кандидат. Наместо да работат на исполнување на обврските спрема граѓаните, свртени се кон исполнување на својата кампања. Владата на Република Македонија со парите на Македонските даночни обврзници ќе функционира како партиски штаб. 7 министри и еден заменик министер се вклучени во изборните штабови на пртседателските кандидати на СДСМ и ДУИ, 6 од нив во штабот на Црвенковкси, а во изборниот штаб на Гзим Острени ќе бидат ангажирани министерот за правда Мемети и заменикот министер за внатрешни работи Хазби Лика, кој ќе биде шеф на неговиот штаб. Речиси половина од министрите во Владата ќе бидат ставени во функција на претседателската кампања на СДСМ, по можност да ги користат државните ресурси за партиски потреби и да ги запоставуваат редовните должности и обврски за кои се избрани и платени. Не е логично тоа што во време кога треба да се спроведат реформите во одбраната, да се решава проблемот со името и проблемот со невработеноста, како и да се работи на приближување на Македонија кон Унијата, ресорните министри за одбрана, за надворешни работи и за труд и социјална политика, како и вицепремиерката да се вклучат во изборниот штаб на претседателскиот кандидат.

Прашањето гласи:

Дали конечно министрите на Владата планираат да се откажат од предизборните активности и да се зафатат со решавање на големиот број наталожени проблеми во државата, за чие решавање го имат добиено мандатот од народот. Значи ли ова Република Македонија дефинитивно нема Влада, како што нема ни претседател, или можеби сите овие функции ќе се сведат на категорија ВД.

Колку од сето ова граѓаните на Република Македонија ќе го почувствуваат на свој грб, или пак може да се заклучи каква Влада имаме моежеме да функционираме и без неа. Или и онака во Република Македонија веќе ништо позитивно не се случува.

Третото прашање исто така е до Владата.

И после подолго време од опстојувањето на оваа Влада или подобро речено владеачка коалиција никако да ги видиме резултатите од масовното преформираната заложба за уредување на економска благосостојба и релаксирани меѓуетнички односи, чие што промовирање започна уште во изборната кампања 2002 година. Наспроти тоа имаме многу лоша секојдневна социјална економска слика проткаена со редовно одржување или најавување на штрајкови во сите свери на општествениот живот. Да набројам само неколку од поактуелните. Многу актуелниот штрајк со просветарите, масовен штрајк на македонските железници, секој ден штрај и протес на лавовите и воените и полициски бранители, штрајк во “6-ти Ноември” од Валандово, штрајк во “Тане Цалески” во Кичево, предупредувачки штрајк во “Жито Лукс” Скопје, најавен па откажан штрајк во судсвото, одбраната, јавната администрација и многу други.

Моето прашање до Владата на Република Македонија гласи:

До кога преку уцена, присила и лажни ветувања ќе ги загушиме јасон и отворено искажаното незадоволство на граѓаните од општата социјална и економска ситуација која е во државата, наместо доколку е способна затоа сериозно да се соочи со актуелните проблеми кои во добар дел самата Влада ги створи и да пријде кон нивно конечно разрешување на начин на кој сите страни ќе бенифицираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи сите три прашања се до Владата на Република Македонија , ќе морам нумерички да ги поставам.

На првото прашање ќе одговори г. Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ :

Владата стои на она што беше изложено од страна на премиерот пред Парламентот и сумирањата на тоа што е ветено ќе се направат одкако ќе помине

соодветниот рок. Дотогаш Владата стои на тоа што е посочено како цел за оваа година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате ли нешто да додадете г. Караџоски, или сте задоволни од одговорот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мислам дека премногу оптимистички кажано од шефот на изборниот штаб, меѓутоа во услови кога имате пад на индустриското производство 46% и да кажувате повторно демагошки дека Владата на чело со г. премиер тоа што го ветил и ќе го оствари, а во меѓубреме ќе ни стане претседател на Република Македонија , јас навистина не знам како Владата мисли и која Влада фактички мисли доколку народот уште еднаш се излаже и гласа за Црвенковски. Значи како може да се каже дека она што го ветивме ќе го исполниме, а ниту еден показател не покажува дека таков лправец има во Републикава, туку кажува обратно , имаме пад на индустриското производство итн. итн. И не само тој , има и многу други показатели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи вие немате дополнително прашање, само коментар.

Второто прашање исто така е упатено до Владата на Република Македонија.

Повелете г. Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ :

Прво, на првото прашање.

Мене ме изненадува рамнодушноста со која што претставниците на опозицијата влегуваат во овие избори, па веќе го прогласија и идниот претседател. Меѓутоа, што Владата го вети минатата година со проекциите, раст на бруто општествениот производ од 3% го оствари, дури ќе го натфрли најверојатно 3,1% оваа година ќе биде . За оваа година вети раст на бруто националниот производ од 4% и тоа ќе биде остварено. Врочем, за планираниот раст, за неговата веродостојност и темеленост говори фактот што овие проекции Владата не ги прави сама, туку редовно во соработка и со консензус со меѓународните финансиски институции кои исто така одблиску го следат тој процес. Значи, не се работи само за желбите на Владата туку за предвидувања кои што се засновани на мерливи индикатори и кои што се потврдени  и од извори надвор од Владата на Република Македонија.

Во однос на второто прашање апсолутно не стои констатацијата за злоупотреба на државните ресурси во време на кампања. Најверојатно претставниците на опозицијата ваквата констатација ја вадат од последната

кампања 2002 година кога може да се констатира злоупотреба на државните ресурси. Впрочем таа злоупотреба можеше да се види низ два-три пратенички одговори на пратенички прашања што беа дадени и на денешната седница.

Формално-правно не постојат никакви причини за политички ангажман на членовите на Владата. Впрочем тој ангажман произлегува и од нивните политички функции во партиите кои што го сочинуваат владиното мнозинство. Одтаму нивното присуство на тие членови таму не е врзано со нивното членство во Владата туку со нивната позицијата во партиските структури кои што ја чинат владеачката коалиција. И во еден систем заснован на владеење на парламентарното мнозинство и на политичко учество на партиите во процесот на изборите и на владеењето и управувањето е сосема разбирливо.

Ние очекуваме од опозицијата и од јавноста внимателно да го следи целиот процес. Впрочем, ако сакате ова да го погледате и од другата страна, токму напротив со ангажманот на овие лица во кампањата всушност самите тие се ставаат под многу поголема лупа на јавноста и многу попрецизно ќе можат да бидат мерени , согледувани нивните активности. Се разбира дека Владата има разбирање за реакциите на опозицијата и на другите фактори што вие ги споменавте пратенику во вашето прашање, така што Владата уште еднаш  т.е. изборниот штаб на претседателскиот кандидат ќе ги согледа уште еднаш вашите збелешки и ќе постапи во најскоро време во согласност со она што е формално правна процедура, со толкување дали навистина постои или не конфликт на интереси. Нашето мнение и нашите консултации со експертите од таа област се дека апсолутно не постои конфликт на интереси, а за опозицијата ова е и многу добра шанса затоа што ќе може да го следи конкретното дејствување на сите избрани фунционери од овој Парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван министре навистина не би сакал да сум ви во кожата затоа што цело време се трудите да објасните нешто што навистина не се објаснува.

Инаку тоа дека опозицијата  ќе следи она што вие кажувате како ќе се одвиваат работите сигурно дека ќе следи, а она пак што јас го зборувам во прашањето можам да ви го потврдам уште денеска. Еве во весникот “Дневник” пред мене и прочитајте таму во заокружено портокалово стои “Шеќеринска денеска со владино возило на партиска ПРЕС конференција”. Ако тоа не е она за кое што јас

прашувам и за кое што вие демантирате, и ако тоа не е злоупотреба на министерската позиција во партиска улога јас незнам што е друго, а секако дека ќе има уште многу други работи за кои бидете сигурни ќе ве потсетуваме секогаш кога ќе можеме.

Инаку, само уште нешто почитуван министер. Да не стframе забуна пред јавноста, апсолутно не го промовирав вашиот кандидат за победник. Јас само кажав и сега ќе повторам, јас незнам што е полошо за Република Македонија , дали почитуваинот премиер да остане премиер или да биде претседател на Република Македонија . Оној слоган што го кажав - да се избере за претседател за да се куртулите од премиер да не биде. Или обратно ќе ви остане премиер. Тоа е тенцијата на која ние одиме, а јас апсолутно не го промовирав него. За нас нема дилема Сашко Кедев е наредниот претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Бучковски во име на Владата.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Би сакал на пратеникот Караџоски да му одговорам на дополнителниот коментар со еден коментар сметајќи дека е учен правник и дека претендира кога веќе се повикува на Уставот и законите. Да го прочита Уставот , да ги прочита законите.

За да докажам дека се што прави Владата досега и одсега ќе прави согласно Уставот и законите. Ние сме подготвени ако промовираме некој изборен фер-плеј и некои добри обичаи да ги преточиме во закон и во Устав да ја поведеме таа иницијатива заеднички. После ова ќе лобирам јас кај нашата пратеничка група, нека лобира и тој да биде во иднина поинаку.

Во членот 88 почитуван пратенику пишува дека своите права и можности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите. Уставот како извор на сите закони има предвидено кој кога ќе биде избран на определена функција не смее да врши било каква политичка функција. Тоа ќе го прочитате во членот 67 став 3, кој вели :”Функцијата претседател на Собранието е неспоива со вршењето на друга јавна функција “ професија или функција во политичка партија, прв пример.

Втор пример земете го Уставот членот 83 став 1 вели:”Должноста претседател на Републиката е неспоива со вршење на друга јавна функција. Професија или функција во полтичка партија”.

Пример број 3, каде што тоа не е предвидено е членот 89 став 4 кој вели: “Ф ункцијата претседател на Владата и министер е неспоива со вршење на други јавни функции или професии”. Нема функција во политичка партија.

Бидејќи функцијата член на изборен штаб е метод на политичко дејствување, ние одиме чекор понапред во духот на изборниот фер-плеј бидејќи тоа го баравте во еден неформален монпејпер во нас кога се договарав јас со некои претставници од вашата политичка партија како да влеземе во овие вонредни избори за претседател со консензус , за жал не успеавме од објективни, субјективни причини тоа да го изградиме и вашето барање како политичка партија беше кандидатите кои ќе бидат за претседател да и дадеме една обврска повеќе со закон, а тоа е да се откажат од јавните функции кои во моментот ги имаат. Пред се тоа се однесуваше, беше јасно за нашиот претседател бидејќи е евидентно ако се држите до истите аргументи би инсистирале кога ова прашање го поставувате тука да биде вашиот претседателски кандидат кој врши јавна функција пратеник и вашиот шеф на изборниот штаб, кој покрај тоа што е потпретседател на партијата, како што сум јас е и пратнеик. Но бидејќи немате исти аршини, бидејќи пледирате на етика и морал ние сме подготвени да ви докажеме на овие избори дека сме поморални и поетични од вас и јавно ветуваме дека нема да ги злоупотребуваме јавните фондови. Бирото за стоковите резерви, еве министерот за финансии е тука може да проверите колку има залихи од шеќер, зејтин, тоа што милувавте вие да го делите за време на изборите и 1999 година и 2000-та и 2002 година, да видите дека ќе остане во она ниво кое сега го имаме. И сите други фондови. ЕСМ да не говориме и се она што во изборната кампања претходно вие го правевте. И кога говорите за добри обичаи ако претендирате ние тоа да го направиме ние ќе направиме повеќе од тоа, но имајте доволно доблест да признаете дека сето тоа не е спротивно на Уставот и законите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање исто така беше упатено до Владата.

(г. Караџовски бара збор)

Не може, затоа што вашето беше дополнително прашање, добивте дополнителен одговор и вашето беше пар екселанс политичко, ова беше пар екселанс политички одговор и тука завршуваме по одговорот.

(реакција на некои пратеници од место)

Ве молам третото прашање до Владата на Република Македонија околу економската состојба во Македонија.

(и понатаму реакција на некои пратеници од место)

Ве молам ова се пратенички прашања. Во редовни седници тоа не би личело. Ова се пратенички прашања. Владата е способна да се одбрани на политички работи.

Повелете.

JОВАН МАНАИЈЕВСКИ:

Импресиите на пратеникот нема да ги коментирам, само сакам да посочам на една квалификација што ја даде дека Владата се случи со уцени и со други средства за да на тој начин се соочи со штрајковите. Тоа апсолутно не е точно. Впрочем во мандатот на оваа Влада трипартнитното тело, Економско - социјалниот совет има одржано само за една година толку седнци колку што има одр  жано во претходните 6 години вкупно од своето постоење. Значи, процесот на социјално партнерство функционира. Тој не е идеален. Таму има многу проблеми, меѓутоа институционалниот канал е дефиниран, се користи и тоа е методот и медиумот каде што се решаваат овие проблеми. За голем дел од протестите што ги спомна пратеникот Караџоски, впрочем тие се влечат од времето на владеењето на претходната Влада. Штрајкот во Македонски железници е за две неисплатени плати меѓутоа од 2002 година, одкако дојде оваа Влада, платите во Македонски железници стигаат секој месец редовно. Има две заостанати плати, меѓутоа тие се од 2002 година. И низа други примери, меѓутоа и на овој пример пратенику ќе можете  вие да се уверите во принципиелноста и реформската ориентираност на Владата. Сакам и денес да потврдам дека Владата нема намера да работи на начин како што беше тоа случај во претходниот период, во време на кампања да има посебен аршин кон одредени барања и кон одредени состојби. Ќе си остане доследна . Она што е реформски процес ќе мора да се истурка и во време на кампањата во тој дел нема да има никакви паузи. Впрочем вие како пратнеици ќе може да се уверите во тоа. Јас може да ви кажам дека како ресорен министер во времето кога ќе се одвива кампањата, во месец април до Парламентот ќе доставам измени и дополнувања на 4 клучни закони, така што не се сектирајте реформите нема ни за момент да застанат, ќе продолжат и ќе бидат кон она што се решенија за добробит на сите граѓани на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине министре, мислам дека јас кога ви се обраќам, цело време ви се обраќам со г. министер, заменик премиер, г-дине. Мислам дека не е коректно да ми се обраќате со пратенику. Сепак има начин овде на обраќање. Тоа е една работа.

Второ, зарем очекувате почитуван министре дека треба да очекувам некаков подруг одговор од вас. Па, се знае, што човек да ве праша вие секогаш ќе продолжите со реформи, се е добро, се е идеално, ама ништо баш нема причина зошто опозицијата само истакнува некои глупави прашања. Дури сите штрајкови во Република Македонија што сега се случуваат и што во иднина ќе се случуваат се проблеми заради претходната Влада. И тоа сега го слушнавме како промотивно. Дури вие дојдовте на власт нели за да ги решите тие проблеми, па сега ќе испадне дека толку Владата на ВМРО-ДПМНЕ направила проблеми да не сте способни да ги решите, иако ги ветивте. Значи друго нема да работите, само ќе се занимавате со оние проблеми што ги створила ВМРО-ДПМНЕ. Така испаѓа според она сите вас што ве слушам.

На крај, јас не сум професор по право апсолутно, јас сум практичар, адвокат, сега пратеник и сигурно дека нема да ви отворам сега устав и да ви читам членови и да ви кажувам некои работи, како што одредени професори тоа го прават, затоа што не ми е тоа професија. Секако професорите имаат начин кога чита член да биде така убедливо, иако тоа го слушнав и од професор по римско право. Меѓутоа, едно е да се кажува што е закон, кои се одребите во закон, а сосема е друго етика, морално однесување итн. итн. Впрочем треба да се прочита покрај Уставот, на кој што ме посочија, и Законот, некои одредени закони за избори, треба да се прочита и законот за антикорупција, па дури и оваа книга каде што има многу убави работи напишано во делот како се може да се злоупотребува, освен законските норми..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски ова е ..

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ова е сериозно прашање , историско.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Требаше да ми одговорите на пратеничко прашање што веќе беше апсолвирано.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ама, дополнително прашање г-дине претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеничко прашање што веќе беше апсолвирано, тоа е второ пратеничко прашање, а ние сега зборуваме за третото пратеничко прашање дали сте задоволни. За римско право и тие работи е второто пратеничко прашање.

Ве молам ако сте завршиле да завршиме. Дополнително прашање ако имате повелете, во врска со третото поставено прашање за економската состојба во Република Македонија .

ЖАРКО КРАЏОСКИ:

Добро, се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Сега има збор или право да постави три прашања пратеникот Ангел Димитров, а по него нека се подготви , да не излезе од салата господинот Фатмир Асани.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот пратеник, ако веќе инсистирате.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Денеска сакам да поставам три прашања од кои првите две се упатени кон гувернерот на Народната банка на Македонија.

Првото прашање гласи. Приватизацијата на најголемиот број на трговски друштва во областа на земјоделието и преработката на земјоделски производи во општина Свети Николе е врзана за името на контраверзниот Методија Смиленски.

Сомнителните приватизации започнаа со измамени доверители и акционери, а завршија со лажни кредитни задолжувања, хипотеки на целокуп имот и ликвидации на постоечките фирми и основање на нови друштва.

Бидејќи, по правило, најголем доверител и корисник на хипотеките се јавува банката на Смиленски Експор Импорт банка, судбината на овие друштва и на нивните вработени се тесно поврзани со судбината на оваа банка.

Господинот гувернер пред една година во овој Парламент изјави дека нема опасност од пропаѓањето на Експор Импорт банка на господинот Смиленски. Денеска е јасно дека не ни даде точен одговор, банката е во стечај, а како што знаеме гувернерот издаде гаранција на оваа банка која денеска е во стечај.

Прашувам, колкава е висината на издадената гаранција, на чиј товар ќе биде тоа, зошто ја издадовте гаранцијата и дали притоа имавте супервизорски извештај за состојбата на банката и каков беше тој.

Како Народната банка на Македонија ќе ја надомести загубата или поточно дали и колку ќе се добие од продажбата на фирмите во сопственост на Смиленски.

Дали гаранцијата ја дадовте како ваша деловна или политичка одлука.

Дали имате давано и други вакви гаранции и колку изнесуваат ваквите загуби од пропаднатите банки во изминатите седум години.

На крајот, како овие загуби се одразуваат на другите државни институции во Македонија.

Второто прашање е поврзано со кредитно монетарната политика во Македонија и нејзиното влијание врз економскиот раст на земјата.

Во современата макроекономска наука постои висок степен на согласност дека ниската едноцифрена инфлација е важна претпоставка за подинамичен и одржлив економски развој. Ако е тоа така, тогаш зошто Македонија по успешното намалување на галопирачката инфлација во периодот од 1993 до 1995 година водеше монетарна политика која главно беше насочена на одржување на ниска инфлација дури во некои години навлегуваше во зони на негативни стапки на инфлација кога и практиката на некои земји во транзиција покажува дека претерано ниската инфлација има негативно дејство врз економскиот развој. Најдобар пример за тоа се Полска и Словенија наспроти Чешка и Македонија.

Деновиве низ медиумите читаме дека Народната банка ги покачила каматите на благајничките записи од 6 на 8% со цел да повлече дел од парите во оптек и да се намали притисокот за девалвација на денарот.

Дали во вакви услови кога Македонија бележи ниски стапки на економски раст, висока невработеност, релативно високи каматни стапки, огромен трговски дефицит, одржувањето на многу ниска инфлација и одржувањето на фиксниот курс на денарот не се претворија во цел сама за себе, занемарувајќи ги останатите цели на економската политика.

Прашувам, зошто ја сменивте политиката на аукции на благајнички записи со подигање на каматната стапка на 8% и давање на неограничен откуп.

Дали со ова не се загрозува политиката на намалување на каматите кај деловните банки за кредитирање на стопанството и зошто ова го направивте само два месеци пред крајот на вашиот мандат.

Третото прашање е наменето за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се однесува на Проектот за плодоуживање пред точно една година го иницирав во вид на пратеничко прашање од ова место.

И покрај огромната заинтересираност на корисниците на социјална помош и останатите невработени лица во Свети Николе, самата реализација на проектот одеше доста споро и ги намали очекуваните ефекти. Да бидам искрен главната причина за половичната реализација на првиот оглас е бирократското однесување на членовите на Комисијата за доделување на земјиштето која од пријавените 366 лица позитивно одлучи само за 180 лица, а постапката за воведување во владение траеше се до крајот на 2003 година.

Бидејќи во општината има пријавено над 700 лица кои се заинтересирани за обработување на земја која ќе им биде дадена на плодоуживање, дали Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство подготвува нов оглас односно јавен повик и дали планира да ги отстрани слабостите што се појавија во првиот оглас за доделување на државно земјиште на плодоуживање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Димитров.

Првото прашање беше упатено до гувернерот на Народната банка, па дали ќе бидете задоволни ако вицегувернерката одговори.

ЕМИЛИЈА НАЦЕВСКА: (вицегувернер на Народната банка)

Прашањето кое се однесува на состојбата со побарувањето на Експор Импорт банка во стечајната постапка е прашање кое воедно го засегнува и прашањето на независноста на Централната банка и на крајот на повеќето прашања од господинот Ангел Димитров беше поставено и прашањето колку и како ги засега ова прашање другите државни органи.

Имено, почнувајќи уште од раните 90-ти години, по осамостојувањето на Република Македонија во услови кога странските деловни банки воопшто ни со 100% покриеност на акредитивите на домашните субјекти и на странските пазари не отвараа акредитиви се наметна потреба од овозможување на економското работење на економските субјекти надвор од територијата на Република Македонија преку обезбедување на гаранции низ депозитните средства на Централната банка односно со Одлука на тогашната Влада во 1992 година дел од девизните резерви се ставија во функција на домашната економија.

Ваквата одлука всушност на Владата значи имање ингеренции и право врз управувањето и ракувањето со девизните резерви. Во почетокот беше врзано со одреден износ, а понатаму се дефинира како процент и се додека такви законски регулативи постојат, тогаш Централната банка со тој дел од девизните резерви не управува самостојно.

Во прво време беа користени и други кредити за оваа намена, покрај последното користење од страна на Експорт Импорт банката каде врз основа на ваквата законска постапка Централната банка имаше обврска да ги следи одлуките на Владата и согласно барањето и приложената документација да го дозволи одобрувањето на такви кредити односно да го помогне создавањето на свои депозити кај странските деловни банки.

Притоа улогата на Народната банка беше само да стави депозит и да обезбеди гаранција, а не да влијае на политиката преку која банка и како ќе биде влечењето на овие кредити. Едноставно се водеше сметка само за намената на тие кредити, согласно приложената документација што се доставуваше до Централната банка.

За среќа, почнувајќи од 2003 година врз основа на созревањето на сфаќањето за потребата од независност на Централната банка во управувањето и ракувањето со девизните резерви исклучиво во функција на одржување на макроекономската стабилност и стабилноста на курсот на националната валута, а преку тоа и на ценовната стабилност, ваквата можност е укината законски и сите одлуки се ставени вон сила и сега може да се каже дека Централната банка навистина е независна во управувањето и ракувањето со девизните резерви.

Што се однесува до прашањето на стечајните постапки, тоа останува да биде прашање на спроведување на стечајната постапка од страна на стечајниот управник и наплатата. Нашите првични укажувања се со оглед на големата хипотекарна маса, извршни постапки Народната банка очекува, а со тоа и државата ќе наплати голем дел, да не кажам најголемиот дел или скоро целиот дел од овие побарувања од стечајната маса на Експор Импорт банка.

На прашањето за тековната политика на Народната банка или долгорочната политика на стабилен девизен курс и ниска стапка на инфлација веројатно и меѓу економистите во нашата земја многу често се слуша коментарот на некоја пожелна повисока стапка на инфлација, но светската пракса и како што впрочем некои од земјите што ги посочивте имале на почетокот на смирувањето на економската состојба кај себе, но и тие се сведени на едноцифрена, ниска стапка на инфлација

која е основен предуслов за одржлив макроекономски развој и иден економски развој на секоја земја.

Ваквата политика на Централната банка овозможи 10 годишни аранжмани со ММФ кој  исклучиво своето кредитирање и своите средства, а преку него и другите донатори, како што е Светската банка и билатералните донатори ја поддржуваат политиката на Владата која е во координација со политиката на Централната банка преку овозможување исклучиво и единствено на ниска и стабилна стапка на инфлација и стабилен девизен курс.

Политиката на девизниот курс која тековно се води и анализите во Народната банка на нивото на реалниот ефективен курс укажуваат на неговата реалност, укажуваат на високата увозна зависност на домашната економија и многу поголема штета за македонската економија доколку се овозможи евентуална негова девалвација.

Промената на каматните стапки кои се случија пред извесно време од тендер на каматни стапки што беше применет кон крајот на минатата година, кон тендер со волумен е резултат на потребата од зацврстувањето на монетарната политика како еден од инструментите на Централната банка се користат благајничките записи, постојано се случуваат промени во каматните стапки не само во нашата земја, туку секаде во светот во зависност од координираноста на монетарната и фискалната политика од целокупната девизна и денарска ликвидност во земјата и е во функција на спроведување на договорените политики и аранжмани со ММФ.

Промената на каматната стапка е од 6,5 постигната преку тендерот на каматни стапки на крајот на минатата година од прилика на фиксна каматна стапка од 8% на 28 дневни благајнички записи и фиксна каматна стапка од 5% на 7 дневни благајнички записи кои се во функција на апсорбирање на ликвидноста и релаксирање на девизниот пазар и притисокот на девизниот пазар со цел одржување на стабилното ниво на курсот онака како што е договорено во аранжманот со Фондот и одржување на девизните резерви на задоволително ниво од 4 месечна покриеност на увозот на стоки и услуги онака како што е договорено со аранжманот.

Ваквите мерки во просек, ваквата каматна стапка спрема износот на аукциите кои се случуваат се движеше некаде во одреден период 6, 85; 7-7,5, значи не беше и не може да се третира исклучиво како покачување на 8% и како Централна банка сметаме дека ваквите инструменти имаме полно право и независно од политиката

на Владата на Република Македонија да ги користиме, се разбира во координација со Владата во остварување на зацртаните цели со аранжманот со ММФ.

Намалувањето на каматните стапки, тоа што се случи минатата година, воопшто не е загрозено и не може да биде загрозено со минорното покачување на каматната стапка на благајничките записи на Централната банка поготово што трендот на намалување на каматните стапки што е почнат сеуште одржува просечна каматна стапка во банкарскиот сектор на кредитите од околу 14%.

Значи, Централната банка нема воошто можност да ги загрози каматните стапки и започнатиот тренд.

Прашавте зошто има промена во каматната стапка два месеци пред крајот на мандатот на гувернерот. Сакам да ви одговорам дека ова прашање, оваа политика е врзана за секојдневните активности на Централната банка и воопшто нема врска со мандатот или истекувањето на мандатот на гувернерот. Ние, во текот на минатата година во 2003 година на неколку пати во текот на годината се вршеа намалувања на каматните стапки. Почнавме од 22 при крајот на 2002 година, па дојдовме до 14%, па стасавме до 7% фиксна каматна стапка, потоа се симнавме на каматна стапка со нелимитирана каматна стапка и сега повторно се вративме на фиксма каматна стапка.

Тоа се инструменти кои Централната банка секогаш ќе ги користи за да може да го одржи стабилниот макроекономски амбиент преку ценовната стабилност и стабилен девизен курс.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука беше одговорено на две прашања.

По првото прашање дали сте задоволен господине Димитров?

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Госпоѓата заменик гувернер очигледно дека не можеше на сите прашања да одговори.

Да речеме, не одговори на основното прво прашање колкава е висината на издадената гаранција, во износ, а не општо и колку се вкупните загуби од сите пропаднати банки во Македонија во последните седум години затоа што во медиумите има најразлични шпекулации дури овие вкупни загуби изнесуваат колку што изнесува аранжманот со ММФ. Тоа е околу првото прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, тоа е дополнително прашање, ќе дадеме можност да се изјасни вицегувернерот.

ЕМИЛИЈА НАЦЕВСКА:

Загуби во останатите банки воопшто нема, останува ова побарување на Народна банка по овие пласмани да се реализира, нашето очекување е дека реализацијата ќе биде добра, а јас во интерес на деталноста на вашите одговори и интереси јас би предложила одговорот на висината на депозитите и ако ве интересира, како што пројавивте интерес и историјата на настанувањето на овој проблем и начинот на прибирање на овие средства, би ви одговориле на писмено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни по второто прашање?

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

По второто прашање единствено сакам да поставам уште едно дополнително прашање, бидејќи госпоѓата најави дека трендот на намалување на каматната стапка кај деловните банки сеуште може да го издржи овој притисок на покачување на каматата на благајничките записи, но, како што најавуваа директорите на деловните банки до кога можат тоа да го издржат, тој тренд може два-три месеци да се издржи, а потоа и тие ќе мора да ги качат каматните стапки, а ние сакаме да го развиеме стопанството и повеќе средства и требаат на економијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Што е дополнителното прашање?

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Дали овој тренд на намалување на каматните стапки може на подолг рок да ги задржи на притисокот на покачувањето на каматната стапка на благајничките записи.

ЕМИЛИЈА НАЦЕВСКА:

Висината на каматните стапки воопшто не ја загрозува политиката ниту профитабилноста на работењето на банките, туку напротив претставува еден краткорочен инструмент кој банките можат да го користат за да можат своите непласирани средства да ги пласираат профитно, да не остваруваат загуби и токму од тие причини не гледаме никаков притисок со кој ние банките би ги присилиле преку ваквата политика кон покачување на каматните стапки.

Да напоменам дека имаше период кога каматната стапка поготово за време на нашата криза и косовската криза се движеше дури до 22%, па повторно не беше

загрозена каматната политика на банките. Значи, потребен е целокупен економски амбиент кој ќе може да овозможи натамошно намалување на каматните стапки, а не само на каматната стапка на благајничките записи на Централната банка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање беше упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете министре.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Се подготвува единствена одлука за разлика од двете постојни на Владата на Република Македонија, да потсетам, од кои едната беше за условите што се определени за давање на земјоделско земјиште на плодоуживање.

Втората одлука за видот и висината на надоместокот на корисниците на плодоуживањето.

Во подготовка е единствена одлука која овие две ќе ги сублимира во една во која се подготвуваме да направиме одредени измени кои ќе ја олеснат и забрзаат постапката за издавање на земјоделско земјиште на плодоуживање во смисла што и надоместокот и издавањето ќе бидат во една одлука.

Во таа одлука ќе внесеме предлог кој можеби ќе помине на Владата, конечно Владата ќе одлучи со што ќе определиме место по оглас кое ќе трае определено време, а потоа со рокови и со право на приговор се продолжува издавањето на земјоделско земјиште да го направиме по принципот на отворен повик или онака популарно кажано прв дојден, прв услужен, така што тогаш кога ќе се пронајде земјоделско земјиште што е слободно и може да се дава на плодоуживање да биде огласено на плодоуживање и да го добиваат оние кои први ќе пројават интерес за тоа така да ја избегнеме постапката  да чекаме да се јави одреден број на лица, а потоа за тоа да решаваме.

Втората  измена што ја подготвуваме во тој дел се однесвуа на можноста наместо прво да вршиме парцијализација што е многу долготраен процес, бара многу време и средства и ангажирање на стручњаци од Геодетската управа и од Министерството заради парцијализација на големите блокови, оситнување на земјоделското земјиште што се покажа дека не е добро, да овозможиме интересите за плодоуживање да се здружуваат  во помали групи од 5 до 10 па и повеќе, така што на плодоуживање ќе се даде одреден блок на земјоделско земјиште кое прво , нема да се цепи и парцијализира, со што ќе се намалат можностите за негово

економско искористување, туку напротив такво како што ќе се даде на здружените плодоуживатели  кои што ќе го работат во определен период. На тој начин сметаме дека постапката ќе биде побрза, ќе биде олеснето брзото предавање на оние што се заинтересирани и економското искористување на тоа земјиште е во интерес на плодоуживатели ќе биде забрзан. И конечно исто така, направивме уште една измена што ја внесовме во закон, пратеникот веќе знае, бидејки за тоа разговаравме. Бидејки констатиравме дека одредени категории на социјални случаи не можат, или не сакаат од оправдани, или за нив оправдани причини да земат земјоделско земјиште на плодоуживање, туку сакаат да продолжат по системот на плата затоа што во семејството немаат доволно работна сила која што може да ги користи тие 5 хектари , било поради тоа  што немаат технички средства и можности да можат да се пријават и на земјоделско земјиште што ќе биде дадено на друг на користење да се ангажираат по системот на плата. Таа измена која што пак оди во прилог на овие социјални случаи се состои во тоа што сега основниот принцип за издавање на земјоделско земјиште под долгорочен закуп нема да биде како досега износот на закупнината во килограми жито во противвредност што ќе биде оснвониот и единствен услов за да се добие спрема највисокиот понудувач земјоделско земјиште на користење, туку определена програма во која што вработувањето на овие лица за кои што пред малку зборував , техничките програми и вложувањата ќе бидат по основ за издавање на такво земјиште. Бидејки на 28 стапи во сила таа одредба на законот за земјоделско земјиште, а еве веќе 45 дена од тогаш , или нешто повеќе што е мал период за да се подготвиме потполно. Верувам дека овие измени ќе ги завршиме до крајот на овој месец и потоа ќе продолжи процесот на издавање на тоа земјиште. Притоа сакам да нагласам дека сепак, плодоуживањето не е дневно политичка мерка на оваа Влада, туку примена на закон што ќе претставува процес кој што во иднина ќе се одвива така што како ќе се ослободува одредено земјиште од закупци штоне го користат соодветно, па договорите ќе им се раскинат, или ќе биде напуштено од оние што го имаат, бидејки немаат интерес. Така ќе се определуваат површини, односно земјоделско земјиште што ќе се дава на плодоуживање доколку постојат интересенти.

Тврдењето дека пилот проектот е закочен, мислам дека не одговара на фактите . А тврдењето на пратеникот дека има 700 луѓе кои што се заинтересирани апсолутно не соодвествува со вистински утврдени факти, туку со претпоставки и надеж што секако е добра, или оптимизам што исто така го поздравувам, бидејки ако во првиот случај ни се јавија само 300 луѓе, а имавме верување дека тие се преку

илјада, па потоа од 300 дадовме 186 договори од кои 36 се откажаа, значи околу 20%, значи дека не е баш таков интересот и не е оправдан толку оптимизмот на локалните луѓе од Свети Николе и околината, дека тоа плодоуживање ќе биде веднаш успешно и ќе биде успешно во кус рок, туку напротив како процес треба да го негуваме, да го развиваме сите заедно и да се трудиме да стане процес кој што ќе се простира во цела Република Македонија. Меѓутоа, сепак продолжуваме со плодоуживањето, продолжуваме со подобрување на прописите, користењето на искуствата и се надевам дека идните јавни повици за давање на такво земјиште ќе бидат поуспешни отколку она што досега се случуваше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас сум задоволен со тоа што Министерството  за земјоделство, шумарство и водостопанство ги согледува пропустите од првиот оглас за давање земјоделско земјиште на плодоуживање. Но, овде само да истакнам дека главната причина што половично се реализира огласот е многу касниот почеток, луѓето беа воведувани во владение веќе кога немаше време за да се почне, мислам беше почната есенската сеидба . И затоа апелирам овојпат многу побрзо тоа да го решиме и слабостите околу брзината во воведување во владение мора да ги отстраниме.

ФАТМИР АСАНИ:

Имам три прашања. Првото прашање е до министерот за транспорт и врски. Граѓаните од општина Липково се заинтересирани за проектот на асфалтирањето на регионалниот пат Б-102 Опае до границата со Косово, односно до селото Белановце . Со оглед дека знаеме финансиските средства за овој проект беа обезбедени од продажбата на Телекомот на Македонија во 2000 година и дека со реализирањето на овој проект ќе се создаде потребната инфраструктура за овозможување на развојот на овој земјоделски регион, бидејќи 99% од ова население се занимава со земјоделие и едниствената надеж беше дека на крајот ќе се создадат услови и сите овие производи, земјоделски производи во РМ  и конкретно од нашата општина ќе се пласираат на Косовскиот пазар. По кризата од 2001 година дефилираа неколку локални практиканти  на чело со претседателот на општина Куманово и за сметка на овој проект пропагираа дека тие ќе го реализираат овој проект за кој зборувам.

Моето прашање е, кога ќе се реализира овој проект?

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи, или министерот за правда. Во текот на 2001 година односно во текот на кризата, значи во војната меѓу

двата ентитети, многу граѓани од кризните подрачја ја напуштија Македонија и се згрижија во Косово. Еден голем дел од овие граѓани беа бремени жени и за време на нивниот престој на Косово родија новороденчиња на кои им обезбедија и документи, односно изводи дадени од УНМИК кои изводи се на три јазици: на англиски јазик, албански и српски јазик. Исто така, и еден дел на младите од Косово во текот на брачните врски со граѓани од Македонија имаат проблеми.Тие проблеми се во однос на тоа дека кога се пријавуваат првата страна кај матичарите за да ги запишат нивните деца во матичната книга на родените, не се признава ова од матичарите и овие деца се нерегистрирани. Додека за вториот случај , сите тие млади кои се регистрираат во Косово, или ако сакаат да се регистрираат во Македонија,на нив не им се признаваат изводите дадени од страна на УНМИК.

Моето прашање е, што треба да прават овие граѓани, оваа категорија на граѓани за да земат животни документи за да бидат и жители на Македонија?

Третото прашање е до Министерството за образование и наука. Се знае дека во селото Никуштак наставата се одвива во тешки услови бидејќи школскиот објект е многу стар и е пред распаѓање и се плашам дека некој ден ќе се распадне и ќе имаме една катастрофа за децата кои учат таму каде што ја следат наставата 480 деца. Министерот за образование Азис Положани во октомври 2002 година беше во сеото Никуштак и пред жителите на тоа село рече дека набрзо ќе се направи обновата , изградбата на едно ново училиште.

Моето прашање е, кога ќе почне изградбата на ова ново училиште во село Никуштак?

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Годишната програма за инвестиции во мрежата на образовни установи во РМ за 2004 година е донесена и нејзината реализација после оние целокупни технички подготовки ќе следи во текот на наредниот месец со почетокот на наредниот месец кога и започнуваат сезонските градежни работи. Значи, во програмата е внесено ова школо, значи реализацијата на инвестициониот дел кој што е предвиден за тековната 2004 година. Јас сега не можам напамет да ви кажам дали целокупната реализација е предвидена за 2004 година, или само еден дел , но реализацијата ќе следи со започнување на градежната сезона која што започнува како што добро знаеме во пролетниот период. Значи, тоа важи за сите други објекти кои што се дефинирани во оперативната програма за инвестициони вложувања на образовната мрежа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи тука е министерот за правда, тој би можел да одговори на второто прашање.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Прво би сакал да нагласам дека факт е дека меѓу Република Македонија и Косово нема договор за билатерална соработка по однос на граѓанските работи, се мисли на цивилните прашања.

По однос на конкретното прашање што го постави пратеникот, треба да разликуваме две прашања. За да биде државјанин одреден граѓанин или одредено новороденче, тоа зависи од потеклото. Ако корените се од тука од територијата на Република Макеоднија, значи ако се работи за новороденче кое по потекло е од родители кои имаат државјанство на РМ , без разлика каде детето ќе се роди, екс официо, го има државјанството на Република Македонија. Ако се работи за таков случај, тоа дете го има државјанството на РМ, меѓутоа треба да го пријави. Родителите чие дете е родено во странство се должни најпрво да го запишат детето во државата каде се родило детето. Потоа таквите документи да ги пренесат, ако имаме меѓудржавен договор тоа по службена должност се прави преку нашите амбасади. Ако немаме, тогаш се должни родителите таквите документи од матичните служби во државата каде што се родило детето да ги пренесат и да ги пријават во Република Македонија кај надлежен орган, било тоа да е Министерството за внатрешни работи, или Министерството за правда и ќе биде извршен упис на детето и автоматски ќе биде запишан и во главната книга на државјани. Јас незнам, можеби во прашање е овде сега претпоставувам, можеби во прашање е тоа дека нашите органи не ги прифатиле документите, изводите. Сеуште на државно ниво не е уредено ова прашање со договор . Ќе треба за конкретниот случај да се реагира дирекно за конкретниот случај и да се решава ад хок проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Не. Со оглед дека министерот не е способен да ги разбере овие прашања и не е способен да даде одговор, со оглед дека моето прашање е конкретно. Значи, родителите се од Македонија и во текот на 2001 година поради воените причини беа згрижени во Косово. Детето се родило таму. Кога се вратија сега во Македонија тие бараат, значи матичарите бараат каде е родено, а тие велат дека се родило во Гилане. И тоа дете до ден денешен не е регистрирано во матичната книга на родените, бидјеки документот кој го издава УНМИК , или документот кој го даваат лекарите во Гилане, не се признава во Македонија. И три години тие деца се нерегистрирани.

За вториот случај, младите кои доаѓаат од Косово , кои се мажат со граѓани од Македонија кои носат изводи во Македонија за да се венчаат со граѓани од Македонија, повторно тие не се признаваат кај матичарот. Моето прашање е, каде треба да се обратат тие луѓе и каков документ треба да донесат. Со оглед на тоа дека таквите изводи кај нас не се признаваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаше дополнително прашање.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Бидејки имаше и лична навреда, прво и прво ти немаш врска и не знаеш што е држава, што е граѓанин, што е државјанство, што е жителство. Мешаш се'.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам дека доволно беше ова.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Уште малку. Прво и прво ти треба да знаеш што значи меѓународен договор за уредување на овие прашања. Ние знаеме дека сеуште статусот на Косово не е решен. По однос на граѓанските работи помеѓу Република Србија и Косово се уште не се расчистени овие работи. Треба да има склучен меѓународен договор, а таков договор треба да има склучено и помеѓу Република Македонија и Косово. Ние како Влада покажуваме добра волја по однос на развивање на соработката помеѓу Република Македонија и органите на Косово и тоа го правиме перманентно. Несомнено дека еден ден ќе се дојде до потпишување на таков договор.

По однос на конкретното прашање, навистина не ги лажи луѓето, упати ги како што треба, како што пишува во прописите, затоа што ќе ги земеш на врат со тие лаги што ги изнесуваш и пред Собрание и пред сите граѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално г-динот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Господине министер, мене ме избра народот, додека тебе Бранко Црвенковски. Овие документи се дадени од Косово од УНМИК и не те прашав дали се државјани, туку те прашав дали треба да се признаат овие документи и каде да одат овие граѓани. Со оглед дека тие имаат проблеми и тие се јавуваат кај мене, а ти си должен да ми дадеш одговор, бидјеки ти си одговорен за овие работи. И не се однесувај со тие зборови, бидејки ти си еден бандит кој те има избрано Бранко Црвенковски и не си ништо друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По повод првото прашање, не знам, одберете дали сакате писмен одговор бидејки не е тука претставникот за транспорт и врски, или сакате жолт картон да му дадеме на претставникот, бидејки тука беше цело време, а сега го нема.  Ќе добиете писмен одговор по повод првото прашање, бидејки го нема претставникот за транспорт и врски. Ќе добиете писмен одговор.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Мора да се сочува дигнитетот на Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дигнитетот на Парламентот мора да се сочува и од страна на министрите.

Повелете госпоѓо Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Врз основа на член 35, 36 и 37 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го користам деловничкото право на оваа седница да му поставам усмено прашање на гувернерот на Народна банка господинот Љубе Трпевски.

Кратко потсетување пред прашањето.

За време на вашиот мандат како гувернер на Народна банка на Република Македонија, неколку банкарски афери ја потресоа македонската јавност, а за кои вие секогаш мудро молчевте и не ги изнесовте во јавноста последиците од тие афери за македонскиот банкарски систем и воопшто за македонското стопанство. Ќе ги наведам како примет:

Случајот со Алмако банка како творба на Демократска алтернатива, кога се пишуваше дека повеќе од 100 милиони германски марки се префрлени на сметката на Англојугословенската банка со седиште во Лондон. Групацијата Алмако навлезе и во Рудниците за олово и цинк “Тораница” во Крива Паланка кога долговите на

рудникот се зголемија од 4 на 38 милиони германски марки и тоа со правење на фиктивни сметки на останатите фирми на Алмако од каде се набавувале репроматеријалите по многу повисоки цени од реалните. Да се потсетиме и на аферата со вештачкото ѓубре што буџетот го чинеше 10 милиони германски марки кое нешто беше класична манипулација со државни пари од Бирото за стокови резерви кога парите беа исплатени а ѓубривата не влегоа во стоковите резерви. Понатаму да не ги набројувам и останатите трансакции со средствата на ЈП за стопанисување со стенбен и деловен простор преку Алмако банка, бидејќи сето тоа ќе ни одземе многу време, а сакам да се осврнам на финансиските афери и со другите две банки Македонска банка и Експорт-Импорт банката.

На кратко само да се потсетиме на партизацијата на Македонска банка од страна на ВМРО-ДПМНЕ и преносот на акциите на поранешиот директор на Фондот за здравство господин Војо Михаловски, на ЕСМ господин Ламбе Арнаудов и на возачот Марјанчо Коневски.Истото сценарио на вашето нереагирање и непреземање на времени мерки, се повтори со Експорт-Импорт банката на контраверзниот бизнисмен Методија Смиленски.

Народната банка и вие како нејзин прв човек многу доцна реагиравте со донесување на одлука за санација, а потоа следуваше и стечај на Експорт-Импорт банката, односно дури кога пукна аферата со сите сомнителни трансакции во купувањето фирми ширум Македонија, излегоа на виделина. Од страна на НБМ никогаш јасно и гласно не и беше соопштено на јавноста кои се 5-те проблематични банки за кои Светската банка ве задолжи како монетарна власт за подобрување на состојбите кај нив. Вашата гувернерска кариера ја следеа напред наведените банкарски афери на кои вие реагиравте секогаш со задоцнување. Зошто?

По ова кратко потсетување прашањето гласи: Кои беа вашите лични мотиви да се скријат од јавноста сите тие банкарски афери се до моментот кога веќе беше неможно да се кријат и дали сеуште стоите на изјавата дека во Македонска банка не е влезен сомнителен капитал, при нејзината последна продажба. Всушност дали го проверивте потеклото на парите при последната продажба.

Благодарам.

Со седницата продолжи да работи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете госпоѓа вицегувернер.

ЕМИЛИЈА НАЦЕВСКА:

Јас не би можела да одговорам на повикот за личните мотиви на гувернерот и бидејќи е лично прашање не би одговарала ништо околу тоа.

Како вице гувернер на Народна банка би сакала да одговорам на второто прашање и би сакала накратко да кажам нешто за воведот што госпоѓата Емилија Костадинова го даде за банкарските или финансиските афери и кризи.

Во случајот со Македонска банка, сите супервизорски процедури кои се поврзани со проверка на квлитетот на заинтересираниот акционер за купување на капитал во деловната банка и за сомнителноста на капиталот се проверени, спроведени и врз основа на наодите на банкарската супервизија е донесено решението за докапитализација на банката. Значи спроведена е процедурата.

Исто така, сакам да напоменам дека дури ни за прашањето за инвестициите на конкретниот акционер во оваа банка, што е во соседните земји, во другите земји, воопшто не е поставено прашањето за некаква сомнителност на неговиот капитал, бидејќи се работи за домашна фирма која има бонитет, која редовно пријавува завршни пресметки во нашиот правен систем.

Понатаму, што се однесува до изнесеното напред, би сакала само да укажам дека работењето на банките е под супервизорски надзор на НБМ како централна банка одговорна за работењето на банкарскиот систем, во смисла на контрола на активностите на конкретните банки и целокупинот банкарски систем, од аспект на нивната структура на капитал, изложеност, начин на инвестирање и така натаму, при што не може секогаш и конкретно централната банка да биде обвинета за конкретни инвестиции што во периодот од една во друга супервизорска контрола, банката ја доведуваат до некакви си катастрофални состојби затоа што затоа што намерата на менаџментот, токму на таа банка, како што е впрочем и намерата на многу други правни субјекти од останатата економија, може да биде и се случува да биде за кривично дејствување малверзации, шпекулации и тн. Правото на Народна банка како банка што  дава лиценци на конкретните банки, на акционерите на банките е, доколку утврди такви состојби да го спречи понатамошното работење на банката, значи има право да влезе и да дојде до тие документи, и кога ќе го утврди да ја спречи   понатамошната активност на банката за да не настанат поголеми штети. Но не може да ги надомести штетите што во меѓувреме се случиле затоа што некој имал таква намера. Јас од овие причини само би сакала, како вицегувернер на НБМ да укажам на ингеренциите и надлежностите што со закон и припаѓаат на НБМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Костадинова дали сте задоволни од одговорот?

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

И благодарам на вицегувернерката што се потруди да даде одговор. Но, со оглед на тоа што моето прашање беше поставено лично до гувернерот, господинот Љубе Трпевски, а и од причина што почитуваната госпоѓа во тој период колку се сеќаваме, сега да не цитирам точно кога е назначена, сетоа тоа што јас го изнесов во моето излагање и на што се однесуваше прашањето, таа тогаш не беше вицегувернер. Затоа би сакала да добијам писмен одговор за тоа, а благодарам што таа се потруди да даде одреден одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете госпоѓо Нацевска.

ЕМИЛИЈА НАЦЕВСКА:

За личен одговор до гувернерот, јас можам само да го пренесам барањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Прашање поставува господинот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, дами и господа пратеници, почитувани министри,

Дозволете да ги поставам моите три прашања.

Првото мое прашање се однесува до министерот за култура.

Неодамна пред јавноста излезе издавачката програма за 2004 година. Во оваа програма нема доволно застапени наслови од посебен македонски национален интерес, посебно за македонска самобитност и државност, поврзана со 60-годишнината од АСНОМ.

Прашањето гласи, како ќе се одбележи 60-годишнината од АСНОМ без соодветни научни изданија и дали е направена програма за достоинствено одбележување на 60-годишнината на АСНОМ или пак ќе ни се случи минатогодишното бледо одбележување на 100-годишнината од Илинден.

Второто прашање е насочено кон министерот за образование и наука.

Минатата година не се финансираа нови научни проекти во националните институти, т.е. немаше научни истражувања. Научните работници си земаа плата без можност за истражување и публикување на научните резултати.

Прашањето гласи, дали и оваа година нема да се финансираат нови научни проекти и издавачка дејност, бидејќи веќе три месеци од нова година поминаа, а институтите за својата научна дејност немаат добиено ниту денар.

Третото прашање е до министерот за труд и социјална политика и до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Неодамна целата македонска јавност беше згрозена од веста дека во привременото прифатилиште Царина, близу Отешево во тешки и крајно мизерни услови гладуваа околу 160 доселени македонци од Пустец - Албанија, кои скоро 14 години се наоѓаат во ова место.

Од средствата за јавно информирање дознав дека министерот за земјоделие им ветил дека ќе им даде општествено земјиште и така да се реши егзистенционалното прашање на овие македонски страдалници што побарале засолниште во својата матична земја, Република Македонија.

Прашањето гласи кога и како ќе се реши прашањето на македонските доселеници кои наместо да добијат братска топлина од својата матична земја, тие се изложени на жестоки понижувања и гладувања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Министерството за култура.

Има збор заменик министерката за култура госпоѓата Мелпомени Корнети.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Во однос на првиот дел од прашањето, тоа се резултатите од конкурсот за издавачка дејност и дела одобрени на тема АСНОМ.

За жал, ние не сме имале ниту барања за издавачка дејност од таа област. Значи авторите и издавачки куќи не конкурирале, освен едно дело кое уште минатата година е одобрено и финансиски покриено. Меѓутоа, во рамки на средствата кои се предвидени за одбележување на јубилејот, не е исклучено да се појави такво дело и сеуште има време да се одобрат средства за издавање.

Во однос на програмата можам да ви кажам дека најголем дел институции, водејќи се од искуството што го имаме од минатата година, со кратките рокови за одбележување на 100-годишнината од Илинденското востание, а веќе во рамки на својата програма за оваа година предвидоа одредени активности и реализацијата на тие активности веќе тече. Тука влегуваат одредени организирања на изложби, понатаму на друг вид манифестации во рамки на културните институции и се разбира останува Одборот за одбележување на годишнината, кој го формира Собранието, треба да го формира, да излезе со свои предлози. Нагласувам најголем

дел од институциите кои се во надлежност на Министерството за култура, веќе во рамки на програмата за оваа година имаат предвидено активности и тие се во тек.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Георгиевски дали сте задоволни од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Добро што не информира помошник министерката околу активностите, меѓутоа сакам да кажам дека дело под наслов АСНОМ во македонскиот фолклор е одбиено за финансирање. Значи имало дело што е понудено, но одбиено е. Сега дали се вложуваат напори да се тоа прифати, тоа веќе втора работа е. Значи едно.

Втората работа околу активностите мислам дека се доцни. Веќе поминаа три месеци, јас мислам дека така ништо лошо не сум забележал. Ако нешто веќе се почна да се работи тоа треба да се каже, да се озваничи. Мислам дека не е уште ни формиран и Одборот за одбележување на АСНОМ. И во колку не треба да се формира Одборот, да почне со активности, затоа што времето брзо поминува, ќе дојде денот како лани што помина и така.

Во врска со тоа сакам да напомнам дека треба да се преземаат пошироки и побрзи активности.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, заменик министерката.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Добро, жал ми е ако погрешно информирав. Значи дека можеби треба и писмено да се одговори, доколку е предложено дело со тема поврзана за АСНОМ, има можност преку приговор до Министерството да се укаже за значењето на делото, Комисијата тогаш го зема во повторно разгледување, значи сеуште има можности тоа да помине. Во однос на тоа дека не се јавно објавени активностите околу АСНОМ мислам дека парцијално која каква активност оди, јавноста се известува но можеби може да се прифати како сугестија вашата дискусија и збирно да се информира за она што Министерството го прави во врска со одбележувањето на 60-годишнината на АСНОМ. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Второто прашање беше до образование и наука, заменик министерот господин Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ.

Пред околу 30 дена на предлог на Министерството за образование и наука Владата ја усвои Програмата за научно-истражувачка работа за 2004 година, во која што децидно се утврдени правилата на игра, значи сите оние нормативи и стандарди и услови под кои што се конкурира за научно истражувачки проекти.

Значи во делот на прашањето за научно-истражувачките проекти, за прв пат преку посебен правилник за реализација на научно-истражувачките проекти кој што навистина недостасуваше во изминатиот период е утврдена реалната транспарентност при завршување на проектите. Што значи дека е потребно да се изведе јавна одбрана на завршениот проект преку јавна презентација, пред соодветна рецензентска комисија и покрај писмениот рецензентски извештај кој што анонимно би требало да биде завршен,а е во надлежност постапката од страна на Министерството за образование и наука.

Значи ова декларативно и порано стоеше  но никогаш не беше пракса. И покрај тоа што наменскиот денар за научно-истражувачката работа е оскуден ние се пориживме да воведеме соодветен ред, значи правилна распределба на проекти кои што се курентни, кои што значат нешто за, доколку почитуваниот пратеник мисли за оној дел кој што е посебно заинтересиран, значи за националното минато на македонскиот народ и култура на Република Македонија. Значи во изминатиот период при анализите утврдивме низа неправилности, недоследности при реализацијата на проектите и делумно заради тоа имаше одреден застој во транферирање на средствата за продолжување на тие проекти. Наредниот период заклучно до 6 месец очекуваме да заврши постапката на одбрана на завршните извештаи на научно-истражувачките проекти кои што како трогодишни или двегодишни веќе биле добиени, а приајаувањето на нови научно-истражувачки проекти се одвива по поинаква постапка. Значи ние сме со намера да ангажираме странски експерти, во испомош, значи на екстерна рецензија на значењето заради намалување, значи подобрување на квалитетот на сметка на квантитетот. Во досегашниот период малтене сите кои што конкурирале за научно-истражувачки проекти добивале на тие конкурси и распределбата на наменскиот денар одела навистина со минорни средства кои што не можеле да ги покрија потребите за истражувачката работа за тој проект. Сега пристапот навистина е поинаков и доколку пратеникот, а верувам дека е заинтересиран може на увид да му се достават сите оние нови правилници и Годишната програма која што е усвоена да се запознае дека навистина нов пристап има.

Селективноста ќе се одвива исклучиво врз база на квалитет а не на поинаков друг принцип.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Георгиевски дали сте задоволен од одговорот.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Прво сакам да ја искажам мојата благодарност што ми се укажа на многу полезни работи. Добро е што еве Министрерството размислувало да воспостави ред во овие научни проекти. Навистина досега се се прифаќаше, но и се не се финансираше. Значи добро е што сега има критериуми по кој ќе се определува тоа, ќе се финансира и така. Но мислам дека и тука се доцни. Веќе помина годината скоро. Тоа треба да се направи, подготовките лани, бидејќи лани цела година се изгуби, и сега да се стартуваше како што е нормално на почетокот. Еве поминаа три месеца, додека да дојдат тие, ќе дојдат шест, значи ќе помине годината. Значи нема кога да се заврши. Тоа се прави веднаш на почетокот на година. А инаку добро е што ќе има ред и особено ќе ми биде мило ако ми се достави список на прифатени, т.е. проекти кои конкурирале да ги согледам, бидејќи јас сум во тие институти и сум запознаен. Ќе ми биде мило ако се достави список да бидам запознаен и да видам што се, а што не се прифаќа како проект.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Со тоа е завршено ова прашање.

Третото прашање е за Министерството за труд и социјална политика и за земјоделие истовремено за двете министерства .

Заменикот министер е тука, повелете.

МАКСУМ АЛИ:

Што се однесува за нашиот дел во врска со бегалците од Царина, факт е тоа дека во еден подолг временски период веќе е 10 години, без разлика која гарнитура е во нашето Министерство, максимумот си го даде, редовно си ги извршува обврските, незобравајќи дека сместувањето и угостителската исхрана паѓа на нашето Министерство.

Што се однесува до наредниот период, мислам дека истата почит, истото внимание ќе продолжи што се однесува со нашето Министерство. Тоа значи дека се

што е во рамките на законот, а тоа е еднократната парична помош и социјалната парична помош.

Значи и во наредниот период тие ќе имаат посебно внимание и не треба да се сомнева во нашите обврски што се однесува до нашето Министерство.

Што се работи за другиот дел, може министерот за земјоделие.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Министерот Славко Петров, повелете.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Се зафативме конечно да го решиме проблемот на бегалците од Албанија. Во овој период во последните месеци наназад, месец и пол до два, успеавме да најдеме земјоделско земјиште во близина на местото на сместувањето за кое што по соодветни проверки што ги правиме и кои што скоро да се завршени, треба да утврдиме дали тоа земјиште во државна сопственост може да подлежи и дали е покрената постапка за денационализација, за да не ни се случи да извршиме поделба на тоа земјиште на оние што се заинтересирани за него, а след тоа на правосилни одлуки за денационализација на поранешните сопственици на овие луѓе да им биде одземено и вратено на истите, што ќе биде ефект спротивен на оној што сега го имаме. Испитувањето и утврдувањето на фактите е при крај заедно со министерот без ресор, бидејќи и тој го покрива тој дел и очекуваме во најскоро време дека ќе го решиме проблемот, онака како што можностите со земјоделско земјиште што стојат на располагање, овозможуваат, а се разбира и во склад со потребите на лицата кои што се наоѓаат на привремено сместување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Министерот Владо Поповски сака да дополни. Повелете.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Само уште едно кратко дополнување на прашањето за да го комплетирам прашањето на почитуваниот пратеник. Луѓето кои што и до сега користеа сместувачки капацитети во одморалиштето Царина на Јавното претпријатие “Македонски железници”, велам сместувачките капацитети и во иднина тие трошоци ќе паднат на товар на државата, до завршувањето на овој процес за кој што зборуваше господинот Славко Петров.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Господине Георгиевски, дали сте задоволен од одговорите?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Ако би било така добро, луѓето немаше да гладуваат, да се жалат. Помошник министерот прво што одговараше кажа дека како до сега се грижеле, така и од сега ќе се грижиме. Досега не се грижеле како што требало. Тие луѓе беа изложени на гладување, па дури и да ги избркаат од тие таму трошни домови, куќи каде живеат. Значи, никаква грижа до сега не е правена. Ако и понатаму така се грижите, тогаш е лоша работата. Што го рече тоа министерот за земјоделие, добро е што се нашло место да работат, меѓутоа, како има една поговорка, не умри магаре до зелена трева. Па тие додека го најдат тоа земјиште, тие треба да работат, да го направат. Инаку, до сега што се правело ако се знаело дека требало да се обезбеди нешто. Значи, тие луѓе таму се веќе скроз запоставени, дури сега се размислува да се бара некое земјиште, дали општествено, приватно. Така се губи време. Тие луѓе таму се изложени на секјдневно уништување и пропаѓање 13 години. Мислам дека е доста со се и дека треба што побрзо да се преземе некаква акција тие луѓе таму да се згрижат и осета дека навистина се наоѓаат во држава, матична земја која за нив води грижа и се грижи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Министерот Славко Петров сака да додаде, повелете.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

На господинот пратеник би му рекол малку повеќе внимание и малку повеќе почит кон она што го правиме, а помалку сарказам. Ако зборуваме не умри коњу или магаре до зелена трева, да потсетам дека ние се зафативме барем да бидеме зелената трева. Веќе два месеца работиме на тоа. Некои имаше 4 години ова не го правеше, ни го препушти нам и сега, кога се обидовме да го направиме се обидува да собере поени на она за што некој друг ги губеше поените и на изборите ја плати казната.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Одиме понатаму. Прашање поставува господинот Никола Апостоловски, повелете.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги.

Моето пратеничко прашање е упатено до Владата на Република Македонија, а се однесува за доделувањето на станови во станбениот објект на ул.'Стале Попов" број 9 во Скопје, или таканаречената фамозна функционерска зграда. Прашањето гласи:

“Кои биле критериумите за доделување на становите и дали има други примери на доделување на станови во други згради покрај веќе доделените во зградата на Ул.”Стале Попов”.”

Образложение - Се работи за доделување на 3.673 метри квадратни станбена површина, сопственост на граѓаните на Република Македонија по просечна цена од 750 - 850 евра за квадратен метар во централното градско подрачје на Скопје. Вкупната вредност на доделените станови изнесува 3 милиона евра. Индикативно е што сите решенија за доделување на станови носат два датума и тоа 25 септември 2002 година и 1 октомври 2002 година, што наведува на заклучокот дека најнационалната, најнародната Влада и партија ВМРО-ДПМНЕ веднаш по поразот на парламентарните избори 2002 година, водејќи се од народната поговорка “земи и бегај”, ги задоволила потребите на најзаслужните партиски војници, односно 8 бивши пратеници, од кои 3 сегашни, 2 министри, 5 заменици министри, 6 судии од Врховен суд, Апелационен суд, основни судови, Републички судски совет и заменик правобранител, 16 владини службеници и 4 лица за кои ни оние кои ги доделуваат становите сигурно незнаеле од каде се, што точно работат и што работеле.

Ќе наведам неколку примери како се кршнал државниот станбен фонд по критериуми на ВМРО-ДПМНЕ.

Прв критериум за членови на семејството. Станови од 90 метри квадратни добиле пратеникот Слободан Даневски кој има семејство со повеќе членови и пратеникот Ѓорѓи Трендафилов кој е самец и навистина добро се офајдил.

Втор пример. Стан купил лицето Ванче Ефтимов кој бил советник во Владата до 1 јануари 2001 година, потоа зема технолошки вишок од 24 плати. На денот на добивањето на станот на 23 септември 2002 година лицето не работи во владините служби, ниту бил советник на Владата, туку работи во фирмата “Мирабела интернационал”, односно работи во приватна фирма.

Трет пример, критериум место на живеење. Истото лице, поранешен советник во Владата, кој живее во Делчево а купил стан во Скопје и податокот од вкупно 61 доделен стан, 25 станови се доделени на лица кои живеат во Скопје.

Четири. Ако се земе критериумот на големината на станот што се издава по функција, голем куроизитет претставува пратеникот Борче Сибиновски кој добил 117 метра квадратни стан и Душко Аврамски како заменик директор на Агенцијата за приватизација кој добил 108 метри квадратни стан, додека тогашниот министер за локална самоуправа Џемали Саити ги добил минималните 51 метар квадратен.

Пет, критериум на висина на плата. Што се однесува до купувањето на становите, фрапантни се показателите дека криминалот во тоа време буквално или апсолутно немал, непознавал граници. Народната влада, со парите од народот им дозволила на заслужните според нив, отплата на станови од 15 години или 180 месечни рати со учество по желба на купувачот во висина од 30%, па се до уште фрапантните 100%. На пример, лице кое било социјален случај во 1999 година, инаку по потекло од Делчево, уплаќа 20.000 евра во кеш, или 30% од вкупната вредност на станот. Колегата пратеник Слободан Даневски, платил 34.727 евра во готово, односно во кеш или 50% од вкупната вредност на станот. Или пак, тогашниот пратеник на ВМРО-ДПМНЕ Борче Сибиновски ја уплатил целокупната вредност на станот, односно дури 100%, или неверојатни 90.366,53 евра. Тоа преведено на национален македонски јазик изнесува 5 милиона 557 илјади 509 денари. И ова лицето парите ги дало во кеш. За да бидеме до крај искрени пред граѓаните на Република Македонија, Борче Сибиновски треба да биде пратеник цели 19 години и да ја издвојува целата пратеничка плата со цел да ги обезбеди овие фамозни 90.000 евра. Пресметено во просечна плата во државата излегува дека бившиот пратеник на ВМРО-ДПМНЕ Сибиновски треба да работи 40 години и да не потроши ниту денар со цел да може одеднаш и во кеш да ги плати тешко достижните за граѓаните, но очигледно не е за некои бивши функционери овие 5,5 милиони денари.

Единствена светла точка на овој криминал е доделувањето на станови на 18 припадници на Министерство за внатрешни работи. Но, и тука се поставува прашањето зошто сите тие добиле станови од по 42 метри квадратни, а нивниот командант, командантот на Единицата за брзи интервенции Лавови добил 100 метра квадратни и за истиот уплатил цели 22.000 евра, односно 30% од вредноста на станот.

Лично, очекував најмакедонската, најнационалната и најпатриотската партија како што се нарекува ВМРО-ДПМНЕ да им доделиле станови на семејствата на

загинатите бранители, но во трката да зграбат што повеќе за себе во тој период на изборен пораз, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ги заборавила семејствата на загинатите бранители.

Од се горе изнесеното, може да се заклучи дека во овој станбен криминал сепак имала некакви правила на игра, односно критериуми, а тоа се партиска припадност, лојалност кон лидерот и неговата сопруга, изразита послушност кон криминалната политика на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, потекло од Делчево или Берово и послушен коалиционен партнер и т.н.

И сосема на крај, сега сум во дилема кого да прашам. Пратениците Слободан Даневски и Ѓорѓи Трендафилов кои добиле службени станови во Скопје, откако ги добиле становите па до ден денес, дали добиваат паричен надоместок за патни трошоци од Собрание на Република Македонија. Истовремено, барам Комисијата за антикорупција да се вклучи во расчистувањето на оваа станбена афера.Тоа е првото прашање.

Второто прашање е кратко до минитерот за правда.

Дали раселените лица од Кумановско-Липковскиот крај ќе гласаат на претседателските избори.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

На првото прашање ќе одговори министерот Владо Поповски.

Повелете министре.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани пратеници.

Сакам со неколку реченици да одговорам на ова прашање, иако Влада на Република Македонија за денешната седница во меѓувреме на двете седници достави одговор што се однесува на сите суштински прашања пврзани со зградата до Новата железничка станица популарната “Стале Попов” број 9, или таканаречената функционерска зграда. Сакам да кажам дека приказната е речиси завршена со тоа што речиси сите решенија се поништени, најголемиот дел решенија се поништени, односно сите се поништени, најголемиот дел се доставени до нивните сегашни корисници и деновиве ќе ги добијат и останатите. Се започна како што е познато со донесувањето на Програмата за дополнувањето на Програмата за продажба, одржување и изградба на станови. Всушност се работи за документ којшто е посебен документ, документ којшто дополнува некој претходен документ кој

не постоел, бидејќи продажбата на становите не е утврдена во Програмата за одржување на станови сопственост на Република Македонија во 2002 година како што се дополнува оваа програма.

Значи, на 21 септември веднаш по завршувањето на парламентарните избори, не знам од кои причини, најголемиот дел на корисници на службените станови на “Стале Попов” добиваат решенија за трансформирање на првичните решенија, значи тие се трансформираат од службени, односно станови во закуп во станови за откуп. Бидејќи немало време да се заврши целокупната постапка, тоа го објаснив во два наврати во овој Парламент, на 25-ти реагира Куќниот совет на “Стале Попов” при што до Влада на Република Македонија односно до соодветната комисија, поточно Комисијата за станбени и иселенички прашања ќе достави барање во кое што ќе побара овие станови да бидат трансформирани, односно на нивните дотогашни корисници, да им бидат дадени решенија за да можат да ги откупат тие станови.

Се разбира, тоа е надвор од прописите, надвор од членот 34 од Законот за домување каде што е фиксно наведено дека Влада на Република Македонија одлучува за давање под закуп во сопственост на Република Македонија на носители избрани и именувани за вршење на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон. Значи, на социјално загрозени лица станбено необезбедени со Законот за социјална заштита, лица од подрачје прогласени, погодени од природни непогоди и епидемии и конечно, вработени во државните органи кои вршат посебни должности неопходни за остварување на основната функција на органот.

Сега, прашањето зошто морало овие службени станови кои што биле дадени за таа намена да бидат трансформирани иако, морам да кажам дека таа програма која што ја спомнав, Програма за дополнување на Програмата за одржување и продажба на станови, начелно го дозволува тоа. Меѓутоа, таа е спротивна на Законот за домување, поточно на член 34, Комисијата за станбени прашања на Влада на Република Македонија сукцесивно, во неколку наврати ги поништи сите овие решенија. Значи, донесе решение за прогласување на тие решенија за ништавни.

Прашањето е сега зошто и Куќниот совет морал да реагира. Од друга страна, па зошто и Комисијата морала да реагира толку брзо, иако периодот за нивната службеност бил на самиот крај е прашање кое што и самиот пратеник си го постави. Ние, во овој момент морам да кажам, дека имаше и неколку луѓе кои што ги вратија соодветните станови, тоа е господинот Каширски, тоа е господинот Ристо Георгиев.

Значи, тројца луѓе ги вратија своите станови, беа доблесни, го направија тоа што сметале дека треба да го направат.

Во таа смисла, значи дефинитивно, сите овие станови за кои што Комисијата сметаше дека не се во согласност со член 34 од Законот, односно тие се спротивно издадени, да истите ги поништи. Значи, останува да дадеме уште еден мал дел на решенија, еден мал број на корисници да ги добијат своите решенија.

И, она што во неколку наврати го кажав, сакам и во оваа прилика да го повторам дека секаде онаму каде што Комисијата процени дека има луѓе кои што вршат и сега одредени функции, нивните решенија ги укина само во делот што подразбираат откуп на тие станови.

Во оваа прилика исто така сакам да кажам како одговор на почитуваниот пратеник, дека Комисијата по службена должност и по укажување на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија најде и други случаеви каде што Комисијата според наша оценка бесправно, надвор од членот 34, доставиле решение со закуп со право на откуп на што немала право. Тие решенија во континуитет Комисијата за станбени прашања при Влада на Република Македонија ги поништува. Такви имаме некаде поништено околу 20-30 решенија, континуирано работиме на тој процес. Морам да ви кажам дека нема да дозволиме некој во очи прашина да ни фрла во смисла со две реченици да се добие стан со закуп, со прво на откуп, иако Комисијата недоволно утврдила, односно воопшто не утврдила за какво лице станува збор, дали е тоа лице на кое што му е издадено стан во согласност со член 34 алинеја 1,2,3 и 4 од Законот, или пак тоа е лице кое што воопшто не заслужувало да добие стан.

Во сите такви случаи и во иднина, Комисијата интензивно ќе работи. Доколку постои интерес кај пратеникот за добивање на ваков список на овие луѓе, Комисијата, Владата е подготвена тој список да го достави.

Уште едно име од пратениците што пред малку испуштив, се работи за почитуваниот претходен пратеник господинот Данило Глигоровски кој исто така го врати станот и за членот на поранешниот Републички судски совет Стојанче Рибарев.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам госодине министре.

Господине Апостоловски, дали сте задоволен од одговорот?

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Да, задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Следното прашање беше поставено до Министерството за правда.

Има збор министерот за правда, господинот Иџет Мемети, повелете.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам потпретседателе.

Пред да одговорам на ова прашање јас би сакал, затоа што од еден претходен пратеник слушнавме навредливи зборови, особено човекот го употреби зборот “бандит”. Сметам дека тоа навистина го руши дигнитетот и покрај тоа што се работи за навреди за кои што навистина треба да бара извинување, сепак ќе кажам две реченици, дека сите знаеме дека бандитите се разликуваат од семејните и домаќините, домаќинските луѓе мислам, и од господата. Бандитите имаат поинаков лик, а јас му препорачувам нему да се гледа во огледало и сигурно ќе ги најде сите особини, самиот себе си, дека навистина припаѓа на такоав тип на луѓе.

По однос на тоа дека јас сум американски шпиун, прво, господине пратениче да ти кажам дека Иџет Мемети е господин човек, дека Иџет Мемети прво и прво размислува како човек, а тешко е на човек, кај таквите како тебе, да најде човечки особини.

По однос на конкретното прашање и покрај тоа што во Законот за избор на претседател на Република Македонија нема преодна одредба за можноста раселените лица да гласаат надвор од местото на живеење, ние, како Влада, во понеделникот што измина, утврдивме став дека, беше задолжено Министерството за правда да направи се. И покрај тоа што имавме многу кратки рокови, да им обезбеди на раселените лица и тоа на тие кои се во прифатните центри да можат тоа нивно граѓанско право да го остваруваат. Така што, ја користам оваа можност да ги известам дека ќе направиме се да ги издвоиме списоците за да можат тие, кои навистина имаме податоци во прифатните центри со матичен број и се што треба, согласно Законот за избирачки списоци, да им овозможиме да гласаат во прифатните центри. Ќе видиме дали тоа ќе бидат три гласачки места или ќе има повеќе. А, останатите кои не ќе можат да бидат во таквите списоци поради технички проблеми и неможности поради роковите да ги внесеме, би ги повикал да гласаат на местата каде што имаат постојано живеалиште.

Да го заокружам одговорот, Министерството за правда, верувам дека во рок од три дена ќе изнајде начини и можности, во рамките на тоа што го дозволуваат роковите, да им овозможи да гласаат во прифатните центри.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине министре јас се надевам дека непријатни сцени нема да се повторат друг пат во Собраниево. За било кого не е пријатно.

Понатаму следува Ристана Лалчевска, пратеничката, со тоа што да ве информирам дека има пријавено вкупно 4 пратеници за поставување прашања па можеби би било добро, во интерес на тоа сите да можат да постават прашање, да бидат рационални и поставувачите и одговарачите на прашањата.

Госпоѓо Лалчевска, повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Пред да отпочнам со прашањата јас би укажала овде дека беа изнесени многу невистини во претходното прашање и одговор на прашање, меѓутоа тоа, оние кои беа повикани ќе кажат кога ќе дојде време за тоа. Мислам, навистина е грозно да се лаже македонската јавност.

Имам три прашања и сите ги насочувам кон Владата.

Прво прашање - на 21.07.2003 година јас, до Владата на Република Македонија поставив прашање кога Владата на Република Македонија ќе донесе одлука со која што ќе определи заштитна зона за нејзиниот објект во комплексот Горица - Охрид, како би можеле да се решат предметите за денационализација, поднесени уште во 2000 година?

Дури на 18 декември ми беше доставен одговор, со доцнење од неколку месеци, со кој што одговор ми беше одговорено дека ќе се формира работна група која во најкус можен рок ќе подготви одлука со која ќе се определи заштитна зона за сите резиденцијални објекти во Македонија и затоа, сега прашувам дали е формирана таквата работна група и дали, нормално, донеле одлука за заштитни зони за резиденцијалните објекти во Македонија? Секако, кога можеме најбрзо да очекуваме таква одлука, затоа што од времето кога Владата презела обврска дека во најкус можен рок ќе формира една таква група и ќе се донесе одлука, поминаа скоро 4 месеци. Тоа би било по однос на првото прашање.

Второто прашање го поставувам во име и по барање на Здружението на воените инвалиди и загинатите од Република Македонија кои ме известија дека до

Владата на Република Македонија и до Собранието на Република Македонија, во текот на 2002 и 2003 година, во неколку наврати поднесувале иницијативи за измени и дополнување на одредени закони, како што се Законот за облигација, Законот за мирновремени воени инвалиди, Законот за здравствена заштита, Законот за царина, Законот за ДДВ и Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили, а се со цел да се извршат одредени измени во овие закони, како би се подобриле одредени решенија што за нив се суштествени.

Ме интересира, дали Владата ја разгледала ваквата иницијатива и дали дала одаредени насоки до ресорните министерства да се работат ваквите измени што тие во писмена форма ги доставиле веќе до Владата? И дали, нив ги интересира, Здружението го интересира дали Владата е отворена и подготвена за соработка со ова Здружение за воени инвалиди околу овие иницијативи што ги доставиле до Владата?

Третото прашање, исто така до Владата, за состојбите во Државниот завод за геодетски работи, сектор за премер и катастар. По однос на издавањето на документација за сопственост, во Заводот за геодетски работи, односно во Секторот за премер и катастар во последните години се јавува една хаотична состојба. Наиме, ако ви е потребно да извадите документација за сопственост на имотот или за премер, постапките овде траат премногу и неоправдано долго, по неколку месеци, а некои дури и повеќе од година дена, што создава определено незадоволство и револт кај граѓаните. Исто така, се создава една погодна клима за појавата на мито и корупција.

Ме интересира дали Владата анализирала какви се состојбите во овој Сектор, кои се причините за ваквата состојба во овој Сектор и дали има на повидок некаква разрешница во смисла на подобрување на работењето во овој Сектор, дали со нови вработувања, дали се во прашање мали ресурси на луѓе во овие сектори или е во прашање организирана поставеност на Заводот? Ме интересира околу ова да добијам некои информации.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашањата беа поставени до Владата, меѓутоа мислам и до некои ресори.

Првото прашање, претпоставувам дека одговор на прашањето ќе даде министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одговорот ќе биде краток.

Работна група е формирана, почна со работа. Не можеме да претпоставиме дали ќе биде за недела, две или месец, меѓутоа кога ќе ја заврши работата, со оглед дека е интерес врска, иако се работи за мал проблем има многу непознати прашања што треба да се решат, вклучувајќи безбедносни, правни и во однос на денационализација, урбанистички планови итн, кога ќе ја заврши работата Владата ќе го реши проблемот во тој момент.

Значи, не е дека е заборавено, формирана е група, таа група веќе функционира и работи, меѓутоа ќе мора да причекаме. Администрацијата има таков начин на работа. Ги проверува сите факти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Лалчевска дали сте задоволни од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине министре за информацијата и ве молам, кога ќе се заврши работата во оваа работна група, кога ќе биде донесена одлуката за определување на тие заштитни зони, да ме информирате благовремено.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Второто прашање беше за инвалидите од војната, поставено до Владата. Кој ќе одговори?

Ќе одговори министерот за одбрана, господинот Владо Бучковски, повелете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Госпоѓата пратеник посочи повеќе законски проекти за чие изменување и дополнување Здружението на воени инвалиди покренало иницијативи. Сметам дека и покрај добрата волја на Владата би било поцелисходно, бидејќи овластен предлагач може да бидат и пратеници, група пратеници, а морам да признам со искуството што го имаме со госпоѓата Лалчевска во изминатите 18 месеци, е квалификувана да може да му помогне на ова здружение невладина организација, да видиме да преточиме дел од овие иницијативи во законски проекти, бидејќи е несериозно сега, од име на Владата да покажеме само добра волја, немајќи увид за што се станува збор. Затоа што јас забележав најмалку седум законски решенија што на нивно барање би сакале, веројатно заради статусот во кој што се наоѓаат, да уживаат некои привилегии или бенефиции.

Затоа, со заеднички сили ќе се обидеме да направиме еден преглед на сето она што од име на оваа невладина организација има стигнато како иницијатива, но за преточување на сето тоа во законски проекти ќе треба да има малку поголемо разбирање и волја и од Парламентот да им се помогне во сферата на предлагање на законски решенија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине министре, иницијативата е писмено доставена до Владата и секако вие имате увид што тие точно бараат.

Вистина се работи за бројни измени во повеќе закони. Треба и вие да покажете малку добра волја, барем да отпочнете со нешто да работите. А јас, добро знам дека сум квалификувана како предлагач, исто колку и Владата, меѓутоа добро ја знам судбината на сите предлози од Парламентот, особено оние што доаѓаат од опозицијата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме се третото прашање, претпоставувам дека ќе одговори министерот за транспорт и врски, во врска со Државниот завод за геодетски работи.

На прашањето ќе одговори господинот Владо Бучковски, повелете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Доставена е писмена информација за состојбите во Државниот завод за геодетски работи, посебно во делот за премер и катастар и што се Владата презема за да се зголеми ефикасноста. Има еден Проект што заедно со Норвешката влада, раководството, менаџментот на Управата го води кој што треба да ја зголеми ефикасноста во работата, да се забрза целата процедура. Но, веројатно пратеничката знае дека има и објективни пречки. Тоа е устроеноста, степенот на устроеноста на Катастарот во овој момент во нашата држава што создава и објективни пречки, што не може со напредната технологија што сакаат да ја воведат, преку ноќ да ја промени ситуацијата со устројувањето на правата на недвижностите и другите стварни права во нашата држава.

Но, писмено ќе одговориме во најкус можен рок.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска, повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Па добро, ќе дебатираме кога ќе добијам писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму со поставувања прашања.

Прашање поставува господинот Агим Џелили, повелете.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Една од целите на Република Македонија била и останува развој, професионализам и модернизирање на агро техничките средства во земјоделството, било во индивидуалниот сектор, било во организациите што се занимаваат со обработка на земјиште, како и со производство во земјоделството.

Токму поради ова е поделен и меѓународен кредит за развој на земјоделството ИФАТ - ИИ, меѓународен кредит за развој на земјоделството. Моето прашање, конкретно, колку средства се поделени од кредитот ИФАТ - ИИ за приватните земјоделци и колку приватните, индивидуални земјоделци и земјоделски организации добиле ваков кредит од кризните региони, кога се знае дека за индивидуалните земјоделци се бара да имаат стан во градот или недвижности за хипотека. Така што, се добива впечаток, од една страна кобајаги кризните региони се стимулираат, а од друга страна се санкционираат. Ова е првото прашање поставено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Второто прашање е до истото Министерство, во однос на поделба на земјоделско земјиште во државна сопственост, каде земјиштето и понатаму останува необработено, додека земјоделците, кои се заинтересирани за таквото земјиште, сеуште остануваат без земја.

Конкретно прашање - До каде е стасан Проектот на поделба на земјиште во државна сопственост за социјалните случаи и за случа за невработени, кога се знае дека Пилот - проектот е почнат во Свети Николе и треба полека да се прошири на цела територија на Република Македонија. Затоа ме интересира до каде стасале работите.

Третото прашање е во врска со локалната самоуправа односно за ЦАРДС - Програмата. Мислам дека најмалку Министерството за локална самоуправа има

подиректни информации. Општина Теарце конкурирала со Проект за водоводна мрежа до селото Доброжде, кога се знае дека општина Теарце во себе опфаќа многу села со голема густина на население, каде водата за пиење е повеќе од потребна. Технички хнигиенски та вода е нечиста, неисправна. Врз основа на сите критериуми истиот проект е одбиен и дали треба повторно да се аплицира за 2004 година или важи истото барање во продолжение.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете господине министре.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Благодарам.

Кредитирањето на земјоделците во Република Македонија во изминатите години се сведува на две кредитни линии ИФАТ - И и ИФАТ - ИИ. Двата кредити се меѓународни заеми на Република Македонија во кои што има и нејзино учество и учество на донатори.

Условот за распределба на кредитите од кредитодавателите, односно од банката е да распределбата на кредитите го вршат комерциијални банки во Република Македонија. Во ИФАТ - И тоа беше Инцестициона банка, а во ИФАТ - ИИ, што стартуваше минагата година определени се три банки и две штедилници врз основа на повик односно Договор склучен со Министерството за финансии, а врз основа на одредбите на Договорот со кој што е и одобрен кредитот на Република Македонија.

Да биде јасно, повеќе пати е ова објаснувано, кредитните услови не ги определува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ниту ги определува Владата на Република Македонија. Кредитните услови ги определуваат комерцијалните банки што ги пласираат, наплатуваат и враќаат во посебен ревало - фонд што понатаму оди за следно кредитирање.

Сите приговори на земјоделците за тоа дека хипотеките и други начини на обезбедување на враќање на кредитите не се поволни за нив, ги сметам за оправдани во рамките на интересите кај нив за земање на такви кредити. Меѓутоа, морам да кажам дека Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на веќе изнесеното не се во

состојба да ги менуваат кредитните услови на комерцијалните банки, а врз основа на договорите што тие ги имаат склучено со Министерството за финансии и врз основа на општиот договор со кој што е одобрен кредитот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволни од одговорот?

Повелете г-дине Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Јас не сум воопшто задоволен од одговорот на министерот затоа што се карикира еднаш со Министерството за финансии, еднаш со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, еднаш со комерцијалните банки итн. Јас мислам дека овие кредити треба да се наменат, да се посветат на граѓаните, кои што сакаат сериозно да се занимваат со земјоделство и е без преседан да се бара од земјоделците да имаат станови или некоја недвижност во градот. Како да тие сите овие бенефиции, кога би ги имале сите овие бенефиции, сигурно не би се занимавале со земјоделство.

ЉУПЧО Ј ОРДАНОВСКИ:

Дали тоа значи дека немате дополнително прашање.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Јас не зум задоволен со одговорот и барам и понатаму да се прават инвестиции во оваа насока, за да се задоволат граѓаните односно селаните или индивидуалните земјоделци или земјоделските организации, кои што сериозно сакаат да се занимаваат со земјоделство, затоа што инаку тие средства ќе останат по банките неискористени, а ќе треба да се плаќаат камати.

Јас барам писмено директно да ми се даде информација колку земјоделци досега добиле средства од овој кредит и колку од нив се од кризните региони.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Владата на Република Македонија или Министерството, ниту било кој државен орган не е давател на овие кредити туку Република Македонија го договорила овој кредит со странските кредитодаватели по принципот земи или остави. Проценила дека е подобро да го земе и да го даде под услови на комерцијалните банки што ги определуваат условите и понатаму нема некаква врска со кредитот или пак да не го

земе и да ги остави земјоделците без можност да земат кредити. Да не ги мешаме работите на комерцијалните банки и пропишаните услови од нивна страна заради враќање на кредитите со државата и нејзиното кредитирање кое што го нема. Мислам дека тука треба да бидеме јасни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање е упатено до Министерството за шумарство, земјоделство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Јас веќе одговорив на едно прашање на денешната седница. Социјалната реформа или давањето на плодоуживање е во тек, ги кажав тешкотиите од пилот проектот и сознанијата што ги добивме во врска со недостатоците на принципот на објава преку оглас и преку конкурс и измените и дополнувањата на новата одлука што ја правиме, со цел ова да се распространи односно да биде поефикасно. Мислам дека постапката ќе ја забрзаме. Незнам дали со овие измени и интересот ќе биде зголемен бидејќи очиглендо е дека не е толку голем, колку што сака да се претстави од некаде.

Меѓутоа, оној услов ако се однесува на прашањето на пратеникот за кризните региони и конкретно за распределбата и на земјиштето за социјалните случаи во кризните реони исклучиво зависи од фактот дали во кризните региони постои државно слободно земјоделско земјиште, кое што не е дадено на користење. Врз основа на податоците што ги прибравме од сите подрачни служби за слободно земјоделско земјиште, заради продолжување на реформата и нејзиното диспанзирање на територијата на цела Македонија, најслаби резултати со најмал квантум односно квалитет или квантитет на земјоделско земјиште во државна сопственост, имаме точно во кризните или во западните делови на Република Македонија, заради недостигот на државно земјоделско земјиште што може да се издаде на плодоуживање. Се трудиме секое земјиште кое што ќе постои и кое ќе се утврди дека е слободно, а претставува државно земјоделско земјиште, да го дадеме на користење под условите што важат за сите. Мислам дека тоа ќе го направиме, меѓутоа условот е, реков, да постои такво земјоделско земјиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е до Министерството за локална самоуправа.

Повелете министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

ЦАРДС програмата за локална инфраструктура во Република Македонија е менаџирана од Европската агенција за реконструкција, а од страна на Владата во име на Република Македонија е задолжено Министерството за локална самоуправа.

Би сакал да истакнам дека оваа програма се спроведува според еден централизиран систем, што значи дека сите постапки се однесуваат врз основа на правилата на ЕУ и се реализираат од страна на службите на Европската агенција за реконструкција со седиште во Скопје. Владата односно во овој случај Министерството за локална самоуправа учествува во тој процес преку управен комитет и со еден свој претставник во Комисијата за проценка на понудите и за изведување на работите формирана од страна на Европската агенција.

Програмата ЦАРДС ја спроведува проектна единица финансирана од страна на Европската агенција и исто така Министерството има увид во целокупната документација и работа на проектната единица. И во одредени случаи се јавува како потписник на одредени проекти. Врз основа на ваквите правила утврдени во Договорот меѓу Република Македонија и Европската агенција за реконструкција ЦАРДС програмата за 2003 и за 2004 година е спроведена врз еден транспарентен процес и Управниот комитет усвои проекти кои се прелиминарно одобрени и се врши увид на лице место. Програмата ЦАРДС ја определува врз основа на таканаречени статистички реони и за оваа година врз основа на целокупниот систем на бодирање и програмата за статистичкиот регион Тетово се определени или прелиминарно се одобрени во делот за општините Вратница, Џепчиште, Тетово, Неготино, Полошко, Боговиње, во партнерство со Камењане и во тој дел е околу целокупниот износ 2 милиони 125 илјади евра.

Што се однесува конкретно на прашањето на почитуваниот пратеник за општината Теарци, точно е дека општината Теарце аплицираше за проширување и реконструкција на водоснабдителните системи за село Доброште. Проектот е анализиран, но не е влезен во приоритетниот дел од една причина. Во критериумите за определување одреден намален број на поени добиваа општините, кои добија во претходниот период односно од ЦАРДС  програмата 2002 година. Општината Теарце доби проект и значителен износ на средства кои се реализираат од ЦАРДС 2002,  а ЦАРДС 2003 и 2004 година кои се одобрени, се доделени на општините кои

ги исполнуваат во поголем дел врз основа на одредени приоритети. Сметам дека распределбата е транспарентна и јавна врз основа на правилата на ЕУ.

Што значи, конкретно, на последното негово прашање во овој дел нема можност за да се конкурира со овој проект за ЦАРДС 2004 година. Доколку продолжи аранжманот, нема никаков проблем за ЦАРДС 2005 да конкурира овој проект и да добие одредени свои бодови врз основа на програмата, а додека Владата и во делот на Европската комисија за програмата ЦАРДС се преговараат и за наредниот период и правилата за нивно менаџирање и реализирање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаме време уште 10 минути, но би ве молел во рамкит ена 10 минути госпоѓо Силвана Бонева, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам претседателе,

Првото мое прашање го поставувам на претставниците на Владата на Република Македонија, бидејќи најскапото нешто на светскиот пазар е високоинтелектуалниот труд, а во Република Македонија во рамките на 400 илјади невработени имаме 13 доктори на науки и 88 магистри, во кои што државата вложила огромни средства, а тие се без работа, не се ангажирани. Гледајќи ја незаинтересираноста на Владата за нивно ангажирање во развојот на сопствената држава, ги принудуваат да се исселат од државата, за да можат да си обезбедат достојна егистенција.

Моето прашање е до Владата, тргнувајќи од тоа дали воопшто Владата има некаква стратегија против нивното иселување и против иселувањето на другите граѓани од Република Македонија, кои принудени да бараат егзистенција се иселуваат во странство.

Дали Владата има воопшто некаква стратегија за вработувње на скоро 400 илјади невработени во Република Македонија, бидејќи гледаме дека еве не можат да се вработат 101 доктор на науки и магистри, а камо ли пак луѓето да имат верба другите да бидат вработени што немаат соодветен степен на образование или дали

воопшто се има стратегија барем за вработување на овие 100 луѓе. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е упатено до Владата на Република Македонија и се однесува на проблемот во Македонски железници, дали Владата смета да ги остави и понатаму во агонија вработените во ова големо јавно претпријатие, бидејќи цела година на назад тие се во најави за штрајк или пак вработените се во штрајк. Сега, во моментов, тие штрајкуваат и од страна на директорот овој штрајк е прогласен за нелегитимен, а се работи за скоро 400 илјади вработени, кои подолго време се без плата.

Значи, прашањето е дали Владата планира да го реши проблемот во Македонски железници, бидејќи впрочем тоа беше предизборно ваше ветување.

Третото прашање е повторно упатено до Владата на Република Македонија. На 3.12.2003 година Владата потпиша договор со Светската корпорација Мајкрософт за користење на лиценциран софтвер за државната администрација, со цел да се легализираат постојните софтвери односно паќети на Мајкрсофт и да се намали пиратеријата во државата. Се склучи овој договор, за кој што однапред се знаеше дека најголемата директна полза ќе ја има главниот партнер на Мајкрсофт во Република Македонија, фирмата СЕМОС, со која што сопругата на г-динот премиер Црвенковски има третина од акциите. Вкупно за лиценцираните софтфери на Мајкрсофт Република Македонија како држава треба да му исплати 3,9 милиони долари. Од овие пари за консултативни услуги на СЕМОС и уште на една фирма блиска на неа, ќе се исплатат милион и 229 илјади долари. А, повторно ќе напомнам дека можеше Република Македонија да користи софтвер кој што е слободен и кој што речиси е бесплатен за државата. Одговорот на вицепремиерката Шеќеринска во однос на консултативните услуги кои што фирмата СЕМОС ќе ги дава беше за тоа дека тие не одлучуваат, туку корпорацијата Мајкрсофт, меѓутоа, граѓаните на Република Македонија доволно им е јасно ако премиерот го потпишува договорот, а директна полза од одговорот има фирмата каде што неговата сопруга има третина од акциите, значи дека тие добро знаат зошто е потпишан тој договор и што е по среди на тоа. Јас уште на оваа тема поставив пратеничко прашање во октомври месец и пред да се потпише овој договор, со цел да обрнам внимание на штетните последици од овој договор и на широко ги образложив последиците, кои што сметав дека ќе настанат и во областа на образованието и во областа на одбраната, дури и на монополската поставеност на Мајкрсофт што ќе биде на пазарот на Република Македонија и за ќарот, нормално, што ќе го има СЕМОС. Меѓутоа, тогаш од страна

на потпретседателката на Владата, ова мое кажување беше окарактеризирано дека создавам непотребен сомнеж, дури би рекла параноја. Тоа е цитат од кажувањето на г-ѓицата Шеќеринска.

Сега, сакам моето прашање до Владата на премиерот Црвенковски е дали и Антикорупциската комисија ја зафатил непотребен сомнеж и параноја кога оцени пред два дена дека договорот што го потпиша Владата со Мајкрософт е спроведен со нејавна постапка, без јавен тендер и без почитување на Законот за јавни набавки.

Понатаму, не биле земени предвид сите алтернативи за користење софтвери од други производители, овде станува збор за слободните софтвери кои што се речиси бесплатни, за кои што јас зборувам конкретно за лимит системот. Понатаму, ефектно и директно се создава ,монопол во Република Македонија, тоа е оценка на Антикорупциската корупција. Комисијата смета дека Влдата влегува во долгорочна лиценцна зависност од Мајкрсофт.

Понатаму, Владата го потпишала договорот без јасна стратегија за натамошна ориентација за развој на информатичката технологија во државните институции, како и за развојот на домашните компании од оваа свера, за кои што исто така зборував. Значи, речиси за се што тогаш искажав сомнеж уште пред потпишувањето на договорот и после тоа, после потпишувањето на договорот, тоа го потврди и Антикорупциската комисија. Во прилог на тоа и во прилог на наметнувањето на монополската позиција на Мајкрсофт, не само во Република Македонија, туку и во цела Европа е и најновата одлука на Европската комисија, која што со парична казна од 497 милиони евра парично го казнува Мајкрсофт заради злоупотреба на доминантната позиција на пазарот и неговото нелегално однесување. Во прилог на тоа тие велат дека ваквата злоупотреба ги кочи иновациите и му штетат на процесот на конкурентност и на муштериите, кои на крајот имаат помал избор и се соочуваат со повисоки цени. тоа го вели комесарот за конкурентност на ЕУ Марио Монти. Сега, нашата Влада со потпишувањето на ваков договор е соучесник во градењето на ваквата монополистичка позиција на Мајкрософт на Европскиот пазар.

Повторно, ќе ја прашам Владата, дали и Антикорупциската комисија ја зафати непотребен сомнеш и параноја, кога велат дека сте склучиле договор штетен за Република Македонија, без да ги почитувани законите на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Сите три прашања се упатени до Владата на Република Македонија.

Првото прашање се однесуваше во врска со одлив на мозоци и 106 невработени доктори на науки.

Ќе одговори заменикот министер за образование.

Повелете г-дине Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Благодарам.

Почитуваната пратеничка даде една статистичка бројка дека во вкупната бројка на невработени во Република Македонија околу 13 доктори на науки и околу 82 магистри бараат работа односно се на Бирото за вработување, би требало да има подетална анализа за профилот на тие кадри од која област, научна област се. Се поставува прашањето каде тие бараат ангажман. Претпоставувам дека доколку станува збор за ангажман во високото образование, тогаш може да потенцирам дека Владата  односно Министерството за образование и наука има стратегија за континуирано и постепено ангажирање на овие луѓе во високообразовниот процес во Република Македонија и уште повеќе стратегија во научниот ангажман преку научните институти односно во научно истражувачката работа. Дека ова не е само декларативно искажано, можат да се погледнат и реалните податоци за 2003 година, кога неколку интервенции кои што ќе ги објаснам, ангажиравме околу 152 нови научноистражувачките кадри во високото образование, дали во научните институти и тоа преку измените на законот за високообразование, преку кои што повторно се воведе категоријата помлад асистент и околу 75 научно истражувачки кадри кои имаат наслов помлад асистент, но не беа во редовен работен однос, го добија тоа звање и преку соработка со министерството за финансии во кое што се најде на слух да се прекине негативниот тренд, кој што од 2000 до 2002 година, постоеше со пензионирање на секој редовен професор, да се направи проста репродукција, да се добие согласност за вработување. Министерството за образование и наука при добивање на таа согласност ги консултираа високообразовните институции. Дали имаат потреба за вработување на професор, доколку постои таков кадар со научна титула доктор или за помлад асистент и асистент. Што значи дека доколку се создава простор преку природен простор за ангажман на овие луѓе. Но, се поставува прашање, навистина, за профилот односно до која област ги стекнале своите научни титули. Се разбира, дека во наредниот период ќе се поведе грижа Република Македонија не може да си го дозволи луксузот при вложување за наобразба, за едукација на такви кадри да не се најде соодветно место, ангажман во високотообразование или во науката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали  пратеникот е задоволен од одговорот?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Не можам да бидам задоволна, г-дине претседателе, бидејќи јас прашував за стратегијата за иднина што ја има Владата за вработување на овие невработени доктори и магистри и кога тие ќе го почувствуваат ангажманот на Владата, со тоа што ќе бидат вработени.

Дали Владата има конкретна стратегија со рокови утврдени кога овие луѓе ќе бидат ангажирани и за останатиот дел на невработените во Република Македонија.Тоа ми беше прашањето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е како дополнително прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Па, појаснување, тоа и претходно го кажав.

Повелете Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Па, јас што туку ја објаснив стратегијата. Не постои друг начин во овој амбиент во овие услови да се создаваат нови работни места. Станува збор за мала бројка, за огромен потенцијал, кој што го нуди високото образование односно научноистражувачката работа и се надевам дека за скоро време тие луѓе ќе најдат соодветен работен ангажман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање беше упатено, исто така, до Владата на Република Македонија. Тоа беше во врска со Македонски железници, а ќе одговори заменик министеот за транспорт и врски.

Повелете.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Јас сум мошне задоволен што претставник на опозицијата го постави прашањето за Македонски железници. За жал, на последните седници посветени на пратенички прашања не се поставуваше тоа прашање, што се однесува до државната инфра структура .

Бидејќи г-ѓата партеник спомена што прави Владата со агонијата на МЖ, јас ќе бидам мошне краток, бидејќи поширока елаборација ќе имам кога ќе дојде законот за

железници на дневен ред. Во 2002 година во ноември месец има матрица на МЖ предложена од Светска банка од претходното раководство и Министерството за транпорт и врски, која изгледаше вака: Светска банка - 2700 луѓе да излезат веднаш, Министерството за транспорт и врски - три пати по 900 луѓе да излезат веднаш, како што спомнува г-ѓата пратеник без никаква стратегија за надминување на долговите на МЖ кон странство и без решение како МЖ да се трансформираат и да станат компанија која може да се прилагоди на новите железнички услови во Европа.

Министерството за транспорт и врски во ноември 2002 година ја создава матрицата која е прифатена од Светската банка и изработена според сите меѓународни финански и економски методологии. Матрицата изгледа вака: 900 вработени кои по сите студии се дефинирани како критична маса на превработеност во МЖ да се отпуштат од МЖ. Значи веќе во старт имаме разлика од 1800 вработени кои без никакви анализи беа предложени дека треба да се отпуштат.

Второ, Министерството за транспорт и врски, заедно со раководството на МЖ, постигна еден договор во Париз каде се отпишани 51% од странските долгови од МЖ, така што долгот е намален околу 47 милиони евра на 22 милиони евра.

Направен е акциониот план во соработка со Светската банка и со домашните експерти. Од домашните експерти би го посочил г. Андреев кој беше 20 години директор на МЖ и 20 години помошник министер, заменик министер во делот на железничката инфраструктура.

Што се однесува до акциониот план, во последната мисија на 14 февруари 2004 година, по завршувањето на мисијата во февруари 2004 година оценката од Светска банка е дека 90% од акциониот план, кој беше предвиден во 2003 година, е исполнет, но останаа три клучни точки од акциониот план, и тоа: Законот за железници, социјалниот пакет и правноформалното развивање на железницата на двете нови компании Јавно претпријатие - инфраструктура и акционерско друштво Транспорт.

Што се однесува до Законот, Законот по прв пат е работен по Меѓународната и Европската методологија, четири пати е филтриран во соработка со Светската банка, европските директиви и меѓуресорно во Владата на Република Македонија . Финалната верзија на Законот ја направивме и таа во текот на наредните 7 дена ќе влезе во Владина процедура, а со тоа Министерството за транспорт и врски ќе ја исполни својата задача што ја доби преку Програмата на Владата за 2004 година во април месец да влезе во владина процедура Законот за железници.

Заради информација на г. пратеник, разработката на новиот закон за железници беше максимално транспарентна од аспект на тоа што синдикатите и тоа како државниот синдикат на железничарите на Македонија и сите 6 независни синдикати беа вклучени со свои забелешки . За да не биде тоа политичка демагогија како за законот така и за социјалниот пакет од синдикатите се бараше написмено печат и потпис за да нема политичка демагогија дека некој само условно е консултиран. Значи во подготовката на текстот на законот се инволвирани сите субјекти кои се поврзани со делокругот кој го покрива законот за железници.

Што се однесува до социјалниот пакет, Министерството за транспорт и врски врз основа на добрата соработка со Светската банка, имаше директна соработка со социјалните експерти на Светската банка во детерминирање на клучните точки на социјалниот пакет. Контурата на социјалниот пакет е направена, останува да се дефинира само врз основа на финансиските и останатите можности, врз основа на што е договорено да се формира Управен комитет кој ќе биде на ниво на заменици минстри, за да се излезе со точно дефинирани решенија кои ќе го сочинуваат тој социјален пакет. Врз основа на тоа што за овие години од денот кога новото раководство и Миинстерството за транспорт и врски, односно Владата на Република Македонија ја презема обврската да спроведе трансформација на МЖ, која сега после контролната мисија од страна на Светска банка не се нарекува веќе проект за трансформација на МЖ, туку проект на реформите во МЖ, што е голем напредок во одвивањето на процесот, врз основа на позитивните активности за оваа една ипол година, по извршеното бодирање според Колективниот договор и законските критериуми се одлага објавуањето на списоците на 900 вработени кои требаше според планот да бидат објавени на 1 април, врз основа на тоа што до средината на април Управниот комитет во соработка на Светската банка ќе го донесе социјалниот пакет кој треба да биде прилагодлив кон тие 900 вработени и тогаш да се објават тие списоци.

Тоа е во кратки црти она што оваа Влада го има изработено во делот на трансформацијата на МЖ или како што кажа г-ѓата пратеник, излез од агонијата на МЖ.

Што се однесува до финансискиот дел, оваа Влада не должи ниедна плата. Меѓутоа, има обврска да го дополни доцнењето на двете плати кои поранешната Влада им ги должи на железниците од моментот кога е пуштен нафтоводот во Солун. Во моментот кога е пуштен првиот литар на нафтата, 60% од профитот на МЖ опадна истиот момент. Се работи за двете плати кои беа изгубени во моментот

кога е пуштен нафтоводот. Секако дека Владата ги има тие обврски и согласно можностите се трудиме да ги надоместиме и тие две плати.

Што се однесува до штрајкот кој се одвива во моментов, сметам на искуството и на разбирливоста на вработените во МЖ и дека ќе го прекинат штрајкот од причина што беа многу изманипулирани пред два дена. Имено, тие имаа директна средба кај нас во Министерството. А што се однесува до независните синдикати, за кои сметам дека е заинтересирана г-ѓата пратеник за нашата соработка со независните синдикати, тие имаат отворена комуникација со Министерството за транспорт и врски. По завршувањето на разговорите во вторник, откако направивме преглед кој во рамките на својот делокруг ги има извршено обврските, во 20, 30 часот, веројатно под некои притисоци за кои сега не е момент да се зборува, донесуваат одлука за генерален штрајк. Значи моментот кога е пуштен нафтоводот изгубија 60% од профитот МЖ, независните синдикати не најдоа за потребно да направат генерален штрајк. Во моментот кога решенијата за излез од агонијата се на виделина, и тоа не само што се на виделина затоа што ние сметаме така, туку и тие имаат директно учество во тоа, донесуваат одлука за генерален штрајк, што секако ќе биде на нивна штета. Сметам дека тие ќе ги земат предвид овие работи, а ние сме од вчера во контакт со нив, врз основа на овие аспекти со кои сега ги запознав и пратениците и сметам дека генералниот штрајк ќе се прекине. Ние сме на добар пат да го најдеме излезот од агонијата на МЖ.

Да завршам со уште една работа, бидејќи имаше шпекулации во јавноста дека моделот на трансформација на МЖ кој го спроведува оваа Влада никаде нема дадено резултати, што значи дека е промашен модел. Задоволство ми е да кажам дека ние не измислувавме топла вода или некој нов модел за трансформација, туку моделот за трансформација го избравме според сличните железници од нашето опкружување. Моделот на трансформацијата на словенечките, хрватските и српските железничи, кои заедно со македонските железници беа дел на ист систем, е идентичен комплетно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ова беше исцрпен одговор. Дали пратеничката Силвана Бонева е задоволна од одговорот?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Само една реченица ќе кажам. Мислам дека е обврска на Владата да го намалува бројот на невработени во државата, да се грижи за тоа, а не да се

зголемува и се надевам дека штрајкот нема да биде искористен да се затвораат синдикалците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање исто така е упатено до Владата на Република Македонија во врска со МИЦРОСОФТ лиценците, а ќе одговори г. министер за одбрана Владо Бучковски во името на Владата.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Ќе се обидам да одговорам  што покусо во интерес на времето затоа што ако говориме за основаните сомневања и кој колку е параноичен, ќе ни треба многу време. Затоа, ќе се држам само да фактите.

Борбата против пиратеријата, почитувањето на интелектуалната сопственост, владеењето на правото, заштитата на правата на авторите беше водечкиот принцип зошто Владата пристапи кон регулирање на една материја во момент кога 97% од владините институции го користеа софтверот и програмите на МИЦРОСОФТ и ова е постапка на легализација на затекнатата состојба. Никако не станува збор за јавна набавка. Тоа е оправдувањето зошто немало јавен тендер. Дали ќе докажуваме во постапка како Влада откако ќе го добиеме заклучокот на Антикорупциската комисија, дали станува збор за монополска позиција или не, прво би одговорил дека за антимонополската положба на државата, во една држава кога има институции се грижи една друга институција, а тоа е Антимонополската управа и може врз основа на заклучоците од Антикорупциската комисија Владата ќе побара мислење од Анткмонополската управа, затоа што спориме и тврдиме дека не станува збор за спречување на пазарот да влезат и слободни софтери за кои пледираше пратеничката Бонева.

Исто така, околу стратегијата и дали имаше стратегија за развој на информатичката технологија - има, може да се види, таа е достапна и е како стратегија која ја има Владата.

И послендото, затоа што беше нов податок изнесен во споредба со претходното прашање, договорот не го потпиша г. Црвенковски, туку со овластување на Владата го потпиша заменик претседателот на Владата со знаење на сите членови на Владата кои го дадоа тоа овластување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Не, не можам да бидам задоволна од одговорот. Очигледно е дека ова беше договор во четири очи, очигледно е дека немаше тендер . Јасно е тоа што го кажува Антикорупциската комисија и се надевам дека постапката нема да се покрие како да не била и дека Антикорупциската комисија ќе биде на ниво на задачата која ја имаат дадено граѓаните на Република Македонија и дека конечно ќе излезе на виделина кој е тој што го има конечниот ќар со вакиот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Со тоа ја завршуваме оваа денешна сесија на поставување на пратенички прашања и ја заклучува 54-тата седница на Собранието на Република Македонија .

Утре во 10,00 часот почнуваме со нова седница.

(Седницата заврши во 17,15 часот).